б) во несигурните, пост-конфликтни или од криминал зафатени средини, обично е потребно значајно учество од страна на заедницата за да се смени однесувањето кое се има создадено и одржувано од страна на горенаведените услови. Ова може да биде од причина што на јавноста и недостасува доверба во државните иснтитуции и медиуми, или пак длабоко всадените стравови од повторно запчнат конфликт се сеуште присатни. Но било која да е причината, програмата за ширење на свеста за МОЛО која се соочува со ови услови треба да да вложи големи напори за да ги дополни активностите превземени од страна на медумите/владата со активности засновани врз заедницата;

в) вообичаеното присаство на воено оружје и експлозиви во заедниците бара цврст елемент на едукација за опасностите оф МОЛО во било која програма за ширење на свеста за МОЛО. Како форма на комуникација за промена на однесувањето, дизајнирана да го промовира прифаќањето на побезбеден однос, Едукацијата за Опасностите од МОЛО бара значаен степен на засилена и интерактивна комуникацдија во заедницата доколку сака да ја постигне зацртаната цел.

### 2.4.1 План за побезбедна заедница

Клучната форма за активноста заснована врз заедницата препорачана од страна на САСП ис Планот за Побезбедна Заедница.[16] Планот за Побезбедна Заедница (ППЗ) е метод дизаниран да ги стави потребите и приоритетите на засегнатата заедница во центарот на планирањето, имплементацијата и мониторингот на контролата на МОЛО. ППЗ е средство дизајнирано да:

а) помага на активистите на програмата во нивната тешка задача на собирање информации за МОЛО на ниво на заедницата;

б) најде извори на локална експертиза која би можела да се употреби за подоба анализа на собраните информации; и

в) ги вјлучи самите заедници во одлуки за мерки за контрола на МОЛО.

Моделот на ППЗ се базира врз основа наи информации помеѓу активистите на програмот и заедницата, како и внатре во самата заедница. На овој начин собирањето на информации е помош која им помага на активистите во клучните работи што се однесуваат на моделите на однесување во засегнатите заедници како и за ефектите на трговијата и злоупотребата на МОЛО на локално ниво. Вклученоста на заедницата потоа помага да открие како и зошто луѓето се однесуваат како што се однесуваат (н.пр. одредени функции на оружјето внатре во заедницата, економските фактори, безбедносната засегнатост, социалниот притисок, традицијата итн.). Заедниците можат следствено да се вклучат во процесот на донесување на одлуки во врска со мерките за можна контрола на МОЛО во нивните заедници (н.пр. уќество во ВЕД или зони без оружјеј). На овој начин мерките за контрола на МОЛО стануваат инклузивни, фокусирани на заедницата и обезбедуваат максимална вклученост на сите сектори на заедницата. Додека се постигне тоа да се елиминира опасноста од МОЛО, заедниците се исто така вклучени во развојот на специфични привремени стратегии за безбедност, промовирајќи индивидуална и заедничка промена на однесувањето. ППЗ е подетално објаснет во Секција 7.1.

## 2.5 Безбедносни прашања и должноста за грижа

Со превземањето на работата на ширење на свеста за МОЛО, програмскуте управители и нивните активисти на теренот ја превземаат врз себе должноста да се грижатѝ кон целните групи, активистите на програмата (види под Секција 3.7.7) и планираните корисници. Програмите мораат да се развиваат на таков начин што се промовираат безбедни однесувања и се минимизираат ризиците од можни жртви. Што се однесува на двете сценарија детално испитани од страна на САСП, должноста за грижа може да се сумаризира на следниот начин:

- **Самостојна Едукација за Опасностите:** Должноста за грижа се состои од Дутѕ оф царе цонсистс ин од дизајнирање на наставата за Едукација за Опасностите од МОЛО која коректнно ќе ги информира луѓето за познатите опасности поврзани со МОЛОИ, како и за однесувањата кои би ги намалиле можностите од овие опасности (безбедни видови на однесување за МОЛО),

[16] Концептот е усвоен од ‘Safer Village Plan’ пронајден во Mine Awareness, пример кој може да се најде на http://www.icrc.org/Web/Eng/siteeng0.nsf/iwpList543/5132954BCB164C14C1256B66005E7F86. Иако методите во Свест за Мини и МЛО Свест ке бидат слични, Планот за Побезбедна Заедница кој се стреми да ги олесни проблемите со МЛО, ке биде значајно различен од оние кои се дизајнирани да ги олеснуваат проблемите од Мини, затоа што МЛО ги прифаќа социјалните улоги и функции на начин на кој Миниите не можат.

како и во безбедната и ефективна имплементација на програмата за ќирење на свеста. Информацијата врз која се заснива наставата ќе се базира делумно врз универзално важечките пракси за ракување и складирање на МОЛО[17] (н.пр. никогаш не складирај наполнето оружје во домот), и делумно врз основа на информациите присобрани во заедницата и земјата за која станува збор а ви смислана жртвите од МОЛО (види под Секција 3). [18]

- **Ширењето на свеста за МОЛО како подршка на микро-разоружувањето:** Должноста за грижа се состои од ефективна промоција на безбедно однесување пред и за време на имплементацијата на програмите, со цел минимизирање на опасностите од жртви во групите за кои се смета дека ракуваат со оружје, муниција или експлозиви, или пак трпат последици од било која злоупотреба.

Собирањето на МОЛО од цивилната популација е инхерентно опасен потфат. До денешен ден, програми за собирање на МОЛО се имаат одвивано во многу земји, при Што значаен и непотребен број на жртви се имаат регистрирано како помеѓу цивилите, така и меѓу активистите. Всушност, многу малку собирања на МОЛО во светот се имаат одвивано без појава на жртви. Во секој случај несреќите се имаат случено било поради нестручната постапка со оружјето, муницијата или експлозивот кои биле безбедни за транспортѝ, или пак поради поместување на небезбедни предмети. Шансите за такви несреќи мораат да се минимизираат преку дистрибуција на соодветни пораки во материалите за ширење на свеста за процедурата на постапката и неупотреба на слики кои прикажуваат, или пак охрабруваат, небезбедни постапки.[19]

**Бокс 5: Едукација за Опасноста за време на Собирање на МОЛО - два пристапа**

Со исклучок на интервенцијата за собирање на МОЛО во Албаниа одвивана од 1999 до 2002 и во Косово во 2003 година, ниту една друга акција за собирање оружје во светот се нема одвивано без цивилни жртви.Во Босна и Херцеговина, во 2003, еден човек загина а друг е пвреден, додека предаваа не-експлодирани топовски гранати (УЦО) на СФОР. Експлозијата се случи на портите на СФОР додека двајцата ги носеа кутиите со УЦО. Можноста да јавноста ги поместува несигурните експлозиви и муниции за време на амнестијата се смета како најголема загриженост. Програмските Управители ја имаат таа дискреција да решат како да ја одвиваат својата должност да се грижат, но досега во ЈИЕ се употребуваа најмалку два приода. За време на собирањето на оружјето под управа на КФОР во Косово, населението беше информирано прекс постери и СЈИ, известувахќи ги дека поместувањето на експлозиви е најстрого забрането. На јавноста и беа понудени посебни телефонски броеви за да пријават такви предмети. Иако таквата метода има предност во минимизирањето на можностите дека нестабилните предмети ќе бидат поместени, тоа воедно го компромитира анонимноста на сопственикот оружјето, како и може да резултира со намалена стапка на предавање на оружје. Имајќи го ова на ум, СЕЕСАЦ сугерира алтернатива - дистрибуција на безбедносни картичкий до цивилното население, предупредувајќи ја јавноста , но не забранувајќи им да ги поместат сомнителните предмети.

За време на пишувањето на овој материјал, претходните програми за ширење на свеста за МОЛО во ЈИЕ употребуваа материјали кои можеби ненамерно охрабруваа небезбедно однесување. Детали на кои треба да се обрне внимание вклучуваат фотографии, филмови и слики кои опишуваат или охрабруваат:

- Ракување со оружјето од страна на децата.
- Отфрлање на МОЛО од страна на возрасните, наместо безбедно предавање на оружјето на легалните пунктови за собирање.
- Небезбедна вештина на ракување на активистите за собирање (н.пр. нишанење со цевката кон луѓето или пак оставање на оружјето на земја и без надзор.)
- Слободни и/или помешани делови на муниција и експлозиви собрани на едно место.
- Сцени во кои гледачот гледа во цевката на пиштолот, како до е вперен во него/неа.

[17] Иако постои сет на однесувања за МЛО рајување и складирање кои треба да се усвојат без оглед на локацијата и културата ( како што е дадено во примерот), целните групи, локалниот контекст и културата ке ја одреди то ната форма на пораките кои се употребуваат за пренесување на овие клу ни однесувања. Како и да е, Едукацијата за Опасностите од МЛО се состои од многу повеке од пренесување пораки за Ракување и Складирање на МЛО, како што е објаснето подолу.

[18] Погледни во поглавјето 5.1 за примери што се однесуваат на програмата за Едукација за Опасностите од МЛО.

[19] Погледни во SEESAC Safety Cards во ЦД-Ромот на ППМО за процедури за ракување со намален ризик



- Необезбедени пунктови за собирање, лоцирани близу до јавни објекти или пак места каде што публиката се собира околу собраните средства.
- Пушење во близина на експлозивите.

### 2.5.1 Де-конфликтирање на Едукацијата за Опасноста од МОЛО и Подршката за МОЛО

Разбирливо е дека програмата за Едукација за Опасноста од МОЛО, доколку е несоодветно дизајнирана, би можела да резултира во тоа да целните групи бидат помалку наклонети кон предавање на своето оружје за време на амнестијата за оружје. Ова би се случило поради то што Едукацијата за Опасност која тие ја имаат примено е успешна до таа мерка да тие се снебиваат да го предадат оружјето, но воедно неуспешна бидејќи тие се сега премногу заплашени да ги однесат истите до пунктовите за собирање. Ова секако ќе ги подрие напорите за микро-разоружување таму каде што целите за постигање на програмските објективи требало да се постигнат (н.пр. регистрација или собирање на МОЛО). Во земјите со висок степен на нелегална трговија со МОЛО мора да се воспостави така да дневните несрешни случаи се намалат, но микро-разоружувањето сепак останува возможно. За да се разреши оваа дихотомија, сите програми за Едукација за Опасностите кои целат кон возрасните, мораат да стават акцент врз следните точки додека ги едуцираат целните групи во врска со постапката на ракување и складирање на МОЛО.

а) експлосивите, нелегални и/или воените оружја и амуниција всушност не се никогасш безбедни. Муницијата и експлозивите се целосно нестабилни и лесно загубливи/украдливи. Нивната нестабилноста расте со тек на времето како и поради сиромашниот начин на складирање. Спнтаното палење и експлозија е честа појава. Нелегалните оружја се чести причини за повреда на деца.Од причина што се неконтролирани и лесни за крадење и пратење тие се главното средство за оружано насилство и тероризам;

б) постапката за нивно ракување и складирање е опасна. Се додека не се укаже можноста за амнестија со цел дефинитивно да се елиминира оваа опасност, единствена работа што е можна е да се намали опасноста што овие оружја ја претставуваат и тоа преку нивно складирање на одредени начини, како и осигурување да другите, посебно децата, никогаш нема да дојдат во контакт со нив.[20] Дотогаш, МОЛО не смеат никогаш да се отфрлат на јавни места, поради опасноста што тие би ја претпоставувале за другите, посебно децата.

Предавана на овој начин, наставата за Едукацијата за Опасноста од МОЛО не е во контрадикција со пораките за Подршка на МОЛО кои би биле пренесени како подршка на иницијативите за собирање и регистрација на оружјето. (види Секција 5 за примери на пораки).

### 2.5.2 Спречување на конфликтот помеѓу Свеста за ширењето на МОЛО и Едукацијата за опасностите од Мините

Бидејќи сите дефиниции на МОЛО кои се во оптек ги вклучуваат и мините, постои природно преклопување помеѓу ширењето на свеста за МОЛО и едукацијата за опасноста од мините (ЕОМ - исто така позната и како ширење на свеста за опасноста од мините), иако ЕОМ се бави со скриенитеј опасности, додека пак МОЛО можат да бидат и скриени и видливи. Во некои случаи, ЕОМ програмите всушност имаат одбрано да вклучат пораки за опасностите од МОЛО како дел од нивната настава, бидејќи за време на прибирањето на информации за мините стана јасно дека МОЛО претставува слична закана.Ова го демонстрита природното преклопување помеѓу двете сфери како и потребата за координирани решенија. Следниот пример е позајмен од искуството на МКЦК во Ирак.

[20] Погледни во долунаведениот прирачник за Складирање и Ракување со Намален Ризик за пораките кои следат

**Бокс 6: Исечок од ERW curriculum на МКЦК во Ирак**

- Konfliktet e tanishme pwrdorin njw sasi tepwr tw madhe tw llojeve tw ndryshme tw AVAL tw cilat gjatw dhjetwvjeshit tw fundit shenuan ngirtje nw shitje, prodhim dhe posedimn nw duart e individeve dhe grupeve jo-ushtarake.
- AVAL mund lehtw tw blehen, mshefen, barten dhe pwrdoren dhe ato kanw rezultuar nw njw numwr tw shtuar tw incidenteve nw periudhen post-konfliktuale.
- Nwse vweren AVAL nw ndonjw ish pozicion ushtarak, mos u afro ngatw atij lokacione, paralajmwro tw tjerwt dhe raporto tw autoritetet.
- Asnjwherw mos tubo dhe mos prek AVAL qw janw lwnw nw pozita ushtarake, Nw pwrgjithwsi, AVAL, ngjajshwm me ERW, mund tw jet jostabile dhe e pasigurt dhe tw shkakton incidente. Gjithashtu wshtw e mendshme qw tw wshtw lwnw me qellim nga palet nw kufim dhe mund tw jen tw minuara.
- Pwr prinderit: mos lejoni femijet tuaj qw tw grumbullojnw AVAL apo tw lozin nw afersi tw AVAL.

**Pikat kyqe:**

- AVAL tw lwna pas jan jashtwzakonisht tw rrezikshme pwr shkakt tw mundesive tw shumta tw rrezikut.
- AVAL mund tw jet i rethuar nga mina apo bomba-kurtha.
- Mos ju afro AVAL dhe ndaloj tjerwt qw tw afrohen,
- Gjurmimi pwr tw zbuluar pasuri me AVAL mund shum lehtw tw perfundon ne aksident.

Ова овозможува придобивка но и опасност за програмата за МОЛО, бидејќи може да дојде до конфликт помеѓу постоечките или идните ЕОМ програми и програмите за ширење на свеста за МОЛО. Опасноста е во тоа што успешните програми за подршка на акциите за МОЛО кои охрабруваат ниско-ризично ракување со оружје, муниција и експлозиви можат да предизвикаат конфликт со наставата за ЕОМ програмата и ги спречат позитивните промени во знаењето / перцепцијата / однесувањето на целната група со обзир кон ЕОМ. Најочигледниот пример е можноста да собирањето на МОЛО да предизвика обид за предавање на мини, UXO или други ЕОМ од страна на граѓаните.

**Бокс 7: Пример на конфликт помеѓу микро-разоружување и акција за деминирање, Република Хрватска**

За време на инаку успешните акции за предавање на оружјето организирани во Република Хрватска за време на ѝ 90-ите, имаше ненамерни последици кои вклучуваа обиди од страна на необучени граѓани да деминираат делови од минските полиња и пренесуваат мини до собирни пунктови за МОЛО. Ова служи за да се подвлече потенцијалната контрадикција помеѓу МОЛО и деминирањето. Акциите превеземини од оваа личност не беа само опасни поради транспортот на активни мини, туку исто така од причина што шаблонот на дотогаш познатото минско поле сега е разбиен, спручувајќи така било кое рашчистување.

*Извор: Presentation by Mr Lav Kalda, formerly of the Croatian Ministry of Interior at Seminar 'Enhancing Security in the Balkans: Enacting the Stability Pact Regional Implementation Plan on Small Arms', 24-25 June 2002, co-organised by Saferworld and Bonn International Center for Conversion.*

Иако синергијата помеѓу МРЕ и Едукацијата за Опасностите од МОЛО е очигледна, важно е да се направи разлика помеѓу сржта на пораките на МРЕ (вообичаено вклучуваат 'не допириај' теми) и активностите за контрола на МОЛО, кои зависно можат да: го охрабрат предавањето на оружјето; достават мерки за безбедност до употребувачите на оружје и/или активисти за собирање на истото; ги информираат луѓето за безбеден однос кој што треба да се употребува во близина на МОЛО; и/или вклучување на засегнатите заедници во соочувањето со проблемите поврзани со МОЛО и барање на алтернативни решенија за да се подобри безбедноста во заедниците. Додека некои од активностите за контрола на МОЛО имплицираат употреба на оружјето (како на пример за употребувачите на оружјето и собирачите на истото), некои пораки за безбеден однос исто така ќе се однесуваат кон праксата не ги допирајќ (на пример, информации за безбеден однос наменети за децата).

Постоја три можни решенија за погоре опишаните конфликтите и тие треба да се следат во сите интервенции за контрола на МОЛО:

- Издавање на Безбедносни Картички за цивилното население во сите региони каде што се одвива аменстијата за оружје, со цел давање на граѓаните базични совети за кои видови на оружје, муниција и експлозиви е легитимно и мудро да се предадат, како и за кои видови е небезбедно да се ракуваат. [21]



- Употребата на термините 'оружјеѝе', 'муницијаѝ' и 'експлозивиѝ' за да се направи разлика помеѓу различните видови на МОЛО и се овозможи од една рака разјаснување на различни однесување кои се соодветни за оружјата и повеќето видови на муниција, како и на експлозиви/ЕРВ/мини од друга.[22]
- Воспоставување контакт со организациите кои спроведуваат активности за МРЕ за време на почетната фаза на програмата за ширење на свеста за МОЛО, така да плановите и системите ќе се стават на свое место за да спречат спротиставени пораки или активности. Погледни под дЛинкови за миние за релевантни организации.

## 2.6 Интегрирање на свеста за МОЛО со останати активности

Учејќи од искуствата на дуги подрачја, САСП ги зема предвид техничките специфичности, како и политичките, социалните и економските импликации на МОЛО. Во ситуации на трговијата со МОЛО постои растечка потреба да се откријат факторите кои стојат зад побарувачката за МОЛО и нивната злоупострeба, да се открие менталитетот и опсштествените процеси кои се кријат зад самите оручја, како и де се земат предвид решенија и алтернативи за МОЛО.

Програмите за ширење на свеста за МОЛО се само еден пример на програми за комуникациа дизајнирани да произведат позитивни општествени промени. Други примери можат да се најдат во подрачја како што се здравствена заштита (н.пр. сексуално образование, свест за опасноста од ХИВ/АИДС) и МРЕ.

Првичниот резултат на било која успешна интервенција за комуникација е зајакнатата свест на целната група во врска со зададеното прашање, што пак за возврат предизвикува барање за социални промени. Постојат безброј модели на промени на односот, но нивната заедничка цел е да покажат како зајакнувањето на свеста на личноста или заедницата овозможува начин на кој можат да се отргнат од употребата на негативно однесување и воедно се свртат кон усвојување на позитивните видови на однос.

[21] Погледни во SEESAC Safety Cards во ЦД-Ромот на ППМО

[22] Како оружје кое може да се носи од човек и кое содржи јак експлозив, Мините всу ност се вид на МЛО под сите сегашни дефиниции. Кога веќе ќе се поставaт и вооружат тие спаѓаат под категоријата ERW.

**Диаграм 3: Нацрт-план за промена на односот** [23]

| | Дефиниции | Потребни дејства |
|---|---|---|
| **Пред- свесност** | Личности/заедници кои не се свесни за проблемите со МОЛО - не се предвидува промена на однесувањето | • Да се подигне свеста за прсшањата и опасностите поврзани со МОЛО<br>• Препорачување на можни решенија (нов вид на однос и социални алтернативи) |
| **Свесност** | Веќе свесни за МОЛО, размисла за прашањата | • Мотивирање на луѓето да се менуваат преку идентификација на придобивките (лични, семејни, заеднички) како и предизвикување на размисла и дискусија<br>• Истражување како можат да се ндаминат претпоставените бариери кон промените |
| **Донесување одлуки** | Личнсоти/заедници планираат промени | • Помош за личностите /заедниците да изработат конкретни планови |
| **Промена на однесување** | Имплементација на специфични планови за акција на лична/ заедничка база | • Помош за имплементација на специфични планови<br>• Давање повратна информација<br>• Да се продолжи со охрабрување преку нагласување на придобивките |
| **Оддржување на однесување** | Пожелните однесувања се одржуваат, непожелните се напуштаат | • Помагање во елиминација на преостанатите стари навики со цел да се зајакнат новите навики социал алтернативес |

Една лекција која може да се изведе од останатите обиди да се комуницира за социални промени е таа дека е од клучна важност да се обезбеди да придобивките од било која предложена промена во однесувањето ќе биде сосема јасна на личностите или заедниците кои се цел на било која од програмите. Посебен акцент треба да се стави на оние придобивки кои ќе ги засегаат одредените целни групи, бидејќи различни луѓе различно ја перцептираат цената и придобивката на несоодветна контрола на МОЛО (стопанствениците може да бидат засегнати за перспективите за инвестиција, мајките за нивните деца). Понатамошна лекција е таа дека доколку програмата за освестување/комуникација не е интегрирана со останатите учесници и програми способни да одговорат на барањата што ја создава програмата за освестување, тогаш целните групи стануваат фрустрирани и дезилузионирани. Затоа, подигањето на свеста во заедницата за потребата од имунизација треба да биде проследена со набавка на вакцини. Таму каде што постои добра волја да се стори тоа, координираното обраќање мора да се

[23] Модифицирано од 'Communication for Behavior Change - The World Bank', 1996, од Cecilia Cabanero-Verzosa p 4 - Figure 2 и веб страната на Family Health Internationa: 'Behaviour Change, A Summary of Four Major Theories'http://www.fhi.org/en/hivaids/publications/index.htm



изведе во соработка со релевантните институции и организации, со цел изнаоѓање и имплементација на успешни решенија за трговијата и употребата на оружјето. Клучната метода препорачана од страна на САСП - Планот за Побезбедна Заедница - може да биде функнционална само доколку различни организации соработуваат за доброто на засегнатите заедници и почнат да ги решаваат проблемите со МОЛО кои се идентификувани од самите заедници.

За среќа, постои потенцијал за интегрирање на програмата за ширење на свеста за МОЛО во склоп на останатите програми за интервенции, вклучувајќи ги реформите во секторот на безбедноста, превенција на конфликти, помирување и работа на изградба на мирот, како и цел склоп на други социјални програми, како ќто се борбата против насилството и работата со младите. За очекување е да интеграцијата да резултира со неколку видови на придобивки:

а) придобивки преку кои програмите за освестување за МОЛО ќе бидат способни да надградуваат врз основа на постоечките мрежи и програмски структури;

б) За очекување е да пораките од програмите за МОЛО да бидат поцрвсто засновани доколку се вклучени и зајакнати со останати теми и активности;

в) барањето за социјални промени кои успешната програма за ширење на свеста за МОЛО ги создава помеѓу целите може ефективно да се ориентира кон социјални програми кои овозможуваат средство за неспосредан промена.

(Неисцрпната) типологија на решенија и алтернативи е прикажана во следната табела, за да ги илустрира можностите за интеграција.

**Табела 3: Типологија на решенија и алтернативи за поседување / злоупотреба на МОЛО**

| ПРИЧИНИ ЗА ПОСЕДУВАЊЕ/ ЗЛОУПОТРЕБА | МОЖНИ АЛТЕРНАТИВИ / РЕШЕНИЈА |
|---|---|
| **Економски** | |
| Легална економска активност (н.пр. лов) | • Нема потреба |
| Професионална потреба (н.пр. полиција) | |
| Намера за трговија со оружје | • Мерки за анти-трговија<br>• Овозможување на легални економски алтернативи<br>o н.пр. планови за ‘Брзо Вработување’ и други програми за развој |
| Намера да се изврши вооружено злосторство | • Мерки за спротиставување на криминалот<br>o н.пр. обука и помош на полициските сили |
| **Социјални/Културни** | |
| Спорт | • Нема потреба |
| Сувенир | • Општествени програми за промовирање на нормите за не-поседување<br>o н.пр. клубови на љубители оручје<br>o Јавни обраќања од тнр. Модни икони (н.пр. филмски звезди, поп пејачи)<br>o н.пр. групи од заедницата да истражуваат како да се биде маж без оружјей |
| Симбол на моќ /друштвено прифаќање/мода | |
| Културна придобивка | |





| ПРИЧИНИ ЗА ПОСЕДУВАЊЕ/ ЗЛОУПОТРЕБА | МОЖНИ АЛТЕРНАТИВИ / РЕШЕНИЈА |
|---|---|
| **Политички/Безбедносни** | |
| Страв од криминал/насилство | • Мерки против криминалот<br>• Општествени програми за промовирање на не-насилството и мирно разрешување на конфликтите<br>• Собирање и регистрација на оружјето |
| Меѓу-етнички тензии | • Подобрена соработка во заедницата преку обука за разрешување на конфликтите .<br>• Обука во различитост / толеранција<br>o н.пр. интервенции за превенција на насилството и мировна едукација низ училиштатата |
| Страв од конфликт (н.пр. пост-конфликтни региони) | • Превенција на конфликти<br>• Мерки за изградба на мир, доверба, и помирување<br>• Собирање и регистрација на оружјето |
| Недоверба во безбедносните сили | • Реформи во секторот на безбедноста<br>o н.пр. промоција на патролирање во заедницата<br>• Програми за промовирање на патролирање врз основа на заедницата. |
| Оружје во сопственост на поранешни борци | • Процеси на демобилизација, разоружување и реинтеграција<br>• Мерки за изградба на доверба, мир и помирување |
| Политичка борбеност | • Политички спогодби<br>o н.пр. Планот на Човиќ, Охридскиот Рамковен Договор |

Во многу случаи горенаведените решениа бараат превземање на дејства и ресурси кои ги надминуваат опсегот на програмата за ширење на свеста за МОЛО или било која друга интервенција за контрола на МОЛО. Во одредени случаи луѓето вклучени во програмат за ширење на свеста за МОЛО ќе бидат ограничени само на обезбедување на дИнформативние решенија за луѓето и заедниците (н.пр. самостојна Едукација за Опасностите). Програмата за ширење на свеста за МОЛО која нема воспоставено врски со други било поширoки интервенции за контрола на МОЛО или пак со други сектори, агенции и реформи е следствено стеснета во својата способност да задоволи било кое барање за промени. Воспоставувањето на такви врски е од одлучувачка важност од причина што посеопфатните решенија за проблемите со МОЛО ќе засегаат експертизи и ресурси од владините и меѓународните тела со цел да се имплементираат политичките, законските, економските и безбедносните реформи.

**Бокс 8: Проект за Едукација за разоружување и култура на миротѝ изведен во Албанија**

Улогата на полициските сили во пост-конлфиктните или конфликтни општсества може да трпат промени и резултираат во недоверба на заедницата, чувство на несигурност и - сходно на тоа - раширена побарувачка за оружје. Во ЈИЕ, како и во други делови на светот, (н.пр. Централна Америка) многу личности и бизниси реагираа на ваквите промени преку набавка на оружје или наем на приватни агенции за обезбедување. Во такви ситуации реформите во безбедносниот сектор и иницијативите од типот на патролирање во заедницатаѝможе да претставуваат основно доплонување кон мерките за контрола на МОЛО, бидејќи тие го подобруваат владееењето на безбедносните сили и на тој начин ја намалуваат побарувачката за МОЛО.
Еден иновативен проект, познат како Едукација за Разоружување и Култура на Мирот (ЕРКМ) се одвиваше во четири училишта во Тирана и Скадар во Албанија во периодот помеѓу Мај и Јуни 2003 Локалните НВО-а,Безбедна Албанија и Движење за Разоружвање ‘СаферАлбаниа’, се придружија кон УНДП Албанија и Директоратот за Едукација и Полиција, за да го тестираат проектот чија примарна цел беше да ги воспостави структурите за соработка помеѓу полицијата и училиштата, во напор да се подигне нивото на довербата на заедницата во полицијата. Проектот вклучуваше полицјски службеници кои го едуцираа децата за прашања кои ја засегаат нивната човечка безбедност, како што се: опасноста од МОЛО, наркотици, проституција и нелегална трговија со луѓе; улогата и одговорноста на полицијата; регулирање на сообрашајот; прашања за крвната освета и разрешување на конфликти. Употребени се различни материјали и активности, вклучувајќи дискусси во училниците, натпревари и медиумско покривање. Истражувањето за резсултатите покажа дека примерокот од 2000 деца вклучени во овој проект имаа висок степен на свест за прашањата за кои тие учеа. Извештај за проектот е на располагање и ќе им овозможи на Директоратот за Образование и на Полицијата да решат како да продолжат во иднина.ъ

*Извори: Philosophy and Principles of Community-Based Policing, a joint SEESAC/Saferworld report; and, Disarmament Education and Peace Culture Project Final Report, UNDP Albania SSSR Project, 2003.*

## 2.7 Пратење на програмскиот циклус

Секоја програмска социална интервенција може да се подели на секвенци и чекори, секоја од нив логично поврзана со другата, на овој начин градејќи врз основа на она ќто е научено. Програмата за ширење на свеста за МОЛО не треба да бидат исклучок и следните поглавја на САСП покажуваат како да се изведе логична програма за ширење на свеста за МОЛО од почетокот до крајот, употребувајќи ги концептите прикажани во секција 2. Доблестите на пратењето на програмскиот циклус се премногубројни за да се наведат целосно, но клучните предности може да се сумаризираат како:

- Спроведување на оценки за изводливост и неопходност пред да се направи обид за интервенција, овозможува изведливост и пожелност за било која предложена интервенција за ширење на свеста за МОЛО и овозможува одредување на соодветна форма.
- Исцртување на стратегија за освестување за МОЛО со јасни цели, кои засновани врз основа на потполни информации ги максимализира шансите дека комуникацијата ќе биде од значај за месните прилики како и доволно ефективна за да произведе долготрајни промени на знаењето, ставот и односот на луѓето.
- Воспоствувањето системи за набљудување и евалуација им овозможува на програмите да останат на зацртаниот курс, се адаптираат на променливите околности и ги идентификуваат лекциите што се од вредност.

3 поглавје на САСП прирачникот почнува со првата фаза на програмскиот сиклус - собирање и менацирање на информации.

**Диаграм 4: Програмски циклус**








# 3 Собирањето на информации и менаџирањето

## 3.1 Целите на собирањето на информации и податоци

Собирањето, анализата и употребата на податоци се клучни за ефикасно имплементирање на контролните активности на МОЛО, вклучувајќи ги и интервенциите за сознавање на МОЛО. Ниту една МОЛО интервенција не смее да се реализира, без притоа да се студира соддржината на која треба да се работи, од страна на персонелот на МОЛО. Треба да се соберат многу информации од различни извори од страна на персонелот, пред да се донесе заклучок за дадената ситуација. Заедничката цел на сите информации е да му овозможат на персоналот да:

а) ја разбере природата на МОЛО проблемите во секоја заедница, вклучувајќи ги тука и функциите на МОЛО за посебните групи и заканите, како и за битните врски и динамика која што треба да се земе в предвид пред да се реагира

б) врши подготовки за надгледување и вреднување на програмата, за да се гарантира транспарентност, и

в) осознае подобра слика за сите засегнати страни, со цел да се планира и подобри координацијата и соработката.

Собирањето на информации се врши на сите нивоа - национални, регионални (СЕЕ), суб-национални и на ниво на заедници. Следуваат видовите на информации кои се потребни за сознавањето на програмата на МОЛО, но тие не ги вклучуваат сите, бидејќи може да се потребни други категории за различни соддржини

## 3.2 Собирањето на информации во правец на националните иницијативи за микро-разоружување

Активистите ширење на свеста за МОЛО, кои што работат во правец на националните интервенции за микро-разоружување ке имаат пристап до в МОЛО [24] анкетатаг за да им се помогне во креирањето на програмата . Националната МОЛО анкета е опсежна на национално ниво. Нејзините цели се:

> ***"Да ја одреди, и зголеми природата на МОЛО и нејзиното влијание во регионот, државата или заедницата, со цел да се обезбедат точни податоци и информации за безбедна, ефективна и ефикасна интервенција од страна на соодветната организација."***

Севкупната анкета за МОЛО има четири дела:[25]

- **Анкета за дистрибуција на лесното оружје.** Се собираат податоци за видот, количината, поседникот, дистрибуцијата и движењето на МОЛО во државата или регионот
- **Анкета за влијанието на лесното оружје.** Се собираат податоци за влијанието на МОЛО во заедницата и економскиот и социалниот развој.
- **Анкетата за перцепцијата на лесното оружје.** Се собираат квалитативни информации за однесувањето на локалната заедница во врска со МОЛО и можните интервенции, и
- **Анкета за капацитетот на лесното оружје.** Се проценуваат државните капацитети за развој на подобрената МОЛО контрола.

[24] Идеално ова треба да биде на ниво на Национална Влада, но теоретски секој способен актер може да ги превземе овие одговорности, п.р. одбрано Национално Координативно Тело или МЛО Комисија, или НВО. Сестрани истражувања се направени во Македонија и Црна Гора. Во Албанија и Босна и Херцеговина истражувањата се земаат во предвид. Помалку сеопфатни но доста корисни студии се направени во јужна Србија, Косово и Босна и Херцеговина. Целосен пристап за извештајите од истражувањата можат да се најдат на http://www.seesac.org/reports/surveys.htm или во Комисионите Тела (во горенаведените случаји (UNDP country offices)

[25] СРМР 05.80 МЛО истражување, http://www.seesac.org/resources/current_eng.htm.



Може да се упоребат различни средства за да се изврши анкетата, како што се:

- Прашалници за домаќинствата
- Интервјуа со клучните извори на информации
- Фокус-групи
- Државните и академските податоци
- Други слични анкети кои што биле извршени порано.

Националната анкета за МОЛО е задача која продолжува. Таа треба да се изврши со поддршка на државните власти пред да започнат главните интервенции за МОЛО. Подоцна таа ќе се обнови постојано - со цел да ги рефлектира условите кои што се менуваат, во продолжението на програмата и на развојот на настаните (процесот за вреднување на МОЛО). Ова ќе им ги обезбеди потребните информации на националните планери, кои што се потребни за утврување на оперативните цели за нивните програми, и подоцна да се планираат сите контролни интервенции во МОЛО детали. Кога тоа ќе се утврди, анкетата на МОЛО ги обезбедува следните програмски менаџери за сознавање на МОЛО:

а) јасни цели на националните програми за микро-разоружување, со кои што може да се поврзе програмата ширење на свеста за МОЛО .

б) ги идентификува и промовира врските меѓу микро-разоружувањето (и поврзаните стратегии за обука за комуникации/ризик) и пошироките прашања поврзани со развојот и безбедноста, и

в) оттука го овозможува планирањето на стратегијата ширење на свеста за МОЛО, и за водич за другите Планови за побезбедни заедници

Информациите кои што се собираат како дел на анкетата за МОЛО, ќе бидат широко достапни до одговорните во доволно детална форма, за да им се овозможи да се изврши главното планирање. Во секој случај, националните анкети за МОЛО се наменети за давање на генерален (обично за целата држава) преглед, а не детални информации за состојбата во секоја заедница или село. Само репрезентативните поделби во заедниците во земјата ќе бидат проучени во детали (пр.: за време на анкетирањето во домаќинствата); како дел на националата анкета. Собирањето на дополнителни податоци може да се бара често, било од страна на релевантните заедници или соодвените институции/органи. Доколку националната анкета за МОЛО не е извршена, ќе биде потребно целосно вреднување на потребите и капацитетите, од страна на планерите на програмата ширење на свеста за МОЛО. Дури и во случаите каде што информациите за националната анкета за МОЛО се достапни, ќе биде потребно да се собираат дополнителни локални информации, со цел да се развие стратегијата за ширење на свеста за МОЛО и за понатамошната поддршка за плановите за побезбедни заедници. Видот на информации кој треба да се собира, и средствата за тоа се опишани подолу:

## 3.3 Собирањето на информации и податоци: продолжителен процес на активностите ширење на свеста за МОЛО

Собирањето на информации, анализата и употребата се врши по следните основи:

а) пред преставувањето на стратегијата за ширење на свеста за МОЛО, во форма на анкета за остварливост

б) во фазата на преставување на стратегијата: вреднувањето на капацитетот и потребите (освен ако потребните информации се обезбедени од постоечките анкети), и

в) како дел на имплементирањето на интервенциите ширење на свеста за МОЛО: Планот за побезбедни заедници





**Табела 4: Разни нивоа на собирање на податоци**

| | СТУДИЈА ЗА ОСТВАРЛИВОСТ | ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И КАПАЦИТЕТОТ | ПЛАНОТ ЗА ПОБЕЗБЕДНИ ЗАЕДНИЦИ |
|---|---|---|---|
| **Зошто?** | • За да се вреднува колку е остварливо собирањето на податоци за прашањата и штетите на МОЛО.<br>• За да се вреднува потенциалот и остварливоста на МОЛО интервенциите | • За да се разбере доколку има потреба од ширење на свеста за МОЛО.<br>• Ако има, треба да се собираат потребните информации за да се исполнат потребите на МОЛО - првиот чекор пред да се одлучи дали да се проба со МОЛО обуката за ризик или преставувањето на МОЛО.<br>• Да се види како да се интегрираат МОЛО програмите во државните стратегии. | • Да се разберат проблемите со МОЛО во посебните заедници и да се идентификуваат соодветните решенија за нив.<br>• Да се поддржат засегнатите заедници во имплементирањето наидентификуваните реагирања со цел да се подобри безбедноста на заедниците. |
| **Кои информации?** | • Генерални информации за проблемите со МОЛО, податоци за штетите.<br>• Постоечките и планираните за интервенциите со МОЛО | • Специфични информации за проблемите со МОЛО и заканите; сознанииата, однесувањето на луѓето кон МОЛО. податоци за штетите на МОЛО.<br>• Детални информации за постоечките и можните решенија/алтернативи за проблемите со МОЛО, вклучувајќи ги тука интервенциите на МОЛО кои се планирани или се во извршување и поврзаната работа за мир - првенција на конфликти | • Специфични информации за актуалните закани и проблеми од МОЛО во секоја заедница, вклучувајќи ги и штетите на МОЛО; сознаниа, перцепции, однесувања и постоечки решенија и начини за копирање; предложени МОЛО и хуманитарни интервенции; однесувања кон различни можности за предавање на оружјето |
| **Каде?** | • На национално ниво, главно со информации од активности на терен | • На национално, регионално и ниво на заедници | • Во заедниците кои се погодени |



| | СТУДИЈА ЗА ОСТВАРЛИВОСТ | ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И КАПАЦИТЕТОТ | ПЛАНОТ ЗА ПОБЕЗБЕДНИ ЗАЕДНИЦИ |
|---|---|---|---|
| **Како?** | • Дискусии и интервјуа со властите и организациите кои се загрижени; медиумите; генералните информации од програмитена теренот<br><br>Види ја методологијата употребена во делот 3.4 | • Средби на централно ниво со релевантните министерства; организации и медиуми.<br>• средби на регионално ниво со релевантните подрачни единици на министерствата и организациите.<br>• Тренирање на персоналот кој работи на терен, и кој го врши вреднувањето на заедницата.<br>• Вреднување на заедницатаво одредени села.<br>• Анализа на информациите и податоците.<br><br>Види ја методологијата употребена во делот 3.4 | • Дискусии со погодените заедници и властите.<br>• Учеснички активности, кои целат кон ризикуваните групи.<br><br>Види ја методологијата употребена во делот 3.4 |
| **Кога?** | • По идентификувањето на зголемувањето на проблемите на МОЛО од страна на властите и/или организациите | • По студијата за остварливост. | • По вреднувањето на потребите и капацитетот и анализата на информации.<br>• Следејќи ја основната анкета за сознанијата, однесувањето и практиката[26] |

Табелата подолу ги објаснува видовите на информациите кои планерите на програмата на ширење на свеста за МОЛО мора да ги соберат за време на вреднувањето на потребите и капацитетите во секоја програма. Потребите на информациите ќе варираат во зависност од тоа дали програмата за ширење на свеста за МОЛО ќе биде едниствена или интегрирана со интервенциите за микро-разоружување. Резултатите на собраните податоци дозволуваат анализа на ситуацијата од страна на персоналот на програмата, а врз таа основа ќе може да се создаде стратегија за програмата.

[26] Види Поглавје 3.5





**Табела 5: Видови на информации потребни во различни фази на програмата**

| | Студија за остварливост | Вреднување на потребите и капацитетот | Планот за побезбедни заедници | Податоци достапни од националната анкета за МОЛО [27] |
|---|---|---|---|---|
| **Анализа на земјата** | | | | |
| ❑ Инфраструктура, статистики за популацијата, политичката соддржина, надворешната политика | | + | + | **Преглед** |
| ❑ Капацитет на својата организација во извршувањето на активностите | + | | | |
| ❑ Националниот план за контрола на МОЛО и постоечките контролни активности на МОЛО | + | + | | **Ц** |
| ❑ Развоен план за земјата и активности на сите вклучени агенции и министерства | | + | | **Преглед/Ц** |
| ❑ Ситуацијата во земјата; постоечките ресурси, локално достапни и меѓу другите агенции | + | + | | **Ц** |
| ❑ Географски податоци за земјата/регионот; пр.: достапност во регионот, временски услови | | + | | |
| ❑ Државни празници | | + | | |
| ❑ Меѓународни интервенции; пр.: програми поврзани со контролата на МОЛО, планирани странски инвестиции | | + | | **Преглед/Ц** |
| ❑ Законските прописи; пр.: закони за вработување, закони за увоз | | + | + | **Ц** |
| ❑ Владата, локалните власти и свесноста на агенцијата за проблемите со МОЛО | + | + | + | **Ц** |
| ❑ Културните перцепции на анкетарите на МОЛО | | | + | **П** |
| ❑ Комуникацијата:<br>• Традиционалниот начин на комуницирање, диалектите на јазикот, традиционалниот начин на образование, материалите и методите кои им се познати на популацијата<br>• Обоените симболи, значењето на знаковите, итн.<br>• Какви било традиционални начини за разрешување на конфликтите и различните улоги на луѓето (посебно мажите и жените) | | + | + | |
| ❑ Менаџирање на контактите: кои се клучните комуникации? пр.: професорите, политичките функционери, лидерите на опозицијата, наставниците, лекарите, градоначалниците, итн.Како да се пристапи до нив? Кои се нивните однесувања кон потенцијалните програми за МОЛО? | | + | + | |
| ❑ Одредувањето на медиумите<br>• Пристапноста до медиумите<br>• Политичката слика на медиумите<br>• Целната група на медиумите<br>• Дали има закон за јавно информирање?<br>• Трошоците за емитуваните спотови<br>• Кои се географските достапности на различните медиуми? | | + | | |



| | Студија за остварливост | Вреднување на потребите и капацитетот | Планот за побезбедни заедници | Податоци достапни од националната анкета за МОЛО [27] |
|---|---|---|---|---|
| **Анализа на проблемот со МОЛО**<br>(а) Прашања за дисрибуција/ сопственост: | | | | |
| ❑ Видови на МОЛО и достапноста во заедниците; видови на МОЛО кои создаваат најголеми штети о општеството (пр.: легални или нелегални, спортски или воени оружја, експлозиви или лесни оружја?) | + | + | | Д |
| ❑ Сознаниа за состојбата во кои МОЛО бил потребен | + | + | + | Д |
| ❑ Проценета количина на МОЛО достапни на населението | | + | + | Д |
| ❑ Проценета % на погодените села/ заедници | + | + | | Д |
| ❑ Шверцерските патишта за увоз, извоз, трговија, итн. | | + | | Д |
| ❑ Каков било локален МОЛО продукт кој може да биде злоупоребе | | + | + | Д |
| (б) влијанието: | | | | |
| ❑ Проценка на бројот на мртвите и повредените заради МЛО и условите под кои тие се направени | + | + | + | И |
| ❑ Трендот во стапките на криминал, убиства, повреди | | + | + | И |
| ❑ Сознаниа за други форми на потреба/злоупотреа на МОЛО, пр.: случаи поврзани со домашното насилство, пукањето во веселби | | + | + | И |
| ❑ Сознаниа за други проблеми поврзани со МОЛО, пр.: влошување на меѓу-етничките притисоци, чувствување на несигурност, повреди на човековите права од безбедносните сили | + | + | + | И/П |
| ❑ Трошоците од МОЛО за јавното здравство и економијата (туризмот, инвестициите, влијание на конфликтот) | | + | | И |
| **Анализа на институционалните сознаниа за МОЛО** | | | | |
| ❑ Нараувоченија од постоечките МОЛО иницијативи во земјата | + | + | | **Преглед** |
| ❑ Нараувочнија од претходните МОЛО иницијативи во другите земји | | + | | |
| ❑ Нараувочнија од другите иницијативи за преставување/развој во земјата, на пр.: иницијативите на јавното здравство, интервенциите против мините | | + | | **Преглед** |
| ❑ Меѓународните документи и спогодби (пр.: Дејтонската спогодба) | | + | | |

[27] D= Истражување на дистрибуцијата на МЛО (SADS); Истражување на Влијанието на МЛО (САИС); Истражување на Капацитетот на МЛО (SACS); Истражување на Перцепцијата на МЛО (SAPS).



| Анализа на погоденото население | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ❑ Улогата на мажот, жената и децата и различните етнички групи; лидерите на заедницата и влијателни членови во заедницата, културните однесувања, веските убедувања, традициите, структурата на моќта, нивото на образоваие (на ниво на заедницата потребно е анализа на одговорните) | + | + | + | **Преглед** |
| ❑ Информации за повредите и мртвите од МОЛО: години, пол, статус - цивили или воени лица, причина за повредата или смртта, место, датум, ефект | | + | + | **И** |
| ❑ Вреднувајте го тековното однесување поврзано со МОЛО:<br>• различните причини за поседство на МОЛО и употреба/злоупотреба во групите (пр.: лов, сиромаштија, етнички конфликти, политика на исклучување, крвна одмазда, идентити и вредности, само-заштита)<br>• Активности врз кои што влијаела МОЛО<br>• Постоечките контролни активности за МОЛО во заедниците?<br>• Какви било локални стратегии за соочување<br>• Сигурни И несигурни однесувања<br>• факторите кои што ја објаснуваат потребата за МОЛО (пр.: кои се условите и факторите кои ги мотивираат луѓето да се вооружат?)<br>• Разберете ги социјалните контроли на МОЛО (пр.: која е улогата на МОЛО во заедницата?) | | + | + | **П/И** |
| ❑ Вреднување на однесувањата и перцепциите на проблемот (запомнувајќи да ги видите разликите меу битните социјални групи) [28]<br>• Различните перцепции за човечката безбедност на индивидуалците и заедницата<br>• Перцепцијата на заедницата за МОЛО<br>• Перцепциите на заедницата за видот на интервенцијата на МОЛО (пр.: собирање на оружјето) ќе бидат поддржани од индивидуалците и заедницата, кој треба да го направи тоа (меѓународните организации, полицијата)<br>• Важноста/развојот на приватниот индустриски сектор, итн<br>• Важноста/развојот на приватниот индустриски сектор, итн | | + | + | **П** |
| ❑ Вреднувајте го нивото на постоечката свест и сознание за МОЛО (повторно, видете ги разликите меѓу битнире социјални групи) :<br>• Зголемување и злоупотреба на МОЛО и нивните ефекти (локација, вид, ризици, дали знаете за преживеани?)<br>• Безбедни однесувања<br>• Како МОЛО се поврзува со ризикуваните групи (социо-економските и психолошките ефекти, какво влијание има МОЛО врз нивните животи?)<br>• Алтернативни решенија | | + | + | **П** |
| ❑ Улога на специфичните групи (пр.: жените, влијанието на верските лидери во однесувањето) и однесувањето кон поседувањето на оружјето и разоружувањето; стурктурата на семејството (пр.: клановите) | | + | + | **П** |
| ❑ Мислења од заедниците за најдобрите начини и методи за разоружување; пречки за разоружувањето | | + | + | **П** |
| ❑ Перцепциите на луѓето кон медиумите, владата, меѓународната заедница, главните безбедносни фактори. | | + | + | **П** |

28 Кога и да е можно императив е одвојуваат собраните информации од страна на клучните социални категории како класа, возраст, раса, етницитет, пол, религиа и локациа (посебно разликите помеѓу урбаните и руралните реони). Ова ќе овозможи на програмските менаџери да осознаат да ли различните заедници и социални групи имаат различни знаења, искуства и ставови во однос на МЛО и да ја припремат програмската стратегија според тоа.



**Бокс 9: Зошто луќето држат огнено оружје**

Во одреден броја на различни анкети изведени во, домаќинствата во Косово, Македонија, Црна Гора и Јужна Србија а беа испитани кое е нивното мислење зошто луѓето во нивните заедници држат огнено оружје. Четирите графи наведени подлолs ја зумаризираат статистиката. Во секој наведен случај одговорот се разли,куваше зависно од социланата група или локација, но сепак одговорот лична безбедностѝ се појавуваше како константа.. Деталната анализа на податоците стои во целост на располагање на следната веб-страница http://www.seesac.org/reports/surveys.htm.

Косово, јуни 2003




Јужна Србија, август 2003







## Бокс 9: Зошто луѓето држат огнено оружје

Црна Гора, април 2003




Македонија, јули 2003





## 3.4 Методи за собирање анализи

Различни методи можат да се употребат за собирање на информации. Употребените методи зависат од потребните информации како и ка контекстуалниот фактор, како што е степенот на пристпа кон социалните групи, временските ограничувања и осетливоста на информациите коие се прибираат. На пример, социалните И клутурните обицаи ќе го ограничат степенот на пристап кон клучните групи како и нивната спремност да обезбедат информација, така да понекогаш правејќи го неопходна собирањето на моно-полови или моно-етнички групи за дискусија. Но употребените методи исто така ќе зависат од видот на информации кои треба да се приберат:

а) дали е во пршање општа информација за земјата или пак за институционалното знаење (вобичаено прибрана на централно ниво) или
б) поспецифична информација за засегнатат популација, како на пример нивната перцепција за проблемите со МОЛО, нивното однесување кон оружјето сопственоста на истото, нивното мислење за опциите за собирање на опружјето итн. (пвеќето собрани на ниво на заедницата)
в) подтаоците за жртвите (собрани на централно ниво И на ниво на заедниците).

**Бокс 10: Истражувањето за перцепцијата на МОЛО изведена во Јужна Србија**

Со цел да се овомзмо1и УНДП УНДП Србија И Црна Гора да се реши каков вид на интервенција за МОЛО би бил соодветен за иведеување во Јужна Србија, Белградската компанија за истражување на пазарот

Стратегиц Маркетинг (СММРИ) ѝ беше ангажирана во Јули / Август 2003 со задач да прибере податоци за перцепцијата на оштините Бујановац, Медведја и Пресево кои беа засегнати од проблемот на МОЛО. Истражувањето употреби средства како што се анкети на домаќинствата, структурни интервјуа и фокус-групи, се со цел да се направио пофлексибилно собирањето на податоци. Сепак, мешаната средина, пост-конфликтната ситуација и во некои случаи високо традиционалната опкруженост претставуваа потешкотија за истражувачите. Забележените искуствaа вклучуваа:

- Висок степен на одбивање од страна на целните личности во подрачјата опфатени од конфликтот
- Потешкотии во наоѓање на личности во двочлените тимови - етнички Србин и етнички Албанаец - за истрачување во мешаните етнички заедници
- Одбивање на снимање на фокус групите за можна подоцнежна транскрипција
- Потешкотии во составување на фокус групите составени од ендинствено етнички Албанки
- Заедничка тенденција споделена од целните личности да одббиваат да зборат слободно за еден или повеќе часови за одреден број на прачања сем МОЛО со цел да се испита намерата на истра1увачите

*Извор: Small Arms Perception Survey in South Serbia, Септември 2003, СММРИ.*

Главните методи, квантитаивни и квалитативни, можат да се наведат како:[29]

- Примероци на истражувања.
- КАП истражувања.
- Фокус групи за дискусија.
- Темелни интервјуа.
- Кратки интервјуа.
- Набљудување.
- Преглед на документи и подтацои
- Методи за Брза Оценка на Учеството.
- Испитвање на одредени случаи.
- Триангулација.

[29] Примери на најчесто употребуваните начини и насоки за нивна употреба дадена во Анекс Ц, Д, Е и Ф. По детални информации за секоја метода можат да се најдат во Комуникацијата во Програмата за Свеста за Мини, Мегународен Центар за ХуманитарноДеминирање, Женева2002





Потребните информации се собрани:

- Од страна на активистите најмени од страна на организацијата која е одговорна за изведување на истражувањето и/или пак од кативистите на програмата за ширење на свеста за МОЛО, како и од волонтери во случај на потреба и зависно од оценката на капцитетите; и
- Од различни извори, како националните / локалните власти (н.пр. министерствата, војската, полицијата, општините, селски поглавари итн..); локални институции / здруженија / НВО-а; меѓународни организации ; медиуми; месно население(н.пр. жртви, наставници, селани, родители, деца, верски водачи итн).

**Табела 6: Примери на методи за собирање информации**

| ТИПОВИ НА ИНФОРМАЦИИ | СТЕПЕН НА СОБИРАЊЕ | ПРИМЕРИ НА МЕТОДИ |
|---|---|---|
| **Општи информации (н.пр. закана, специфижности на земјата)** | На централно ниво | • Состаноци и дискусси со релевантни министерства; месни власти; агенции за контрола на МОЛО и други хуманитарни организации; локални медиуми.<br>• Преглед на постоечките извештаји |
| **Специфични инфромации за знаењето, односот, перцепцијата на засегнатите заедници.** | На ниво на заедницата | • КАП истражувања<br>• Состаноци и дискусија со локалните авторитети, н. пр. селските и верските водачи, наставници, жнски групи итн.  (н.пр.како дел од Планот за Безбедна Заедница)<br>• Преглед на извештаите за активностите од страна на агенциите кои работат во специфичните области<br>• Интервјуа со загрозените групи и носителите на оружје |
| **Податоци за жртвите** | На централно и на ниво на заедницата | • Постоечката статистика од  Министрествотo за Здравство или било кое релевантно министерство<br>• Медиумите<br>• Средби со организации за зачтита на здравјето или жртвите<br>• Преглед на извештаите за нивните активности и статистики<br>• Стандардизиран формулар за собирање на подтаоци за жртви од МОЛО (доколку е возможно)<br>• Интервјуа со жртвите или нивните блиски<br>• Интервјуа со носители на оружје |

## 3.5 Збирање информации како средство за набљудување и евалуација

Збирањето информации се одвива во сите фази на програмскиот циклус, од физибилити студијата па се до евалуацијата активностите поврзани со МОЛО. Собраните  информации се од суштинско знажење за набљудувањетп и евалуацијата на програмата.

За целите на набљудување и евалуацијата е од суштинско знажење да се одвие Првична Оценка



на Знаењата, Однесувањата И Праксите (ЗОП) во целните заедници и тоа пред имплементацијата на било која интервенција на програмата за ширење на свеста за МОЛО (види Анекс В). Ова ќе и овозможи на организаијата задолжена за имплементација да го одмери влијанието на интервенцихата поврзана со МОЛО врза целната заедница преку компарација на занењето, оденсувањето И праксите пред И по интервенцијата.Другите индикатори, како на пример нивото на видливост на МОЛО, бројот на предадени МОЛО за време на собирањето. Како и степенот на криминалитет, би можеле да се употребат за евалуација на приограмите за интервенција. Сепак, овие индикатори претставуваат проблем за евалуација на програмата за ширење на свеста за МОЛО, од причина што голем број на вариабили - сем прорамските кативности - би можеле да влијаат врз нив..

## 3.6 Обука на активисти

Од суштинска важност е да се тренираат оние активисти и волонтери кои всушност собираат информации, било нивните одговорности да вклучуваат истражување преку употреба на споредни извори (види Анекс Ф), или пак информации од прва рака преку работа внатре во заедницата. Во вториот случај потребано е ангажирање на одреден број активисти од засегнатите заедници како и да се обезбеди нивна обука, која треба да опфати употреба на основни средства на обука (види Анекс В, Г, Д, и Ѓ) како и обука во прашања поврзани со МОЛО, вклучувајќи ја терминологијата, препознавање на МОЛО, како и обука за осетливоста на прашањата. Регрутацијата и обуката на локалниот стаф не само што ќе допринесе кон градење на доверба - и на тој начин помогне во збирањето информации - туку исто така ќе овозможи средство преку кое методите употребени за збирање информации ќе можат да подлежат на критика и да се прилагодат на локалните услови. Најпосле, вклучувањето на локалните жители е исто така чекор напред кон вклучувањето на севкупната засегната заедница во програмата за ширење на свеста за МОЛО, која би уследила.

## 3.7. Пинципи на информирање и менаџмент

### 3.7.1 Јасност и транспарентност[30] поврзани со целта на збирањето информации

Јасната и транспарентна комуникација со властите, личностите и заедниците за време на фазата на збирање на информации на програмата за микро-разоружување или пак на програмата за ширење на свеста за МОЛО, е предуслов за успешноста на таа фаза на програмата. Гледано воопшто, јасноста и транспарентноста мора да се обезбеди во врска со:

- Целите на програмата за МОЛО за кои информациите се собираат.
- Видот информации кои се бараат.
- Како, кога и каде ќе се собираат.
- Од кого тие информации ќе се бараат (кажано во општа смисла).
- Кој ќе ги собира (идентитетот на теренските активисти и нивната организација).
- Зошто се тие потребни.

Јансоста за наведените прашања е суштински чекор кон обезбедувањето да луѓето кои живеат во заедниците засегнати од МОЛО да се чувствуваат попримечиви за давање информации. Кога се занимаваме со осетлива материја како што е нелегалната трговија и злоупотреба на МОЛО, на лицата кои се интервјуираат (со исклучок на службените лица кои ќе одлучат да зборат *он рецорд*) треба да им се даде гаранција за анонимност.

[30] Исто така еден од принципите на Програмата за Микро-Разоружување, види СРМР 01.10, http://www.seesac.org/resources/current_eng.htm.





**Бокс 11: Транспарентност и доверливост**

Во рамките на Пилот Проектот развиен 1998 во градот Грамш во Албанија, НВО-то Движење за разоружувањеј превзеде пилот проjект кој се фокусираше на едно селско основно училиште и едно средно, урбано, училиште (ученици од 15-18 годишна возраст). Главната идеа беше да се работи со деца со цел да се влијае врз родителите да го предадат оружјето. Како дел од овој проект се разви анонимна анкета со 900 ученици , кои беа прашувани за оручјата држани дома. 20% на интервјуираните деца одговорија дека тие имаат оружје дома. Иако бече од суштинска важност да се биде транспарентен во врска со целите и намерите на пилот проектот и анкетата, исто така беше од витална важност да се одржи анкетата анонимна, со цел да се обезбеди да собраните информации бидат успешни.

*Извор: Интервју со активистите на иДвижење за разоружувањеј, УНДП партнер вклучен во Грамш Пилот Проектот.*

## 3.7.2 Флексибилност

Во некои случаи е деликатно да се соберат некои информации. (н.пр. да се прашуваат луѓето колку луѓе имаат дома), така да идејата е повеќе да се постават прашањата на помалку контраверзен начин (н.пр. акцентот да се стави на термини како безбедностѝ), или пак пристпот кон засегнатите да се одвива преку не-контраверзни прашања како што се здравството, социо-економското влијание, како нелегалната трговија влијае врз перспективите на земјата за осигурување мир и развој, или пак за прашања за улогата на децата. Активистите на програмата треба да бидат спремни да се приспособат кон специфични контексти и - таму каде што е неопходно - ги менуваат своите планирани методи за збирање на информации или пак за видот на бараните информации.

Тие исто така треба да бидат спремни да влечат почетни заклучоци од бллo кој вид опирање на кое ќе наидат во заедницата кога ќе се отвори дискусија за прашањето на МОЛО. Опирањето може да се појави поради повеќе причини, вклучувајќи го стравот дека другите во заедницата нема да се сложат (н.пр. членови на семејството или влијателни групи); страв од безбедносните сили; општа недоверба базирана врз екцесивни нивоа на тензии и несигурност; страв од истрага и гонење или пак општо чувство дека прашањата поврзани со МОЛО се од приватна природа. Било која да е причината, преку разбирање на причината зошто луѓето се стеснуваат да дискутираат за МОЛО активистите ќе почнат подобро да ја разбираат заедницата и функцијата на МОЛО.

И покрај ваквите очекувани потешкотии, важно е да се запомни дека МОЛО се само едно од од многуте осетливи прашања и дека програмите за општествената интервенција за други табу прашања како што се употребата на дрога, сексуалната едукација за жените и за ХИВ.АИДС имаат демонстрирано дека инхибициите можат да се надминат преку употреба на вистинските средства како и со малку трпеливост и чувствителност. Употребата на тхниките за активно слушањеј може да помогне да се извлечат информации без притисок и без водење.[31]

[31] Терминот Активно Слушање се однесува на техниката за комуникација опишана во Рамка 12, и на типот на проектот за Градење Мир кој се одвива во Заедниците. За повеќе информации види ‘Grassroots Listening and Organising’, Walters, H., Rural Southern Voice for Peace, 1992.



**Бокс 12: Смерници за активно слушање**

Активнотом слушање потребува усилба и концентрација и вклучува:

- Препознавање на бариерите за ефективна комуникација ; тие можат да бидат :
- Внатрешни (умор и стрес или пак вашите сопствени предрасуди)
- Надворешни (периферна бучност или слаба акустичност);
- Меѓународна (пример, како јазикот може да се разбере или толкува од страна на различни луѓе)
- Слушање на содржината на пораката за да се обезбедите дека имате чуено точно она што е кажано ослушање на чувствата - тие можат да бидат навестени преку не-вербални сигнали како што се ставот на телото или тонот на гласот преку кој се искажуваат работите
- Охрабрување на говорникот преку изрази на лицето и телесна гестикулација
- Концентрација
- Обрнување внимание на општиот контекст и севкупните теми и незбунување од изолирани факти или коментари
- Слушање на мислења - без прекинување - кои се спротивни од вашите
- Одбир на адекватни прашања со цел да се помогне во усмерувањето на дискусијата

*Извор: Адаптирано од 'Personal Communications at Work', Open University Press, 1998.*

### 3.7.3 Квалитетот и кванитетот на информациите

Здобиената инфомација се употребува за изработка и планирање на соодветна стратегија. Квалитетот на информацијата е клучна за воспоставување на програма адаптирана на локалните прилики, поради што е секогаш важно да се фокусира на квалитетот на добиената информација. Квантитетот е исто така важен кога станува збор за планирање на соодветна стратегија, но сепак може да биде лимитирана во одредени прилики.

### 3.7.4 Точност

Програмските активисти треба да се стремат кон осигурување да дадената информација е секогаш точна и вистинита. Со цел да се максимализира ова, секоја собрана информација треба да се спореди со останатите расположиви избори за истата да биде потврдена или одбиена. Двоструката проверка на информацијата пред планирањето на стратегијата, како и пред расподелбата на резултатите, ќе обезбеди дека стратегијата е релевантна и има смисла, како и дека непотребните фактички грешки се отстранети.

### 3.7.5 Воспоставување на мрежа за собирање на податоци за жртвите

Собирањето податоци за жртвите е од важност кога станува збот за идентификација на ризичните групи, за разбирање на моделите и начините кои довеле до смрт и повреди како и за влијханието што МОЛО го има врза личностите и заедниците. Сепак, детализираните податоци за жртвите може да се покажат како тешки за прибирање поради многу причини, така да е потребно да се воспостави мрежа на истражувачи со цел да се дојде до изворот на информации.

При собирањето податоци за жртвите неопходно е:

а) да им се објасни на локалните власти кои се целите на собирањето на податоците како и да се обезбеди нивна претходан авторизација;

б) да се идентификуваат и контактираат засегнатиде учесници кои можат да помогнат во прибирањето информации, н.пр. полиција, здравствени установи, националната организација на Црвениот Крст, селски водачи, владини претставници, НВО-а итн.; или да се регрутираат екипи професионалци да собираат информации; или комбинација од двете претходни;





в) да се обезббеди дека мрежата е доволно различна во смисла на полот, возраста, професионалните способности и етничката припадност, со цел да се обезбеди да соодветен активист е на располагање за различни целни групи (пример, жени зборат со жени, поранешни борци со поранешни борци);

г) да се воспостави и тренира идентификуваната мрежа за начинот на собирање податоци;

д) да се обезбеди дека податоците се **дисаггрегатед** секаде каде што е можно да покажат важни прашања како што се полот, возраста И етничката припадност на жртвите и, доколку е возможно, кој е виновникот.

**Бокс 13: Прибирање на податоци за жртвите во Македонија**

За времетраењето на анкетата за МОЛО изведена во Македонија во 2003 година, се бараа инфромации од пет болници кои се сметаа да бидат претставници на земјата во целина И во смисла на етничките, географските ефеклти, како И оние на конфликтот. Здравствените карти во петте болници беа прегледани за период од 12 месеци, за кое време беа регистрирани 81 рани нанесени од огнено оружје. 47% од сите повреди беа класифицирани како лесний, 41% како тешкий и 12% како критичний. Повеќети рани им припаѓаа на оние над 18 годишна возраст, но 50% на сите критични повреди беа на деца под 18 годишна возраст. 89% од жртвите на огнено оружје беа мажи, 11% жени. Сепак, многу Албански етнички заедници во Македонија имаат медицински установи кои не се признаени од страна на владата И од кои не се бара да одржуваат такви податоци. Кога беа присптапени од истражувачите, тие установи се покажаа нерасположени да споделат било какви податоци за жртвите кои тиме можеле да ги имаат во дататеката. Сепак, интервјуираните лекари И службени лица беа на мислење дека рани нанесени од огнено оружје сигурно се третираат во овие инстуитуции.

*Извор: Привремен извештај за Истражувањето за Мали Оружја, Женева, за УНДП Македонија, Јули 2003.*

Поголема група на луѓе можат да се одберат да учествуваат во прибирањето податоци и истите да се комбинираат во мрежа на активисти задолжени за собирање на два вида информации: информантий копи се здобиваат со базичен тренинг, и збирачи на податоций кои ја набљудуваат работата на информаторите и се здобиваат со пдетален тренинг. Изборот на информанти е од суштинско значење за собирање на соодветни и точни информации. Тие треба да - што е можно повеќе - бидат луѓе со углед во нивните заедници. кои имат кредибилитет, се мотивитрани и имаат лесен пристап до инфромациите. Зависно од контекстот и од постоечките фактори како и основицата на нивното знаење, мрежата на волонтери може да се воспостави или пак пак може да се регрутира цел тим на информатори. Комбинација на професионални екипи со помош на волонтери на теренот исто така може да биде опција во одредени случаи, како што беше служајот со собирањето на податоци за жртвите од мините во Босна и Херцеговина.

**Бокс 14: Збирањето , анализа и дистрибуција на податоци за бројот на жртвите од Мини/**UXO **во Босна и Херцеговина**

МКЦК, воблиска соработка со Црвениот Крст на Босна и Херрцеговина, е единствената организација во БиХ која систематски собира и објавува податоци за жртвите на мините.. Мрежата на соработници и активисти ги следат формалните и неформалните извештаји за несреќните случаи со мини / УЦО во нивните заеднивци. Тие собираат податоци за жртвите, околностите во кој се случил инцидентот, локацијата како и други информации, кои ги предаваат кај ккординаторите на Националното Здружение, кои пак ги проследуваат доп МКЦК. МКЦК ги придодава овие информации кон својата дататека која е редовно апрејтирана. МКЦК ги користи овие информации интерно со цел приготвување на план и имплементација на директни пораки кон одредени целни групи од висок ризик како и нивните локации во земјата. Податоците се споделуваат со било која организација во БиХ со која МКЦК има односи, било да е тоа формална или неформална организација. Со ова МКЦК допринесува ком хуманитарните напори за да се редуцира опасноста пд мините и не-екплодираните средства во земјата. МКЦК И ЦКБиХ спроведуваат повеке концентрирани истражувања на специфижни групи во различно време, со цел да се оцени севкупната ситуација во БиХ, ги оцени ефектите на програмата и дефинира ефективна кампањи и мерки.



### 3.7.6 Менаџмент и споделување на информации и податоци

Споделувањето на информации со засегнатите учесници и власти е од суштинска важност за интервенциите поврзани со МОЛО, како и со останатите активности за развој и помош, како шна пример, иформациите за жртвите овозможуваат дефинирање на потребите на жртвата, како што се медицинската и психолошката подршка. Би било од суштинска вазжност да се споделат овие информацвии со организациите кои би можеле да обезбедат ваков вид на заштита.

Во одредени околностри споделувањето на податоците може да биде условено со правилото на доверливост. На пример, може да се воспостави Меморандум за Разбирање со останатите ужесници со цел да се осигура доверливоста (н.пр. со цел да податоците за жтрвите можат да се добијат и упоребат без откривање на лични инфромации). Инфомацијата за дистрибуцијата на МОЛО на ниво на заедницата може често да биде мошне доверлива работа, посебно таму каде што нивото на сопственост на оружје е мошне високо (н.пр. страв од безбедносните сили или други етнички групи). Треба да се употреби внимание при споделување на било каква информација добиена од таквите заедници а транспарентноста треба да биде клучна грижа.

### 3.7.7 Безбедност

Безбедноста на теренските работници е од врвна важност, како за нив како личности, за текот на програмата како и за самите корисници. Информацијата за дистрибуцијата на МОЛО во одредени заедници, за групите кои се сопственици на МОЛО, нивното потекло и движења се потенцијално опасни во региони каде што се тргува или шверцува со МОЛО, или пак има поврзаност со безбедносниот страв на локалните заедници. Во некои случаи информацијата во врска со влијанието на МОЛО може да биде опасна за добување. Теренските работници можат да искусат нерпијателски однос или насилство за време на нивната работа, иако сценаријата кои вклучуваат приведување или физички повреди се ектремно ретки. Во пост-конфликтните региони теренските работници можат исто така да бидат изложени на опасности од ERW и необезбедено МОЛО. Теренските работници И менаџерите треба заеднички да обезбедат усвојување на некои од основните мерки за предострожност за време на фазата на собирање на информации со цел ризиците да се сведат на минимум. Теренските работници треба:

а) да минат низ обука за едкуација за ризиците за своја лична безбедност

б) во соработка со штабот да воспостават јасни линии на комуникација и останат во постојан контакт со штабот;

в) се придржуваат кон работниот план

г) во соработка со штабот да бараат дозвола од владините и локалните власти;

д) избегуваат да патуваат сами. По можност треба да патуваат со некој кој има локално знаење; и

ѓ) бидат свесни за локалната безбедносна ситуација и за главните евентуални опасности кои им се заканувааt (н.пр. од ERW, криминални или милитантни групи) пред да се влезе во регионот.

Овие ризични аспекти имаат влијание врз вработените и врз програмата како таква. Одржување на контакт со инфромраните страни, како што се новинарите, агенциите на ОН, хуманитарните НВО-а, контактите за истражување и локалните НВО-а, ќе имм овозможат на активистите да ги оценат ризиците и да се соочат со нив. Одговорноста за безбедноста на активистите на програмата (вклучувајќи ги и волонтерите) е споделена од сите теренски и останати работници, иаку прецизните права и одговорности на секој од нив ќе зависат од ситуацијата.

# 4. Анализа и стратегијско планирање

## 4.1 Анализа на инфомации

Анализата на информациите собрани на почетокот на програмата за МОЛО го обвозможува стратегијското планирање. Информацијата ќе биде како општа (н.пр. инфомација за земјата, нивото на образование, закоаните и проблемите итн.), така и специфизирана, со осврт кон перцепцијата на заедницата и нејзиниот однос, број на жртви и така натаму. Анализата им овозможува на активистите да:

а) го идентификуваат приодот кој треба да се имплементира: дали тој ќе биде порелевантен ако се етаблираат активности за подршка или Едукација за Опасноста, или пак обете заедно? Ова се разбира исто така ќе зависи од дугите програми за контрола на МОЛО кои веќе се имплементирани или пак истите се планираат;

б) планирање на соодветна стратегија, воспоставување на целта, објективите, индикаторите и средствата за верификација за програмата со цел да:

- Се дефинира целната група;
- Се идентификува засегнатата заедница;
- Се детерминираат пораките и информациите кои треба да се предадат;
- Се реши за активностите кои треба да се имплементираат како и материалите кои треба да се произведат како средство за пренесување на пораките и информациите;
- Се планира набљудувањето и евалуацијата.

Различен број на средства може да се употребува како примпомош кога ќе се заврши со збирањето на информации, вјлучувајќ и на.пр. Анализа на Посредништвото, кои им овомзможуваат на посредниците[32] во одредена земја или заедница да се анализираат во смисла на нивната важност за успешноста на програмата, како и нивниот степен на влијание врз претпоставениот напредок. Оваа анализа вреди да се одвива во секоја заедница, како и на национално ниво. Средства како што се анализа на Стакехолдер Аналсис исто така можат да се употребат тогаш откога ќе се формулираат целите на програмата, со цел да се провери кој посредник ќе даде подршка а кој пак ќе може да ги обструира целите на програмата.[33]

**Диаграм 5: Пример на Анализа на Посредништвото на ниво на зедницата**




[32]Аксионери се луѓето, групите или институциите кои имаат интерес во посебен проект или програма.
[33] Повеќе информации за тоа како да се анализира ситуацијата, и како да се направи анализа на аксионери, може да се најдат на http://www.dfid.gov.uk/FOI/tools/.



**Клуч:** 1 = Политички водачи, 2 = Поранешни борци, 3 = Стопанственици, 4 = Деца, 5 = Верски водачи.

**Објанување:** Посредниците во боксовите А, Б и Ц се посредници во една замислена заедница. Тие во боксот А се од голема важност за проектот (н.пр. како жртви на злоупотреба на МОЛО) но со слабо влијание - програмата мора да се дизајнитра така за да стигне до нив. Тие во боксот Б имаат високо влијание во врска со контрола и/или овестување за МОЛО И се важни за успехот на планираната програма - нивната подршка мора да се добие. Тие во боксот Ц се со влијание и можат да влијаат на исходот на програмата, но нивниот интерес нема директно да се засегне - тие сепак треба да се вклучат во програмата, да се набљудуваат и консултираат. Тие во боксот Д се од понизок приоритет.

## 4.1.1 Целни групи

Програмската стратегија може да се изведе врз основа на анализа на собраните информциите. Целните групи ќе де идентификуваат и приоретизиираат како дел од таа стретегија. Листата на целни групи е вомзмоШно неограничена и е важно да се открие која група би можела да биде важна во било која од оденнните земји или заедници, но со обзир кон било која од програмите за МОЛО што би можеле да се одвијат. Неисцрпната листа на потенцијални целни групи може да вклучува:

- Носители на оружје.
- Семејства на носители на оружје.
- Локалните власти.
- Локалните НВО.
- Медиумите.
- Полицијски службеници.
- Возрасни мажи.
- Возрасни жени.
- Момчиња тинејџери.
- Девојчиња тинејџери.
- Деца од 5 до 8 годишна возраст.
- Деца со над 12 години возраст.
- Поранешни борци.
- Верски личности.
- Локалните стопанственици.
- Учители.
- Војската.
- Донаторите.

**Бокс 15: Кампањата на Југословенскиот Црвен Крст**

За живот, без оружјеи се обиде да влијае врз јавното мнение за поседувањето на оружјето врз основа на нејзината хумаитарна димензија. Се изработија слогани преку кои се пренесуваше идеате дека поседувањето на оружје води кон небезбедност и жртви, а не сигурност и безбедност. Овие специфични групи се фокусираа преку различни пораки и методи.:

- Тинејџери од обата пола: (12-19 годишни), посебно во урбаните средини
- Возрасни мажи (20-35 години)
- Возрасни мажи (36 години и повеќе)

Примери на материјалите употребени во програмата се достапни на САСП ЦД-РОМ.

Групите на кои ќе се фокусираме ќе зависат од стратегијата за освестуање како и од потребите на заедницата, И двете идентифицирани преку националното истражување за МОЛО и/или оценката

за капацитетите и потребите. Пораките кои треба да се пренесат да се приспособат кон секоја од групите. Како што забележавме претходно, понекогаш нема да биде едноставно да се стигне до одредена група, поради осетливата природа на субјектот и/или нејзината социјална улога (на пример, понекогаш МОЛО се сметаат како машка работаи́, така што е тешко да се аранжираат дискусиони групи со жени). Во такви случаи активистите на програмата мора да покажат флексибилност и најдат начин како да го заобиколат проблемот (во овој случај можеби прво обраќајќи им се на женските групи).

Важно е да се нагласи дека може да биде неопходно да се дефинираат некои посреднички целни групиј преку кои би се стигнало до финалната публика кон која се стремиме (н.пр. да се охрабрат мажите да го предадат оружјето), така да може да биде неопходно преходно да се стапи во контакт со жените и/или децата како средство за убедување на мажите да го предадат оружјето. Секоја стратегија која вклучува употреба на посреднички целни групи ќе има потреба од посреднички цели кои се однесуваат на овие целни групи.

**Бокс 16: Мажи - клучна целна група**

Во повеќето активности за ширење на свеста за МОЛО, мажите како група ќе претставуваат мошне важни, бидејќи тие често ќе бидат воедно и жртви на злоупотреба на МОЛО како и носители на истите. Затоа е важно да се работи на тоа да медиумите се фокусираат на специфичната машка публика преку, на пример, телевизијски програми за лов и спорт.

## 4.2 Планирање на стратегијата

Анализите на информациите дозволуваат да МЛО стратегијата за свесност се дизајнира, и целите на програмата да бидат дефинирани. Целите на програмата треба да се дефинираат за време на планирањето за да се воспостават активности и материјали за нивно постигнување, соодветните индикатори за мерење на прогресот и влијанието можат да бидат селектирани и набљудувани и системот за евалуација може да се идентификува (види делот 8). Така на пример во заедница која пати од ефектите на зголемувањето на МЛО како резултат на неодамнешен вооружен конфликт:

а) Генерални информации беа собирани за природата на заканата од МЛО. Ова, заедно со информациите за историјата на конфликтот ќе дозволи на програмските планери да проценат кој регион на земјата е под влијание на неадекватна МЛО контрола. Со анализирање на оваа информација, програмските планери ќе ги означат приоритетите во нивната работа според локацијата на проблемот и заканите; и

б) Одредени информации беа собирани за време на интервјуата со заедниците (како дел за процена на потребите) што открија :

- Заеднички став помеѓу тинејџерите (машки и женски) дека е дкууле (т.е. во мода) машките да носат оружје;
- Информациите за жртви подвлекуваат дека голем процент од децата и машките тинејџери биле повредени или убиени од МЛО.
- Повеќето деца повредени од МЛО го пронашле оружјето во нивниот дом.

Овие анализи посочуваат на тоа да главна целна група на програмата за МЛО свесност треба да бидат децата и тинејџерите. Различни пораки ќе се бараат во секој од случајите поради различниот став и однесување на секоја група во однос на МЛО. Како резултат на тоа стратегијата може да се дефинира на пример :

а) Програмата главно ќе се имплементира во екс-кризните реони, затоа што оружјата се достапни само во тие реони.

б) Интерактивни активности со децата ќе се развиваат за прашања ; со што е безбедно да се игра



в) Планот за побезбедна заедница ќе се гради со тинејџерите за да се дискутира за тоа што е дцооле став, и алтернативите за предавање на пронајденото оружје од страна на тинејџерите.

г) Обука за наставници ќе се гради со Министерството за Образование за поддршка на едукацијата за опасностите од МЛО за децата и тинејџерите на по долг план; и

д) Планот за побезбедна заедница ќе цели кон: жените да ги зголемат пораките кон нивните деца.

Различните видови информации и собрани податоци треба да се прво треба да се анализираат и потоа ќе се комбинираат за да се одреди стратегијата (п.р. ако знаеме дека тинејџерите се нај загрозена група, важно е да се знае кои се тие членови од заедницата што можат да влијаат на нив ). Исто така би било важно да се откријат начините на комуницирање. Ако други организации се вклучени, би било важно да се координира со нив за да не се опфатат исти целни групи неколку пати и пораките да бидат координирани со заедниците. Долната табела покажува како може да изгледа програмската стратегија во измислена заедница дае, и како следи стратегијата од анализата на собраните информации.

**Табела 7: како да се планира стратегија користејќи ги собраните информации**

| СОБРАНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ | АНАЛИЗИ | ПЛАНИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА |
|---|---|---|
| **Генерални МЛО закани:**<br>• Оружјето е достапно главно во Југот на земјата каде се случил внатрешен конфликт; екс-борците сеуште го имаат своето оружје и зголемен е бројот на тинејџерите со оружје<br>• 3-месечна амнестија е планирана | • Пораките од Едукацијата за Опасностите од МЛО ќе бидат различни според целните групи<br>• Приоритет на работа во зависност од локацијата на заканата | • Активностите за Едукација за Опасностите да се фокусираат на Југ<br>• Градење интерактивни активности со тинејџерите фокусирајќи се на опасностите од носење оружје<br>• Групни дискусии со екс-борци за МЛО теми и опасности<br>• Пораки за одбрана да се прошират низ цела земја, за да се информираат луѓето за амнестијата и да се охрабрат да го предадат оружјето |
| **Влијание врз заедниците:**<br>• Децата и тинејџерите (посебно машките) биле повредени затоа што мислеле дека е iцоолi да се игра и со оружје<br>• Криминалитетот е зголемен како резултат на достапноста на оружја на Југ | • Главна целна група се децата, тинејџерите (машките како потенцијални ракувачи и енските поради можноста да ги поддржуваат стереотипните улоги на машките ) и возрасните машки вклучувајќи ги и екс-борците<br>• Различни видови пораки да се даваат на секоја од групите | • Интер-активностите да се градат со децата со фокус на тоа со што е безбедно да се игра<br>• Активности со тинејџерите во однос на тоа што е кул а што не е<br>• Обука на наставници за да пораките се даваат на подолг план<br>• План за побезбедна заедница со луѓето за пронаоѓање алтернативни решениа за подобрување на безбедноста во заедницата |

| СОБРАНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ | АНАЛИЗИ | ПЛАНИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА |
|---|---|---|
| **Вклученост на други актери :**<br>• Една локална НВО започнала со активности за одбрана во една заедница<br>• Владата планира три-месечна амнестија за да се овозможи собирање на оружјето | • Една организација веќе е вклучена во давање пораки за МЛО прашања но покрива само мал реон<br>• Комуникациска стратегија треба да се развие за поддршка на програмата за собирање оружје | • Пораките за Едукација за опасностите/одбрана да се координираат со локална НВО тион/<br>• Активностите за дбрана да се развиваат за зголемување на свеста на луџето за опасностите од МЛО. Пораките да охрабрат заедниците да го предадад оружјето. Координација со други , а посебно со национални МЛО власти е потребно за да се откријат одредени објективи и планови за амнестија и било која комуникациска стратегија, и каде е потребно, да се поддржи |
| **Начини на комуникација, ниво на писменост, колство итн:**<br>• Повеќето луѓе имаат радио но ТВ е достапно главно во градовите<br>• Повеќето луѓе во руралните области се писмени<br>• Повеќето тинејџери во руралните области прекинале да одат на училиште и им помагаат на нивните родители при дневните активностиинг | • Пораките за опасностите/ одбраната можат да се прошират преку радио, но ТВ не е ефикасен начин за лучето што живеат во рурални области<br>• Производство на материјали со локални релевантни цртежи/слики отколку текст<br>• Вон наставните активности треба да се скројат така за да целат кон тинејџерите | • Радио спотовите да се однесуваат на децата, тинејџерите и екс-борците како и опасностите од МЛО<br>• Радио сериите да се поврзат со активностите во заедницата за поддршка на Планот за Побезбедна Заедница<br>• ТВ спотовите да се фокусираат на амнестијата и предавањето на оружја<br>• Материјалите за поддршка да ги рефлектираат идеите и потребите на секоја група |
| **Перцепција на проблемот во заедницата:**<br>• Повеќето жени гледаат во оружјето како извор на страв и опасност за нивните деца; тие гледаат во разоружувањето како начин за намалување на криминалитетот<br>• Мажите сакаат да го задржат оружјето како начин за одбрана на нивните семејства | • Жените се свесни за опасноста што ја носат оружјата за нивните семејства и заедницата Тие треба да се искористат за пренесување на пораките на мажите<br>• Треба да се разговара со носителите на оружје за нивната лична безбедност и алтернативите за оружја/ муниција/експлозивни материи | • Планот за Побезбедна Заедница да се развие заедно со мажи и жени<br>• Материјалите за креваање на свеста и за информирање за безбедно однесување да се произведат и дистрибуираат од страна на жени за поддршка на нивните активности |



| СОБРАНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ | АНАЛИЗИ | ПЛАНИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА |
|---|---|---|
| **Опасно однесување во заедниците :**<br>• Децата имаат најдено оружје во нивните домови и си играле со нив<br>• Машките тинејџери зголемено го употребувале оружјето дадено од нивните родители | • Пораките треба да се развијат според ризичните однесувања на секоја група<br>• Татковците треба да бидат цел за да спречат употреба на оружје од децата и тинејџерите, особено машките | • Планот за Побезбедна Заедница, со мажите да го потенцира прашањето за носење оружје од страна на тинејџерите[34]<br>• За поддршка на жените и наставниците при развојот на интер-активностите со децата за опасностите од играње со оружје |
| **Начини на комуницирање во оптеството:**<br>• Жените се главен извор на информации во семејството<br>• Религиозните водачи се почитувани и обично се прашуваат за совет | • ените и религиозните водачи треба да се искористат како вектор за давање информации на децата , тинејџерите и мажите | • План за Побезбедна Заедница со потенцирање на употребата на фокус групите за вклучување на жените во дизајнирање на пораките за децата и мажите<br>• Создавање на курикулум со религиозните лидери. Производство на материјали за поддршка на нивните активности |

## 4.2.1. Институционална поддршка

Во многу, можеби повеќето случаји нема да биде можно да се имплементира некоја вредна стратегија за свеста од МЛО, без одобрение од владини претставници. Институционалната поддршка е потребна на национално, регионално ниво и на ниво на заедница. Во случај на осамена Едукација за опасностите и свеста за МЛО во поткрепа на национално планирана интервенција за микро-разоружување, отворената комуникација за програмата и регуларните контакти ќе ја олесни поддршката на сите нивоа. За разлика од тоа каде осамената Одбрана за МЛО е планирана, владината поддршка не може да се претпостави однапред и може да зависи од прашањата кои се промовираат и од начинот на кој се презентирани.

## 4.2.2 Структура на програмската единица

Видот и големината на програмската единица зависи од неколку фактори, вклучувајќи ја постојната организациска големина и ресурсите, партнерските организации, потребите на афектираните заедници и покриеноста на географската област. Заедно, овие и други фактори го определуваат бројот на персоналот вклучен и регрутиран (п.р. дали регрутираме персонал, работиме со доброволци од заедниците или и двете?). Активностите за Едукација за опасностите од МЛО и имплементацијата на планот за Побезбедна Заедница во секој случај би барала вклученост на заедницата и секојдневно следење, зголемување на потребите на персоналот ( трошоците можат да се оджат на минимум преку искористување на волонтери).

## 4.2.3 Обука на персоналот

Обуката на регрутираниот персонал е неопходна и треба да се планира. Персоналот треба да се обучи на само за МЛО прашања (терминологија,видови,чувствителноста) но исто така и како да се

[34] Едукацијата за опасностите од МЛО за тинејџ ерите е потенцијално проблемати на затоа што младите луке се во основа превзема и на ризици, посебно ма ките. Потенцирањето на опасностите од оружјето мо еби нема да ги обесхрабри некои поединци за да го предадад оружјето. При вакви примери програмската стратегија предлага План за Побезбедна Заедница така да се иницираат дискусии и солуции различни од тие каде едвај се комуницира за опасностите.





имплементира, наблјудува и известува за преземените активности. Степен на обука требаше да им се даде на тие кои партиципираа во активностите за собирање информации ( види делот 3.6.) Птребно е да се развиат консистентни тренинг процедури и материјали употребувајќи ги информациите собрани од националните истражувања за МЛО или од проценката на програмските потреби и стратешките анализи од тие информации

### 4.2.4 Координација

Координацијата со властите на централно, регионално, и ниво на заедница, и со други хуманитарни организации и организации за развој е битна за да се избегне дупликација на активностите и уверување во уреден приод. Посебно внимание треба да се даде на координацијата со организации кои спроведуваат МРИ активности поради опасноста од конфликт на пораките и активностите (види пасус 2.5.2). Интеграцијата на активностите за МЛО свесност со други интервенции за МЛО контрола и/или развојни/хуманитарни операции осигурува да потребите на заедниците се земаат во предвид. Потребите на заедниците можат да се идентификуваат со употреба на Планот за Побезбедна Заедница (види пасус 2.6 анд 7.1).

## 4.3 Поставување на целите и објективите на програмата

Објективите беа поставени во програмата за МЛО свест, откако информациите беа собрани и анализирани и за време на планирање на стратегијата. Дел од објективите на програмата за МЛО свест се дадени по горе во пасусот 2.2. Доколку ги оствари овие пбјективи, програмата за свест позитивно би влијаела на било која од овие: ставовите, однесувањето или политиката во целните заедници. Овој успех за возврат треба да ги подржи главните објективи на било која интервенција за микро-разоружување, исто така дадено претходно. Земајќи ја за пример табелата во пасус 4.2. , следниве објективи и стратегија би можела да се развие за заедницата 'А':

**Табела 8: Програмски објективи за Заедницата 'А'**

| ЦЕЛ : ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА А | |
|---|---|
| **ОБЈЕКТИВИ** | **ПЛАНИРАНА СТРАТЕГИЈА** |
| **Објектив 1**<br>Олеснување на процесот со што групите во опасност од заедниците (тинејџерите,децата и возрасните машки вклучувајќи ги и екс-борците би го анализирале своето однесување и би усвоиле безбедно однесување. | • Интерактивни активности да се водат со тинејџерите (машки и женски) со фокус во опасноста од носење оружје<br>• Групни дискусии со екс-борци за МЛО прашања и за достапноста на оружјето во заедницата<br>• Интерактивни активности да се водат со децата фокусирајќи се на тоа-со што е безбедно да се игра<br>• Обука на наставници за да пораките се даваат на подолг план<br>• Поддшка на жените и наставниците во развивање на интер-активности со децата за опасностите од играње со оружје<br>• Едукација за опасностите/пораките за одбрана да се координираат со локална НВО и националните МЛО власти<br>• Радио спотовите да се продуцираат така, да целат кон децата, тинејџерите и екс-борците за опасностите од МЛО<br>• Материјалите за поддршка да се произведат така, да ги рефлектираат идеите и потребите на секоја група<br>• Материјалите да ја креваат свеста и информираат за безбедно однесување и да бидат продуцирани и дистрибуирани од ените за поддршка на нивните активности |



| ЦЕЛ : ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА А | |
|---|---|
| **ОБЈЕКТИВИ** | **ПЛАНИРАНА СТРАТЕГИЈА** |
| **Објектив 3**<br>Поддршка на амнестијатапреку кревање на свеста за опасностите од МЛО и со тоа охрабрување на предавањето на оружја | • Пораките за одбрана да се прошират низ цела земја, да ги информира лучето за амнестијата и да ги охрабри да го предадад оружјето. Информациите и пораките да се координираат со националната комуникациска стратегија остварена од националните МЛО власти<br>• Активностите за адвокатура да се остварат за кревање на свеста на лучето за опасностите од МЛО; пораките да ги охрабрат заедниците да го предадат оружјето<br>• ТВ спотовите да се продуцираат фокусирајќи се на амнестијата и предавањето на оружјето<br>• Материјалот за поддршка да се продуцира така, да ги рефлектира идеите и потребите на секоја група |
| **Објектив 4**<br>Да се дадат на јавноста навремени и точни информации во врска со точните услови на планираната интервенција за микро-разоружување | • Комплет на пораки со генерална намера да се развие за употреба со сите групи на различните делови за време на програмата. Пораките да даваат навремени и точни информации во врска со точните услови на интервенцијата вклучувајќи го периодите на амнестија, наградувањата идр.<br>• Треба да се развијат материјали кои ќе ги даваат пораките на конзистентен начин, вклучувајќи брифинг со Прашања и Одговори, летоци за јавно информирање(дистрибуција преку пошта) и радио и ТВ објави за јавен сервис<br>• Материјалите стратешки да се распространат/трансметираат така да го стигнат максималниот број на граѓани<br>• Персоналот на програмата е обучен за, носење точни пораки на јавната информација заедно со едукацијата за опасностите и пораките за адвокатура за време на интервјуата, посети и состаноци на заедницата со властите |

## 4.3.1. Краткорочни СМДРВ објективи

Сите докази се дека социјалните промени настануваат во подолг период. Затоа програмските планери треба да се реалистични за ритамот на промените кога ги поставуваат објективите. Краткорочните објективи се корисни при идентификација на чекорите за поставување на крајните програмски објективи и цели го прават наблјудувањето на мотивациите по лесно.

Друга важна работа е тоа какви се СМДРВ програмските објективи. СМДРВ е акроним за :

**С**пецифични **М**ерливи **Д**остижни **Р**елевантни **В**ременски ограничени (**С**пецифиц **М**еасурабле **А**цхиевабле **Р**елевант **Т**иметаблед- 'СМАРТ')

Кога ги поставувате објективите направете ги што е можно по СМДРВ за да може прогресот да се мери. Како се развива програмата, и како што повеќе информации стануваат достапни, подгответе се да ги ревидирате порано поставените објективи. Кога веќе ќе се постават целите и објективите и кога ќе се дефинира стратегијата, активностите и материјалите, како и пораките кои ќе се употребуваат за поддршка на тие активности може да се прегледаат и дефинираат по прецизно.
.

Во некои случаји, за достигнување на крајните објективи на програмата, потребно е воспоставување на посредни објективи. Примерите на прогресивен програмски развој со употреба на посредни целни групи и објективи, се програми кои први се стремат да ја подигнат свеста на жените и властите пред пред обраќање кон поседувачите на оружје, или програми кои почнале со Едукација за опасностите во обид да се сензивира заедниците пред превземање на по предизвикувачки Одбрамбени работи.





**Бокс 17: употреба на посредства за обраќање кон групите во-опасност**

Во Бразил, младите мажи од 15-29, 24 пати по веројатно е да загинат од огнено оружје отколку жените од истата годишна група. Како дел од работата за МЛО свест на НВО Виба Рио, беше дизајнирана стратегија за кампања со поглед кон давање на жените информации и аргументи, потребни за промоција на разоружувањето во нивните заедници, помеѓу нивните деца и сопрузи. На една церемонија за уништување оружја жените парадираа со транспаренти на кои беше напишан слогонат ”Одбери Без Оружја: Твоето Оружје или Мене.”



# 5. Дизајнирање материјали, активности и материјали, како и избирање на медиуми

Откако собраните информации ќе бидат анализирани и програмските објективи дефинирани, пораките можат да се припремаат за секоја целна група, и соодветните методи да се изберат за пренесување на пораките. Идентификуваните целни групи мора да се вклучени во овој процес за да се осигура да информациите и начините на испраќање се вклопуваат со локалните услови.

Во оваа поглавје, пораките за Едукацијата за Опаснотите, Адвокатурата и Јавно Информирање се земаат во предвид одвоено. Посебно за време на микро-разоружувањето на терен, актуелните пораки, материјали и употребени активности, можат да ги измешаат трите видови пораки. Ова не би требало да е проблематично до колку останат јасни комуникациските објективи. Исто така, круцијално е да се координира дизајнот на пораките со други организации кои работат на исто поле на активности, со цел, испраќање кохерентни информации до заедниците.

## 5.1 Дизајнирање на пораки за едукација за опасностите од МОЛО

За да се опфати претходно идентификуваната целна група со соодветните информации и советодавни пораки со (н.пр. клучните видови на однесување кои се покажале како успешни во намалувањето на опасностите од МОЛО), потребно е претходно да се воспостави настава за едукација за опасностите од МОЛО. Постои потреба да се дизајнираат различни видови на наставна програма за секоја од клучните целни групи со кои активистите би ги озведувале активностите за едукација за опасностите од МОЛО. Информациите собрани за време на фазата за проценка на потребите ќовозможуваат дизајнирање на наставата како таква, но примерите од настваните програми за целните групи се наведени подолу. Оваа наставна програма треба да се произведе како составен дел на почетниот тренинг на релевантните активисти задолжени за едукација за опасностите од МОЛО. Во идеална ситуација, овие активисти треба да бидат вклучени во изведување на проценката за потребите така да за време на обуката тие ќе можат да ги употребуваат собраните информации со цел да се идентификуваат специфичните советодавни пораки за секоја од целните групи. За времетраењети на процесот за собирање инфромации целните групи се идентификуваат и интервјуираат за прашања како што се нивната перцепција за опасностите од МОЛО, нивната ранливост и нивните потреби, како и нивната волја да го предадат оружјето. Откога ова е извршено може да се дизајнираат праките преку употреба на собраните информациите. Преку овој процес, целните групи ќе допринесат кон елаборацијата на самите пораки.

**Бокс 18: Видови на пораки**

При изведувањето на активностите, видот на пренесените пораки ќе зависи од потребите на заедницата, н.пр некои од целните групи можеби веќе знаат за одредени прашања, така да нема да биде потребно да им се предадат сите пораки вклучени во наставната програма.

### 5.1.1 Пораки што се однесуваат на заканите и проблемите од МЛО

Овие пораки се однесуваат на сите граѓани и во себе вклучуваат:

а) Информации за препознаванје на МЛО: обуката за препознаванје на главните типови МЛО естопати ќе биде прв чекор кон безбедно однесуванје. Дискутирањето за МЛО на ова неутрално техничко ниво исто така може да отвори дебата. ( погледни ги слајдовите за Препознаванје МЛО од ЦД- Ромот на ППМО и документите за класификација на оружја).

б) Влијаниа од зголемуванје/злоупотреба на МЛО: ( погледни анекс Б и презентациите на ЦД-РОМ). Тие пораки исто така можат да се употребат и за адвокатура.

в) Пораки што се однесуваат на ризичните однесувања кои претходно биле идентификувани (преку анализа на собраните информации) и истите треба да са избегнат, на пример:

- Ненамерно превземање ризик
    - Љјубопитност
    - Игрaње .
    - Ракување при одбрана други лица или при фрлање
    - Ракување од недостаток на знаење
    - Погрешно ракување при рутинска употреба ( п.р. ловење).
    - Ракување за дзабавае (тинејџери/ млади момчиња се забавуваат играјќи гангстери, гаѓање во цел идр.), или како дприбор во модае (п.р. да изгледа КУЛ)
    - Како дел од традиционални настани ( п.р. пукање при слава )
    - Не-безбедно чување
- Намерно превземање ризик:
    - Само-одбрана .
    - Економско (вклучувајќи рибарење со експлозив); криминални активности ( како трговија, киднапирања).
    - Несовладливост/трагачи по авантури (посебно тинејџерите и младите момчиња).
    - Насилство
    - Криминалитет
    - Повреди/смрт настанато од самите себе

**Бокс 19: Земање во предвид изложеноста на децата МЛО**

Често пати младите луѓе (посебно машките), искажуваат фасцинантност за МЛО, или порадитоа што оружјата се табу предмети или го гледаат оружјето во гламурозен, не безбеден и погрешен пат во филмовите , на ТВ и видео игри. Помеѓу постарите деца изложени на таков материјал, како резултат може да биде перцепирање на употребата на оружје како возбудливо, посебно во врска со гламурираниот криминален животен стил. Но, тоа во што децата по рутина не се изложени е трагичното влијание на злоупотребата на МЛО во вистинскиот живот, болка, губење живот и трауматизирани семејства. Поради овије причини важно е да се разговара со нив за разликите помеѓу оружјата и насилството во медиумите и игрите и начините на влијание на оружјато врз луѓето во реалниот живот. Децата се исто така природно љубопитни. Ова ги прави ранливи од сите видови МЛО, затоа што додека си играат можно е да бараат МЛО, или ракубаат со стапици или напуштени оружја и експлозиви, пронајдени на двор. Било која програма за едукација за опаснотите од МЛО, треба да ги земе предвид овије фактори. Треба да ги снабди децата со знајење, став и однесување кое им е потребно да бидат безбедни околу МЛО, започнувајќисо препознавање на МЛО.

### 5.1.2. Пораки за Редуцирање на Опасностите од МЛО

Овие пораки објаснуваат како да се одбраните себе си и другите со присвојување однесувања кои ги редуцираат опасностите од МЛО. Пораките ќе се разликуваат во зависност од целната група и нивната врска кон перцепцијата за МЛО ( п.р. децата против легитимните поседувачи на оружје против оние кои поседуваат воено оружје). Примерите се дадени во делот 5.4

## 5.2 Дизајнирање на пораки за пропоагирање на опасноста од МОЛО

пропоагирање на опасноста од МОЛО нема потреба од наставна програма на начин на кој тоа е потребно за едукацијата за опасноста од МОЛО, иако генерално наставата за едукација за

опасностите ги подржува многу од целите на пропагирање за опасностите од МОЛО, до таа мерка да тие ја убедуваат целната група за опасностите од поседувањето/злоупотребата на МОЛО. Исто така, многу од пораките за пропагирање тежнеат кон подржување на напорите за едукација за опасностите (н.пр. општите факти и податоци за МОЛО).

Видот на пропоагирање на опасноста од МОЛО кој се размотрува во овој случај е превземен во подршлана програматаза за микро-рззоружување, каде што целта на комуникацијата е да се мобилизираат целните групи за подршка или активно учество во активностите за собирање на МОЛО. Во овој случај пропоагирањето на опасноста од МОЛО се оние кои се псебно дизајнирани за подршка на собирањето на оружјето. Како и со сите пораки за ширење на свеста за МОЛО, и овие пораки треба да се дизајнирани врз основа на собирањето, анализата и стратешкото планирање, додека пак суштествените групи треба да бидат нишанети во склад со програмските цели. Сепак, суштествените пораки можеби ќе требаат да се менуваат или надополнат во специфични заедници. Причините за поседување, злоупотреба и расположивост на МОЛО можат да се разликуваат од една до друга заедница, така да пораките за пропоагирање на опасноста од МОЛО мораат да се осврнат на овој факт.

Пропагирањето за опасноста од МОЛО може исто така да има корист од употребата на општите факти и податоци за МОЛО и тоа на ист начин како и едукацијата за опасностите (види погоре).

**Бокс 20: Пароли за кампањата - примери и смерници за употреба**

Паролите за кампањата служат како типични примери на пораки за пропагирање. Во многу случаи еден обичен наслов или реченица се употребува за идентификација на програмата за ширење на свеста за МОЛО и во исто време да ги сумарузира главните цели. Паролите се исто така можност за обрнување внимание кон проблемите со МОЛО на позитивен начин. На пример, неодамна во Босна-Херцеговина, активистите на Црвениот Крст вклучени во едукацијата за опасностите од мините ги дополнија своите не допирајѓ пораки додавајќи Ја преживеавте војната, сега преживејте го миротѓ.

- Употребувајте обични, основни теми кои се препознатливи за голем број луѓе и на кои тие реагираат.
- Тестирајте го паролите врз целните групи, на начин како што тоа го правите со другите пораки.
- Обезбедете да паролите не се во контрадикторност со суштествените пораки.
- Обидете се да изберет нешто што звучи добро и имајте го на ум културното значење.
- Не употребувајте пароли претходно употребувани во други кампањи. Обидете се да бидете иновативни - тоа ќе го привлече вниманието на луѓето.

Следните пароли веќе биле употребувани во програмите за МОЛО изведени во ЈИЕ. Некои од нив се негативни, другите позитивни:

- За подобро утре (Македонија, 2003)
- Збогум на оружјето (Хрватска, 1990-ти)
- За живот, без оружје (Србија, 2000/1)
- Не ми ја убивај слободата (Косово, 2003)
- Почитувај го животот, врати го оружјето (Црна Гора, 2003)

## 5.3 Дизајнирање на пораки за јавно информирање (за МОЛО)

Во контекст на интервенцијата поврзана со МОЛО, целта на јавното информирање е да се одржува јавноста целосно информирана за точните услови на интервенцијата. Од таа причина е потребно да се произведат специфични пораки преку кои на заедниците ќе и се достават навремени и прецизни информации во врска со:

- Датуми за амнестијата за МОЛО.

- Начин и време на собирање (н.пр. про-активни посети од страна на офицерите задолжени за собирање на претходно одредените локации, или пак ослонување врз јавноста за да се посетат локациите одредени за собирање на оружјето).
- Вклучените организации (н.пр. полицијата, меѓународните организации, НВО-та).
- Законските аспекти (што мора и што не мора да се предаде, можности за регистрација, казни).
- Детали поврзани со компонентите за потикнување на предавање на оружјето.
- Информации за тоа какво треба да биде однесувањето за време на амнестијата и процесот на собирање оружје. (Во случајот на собирање и складирање на МОЛО тоа се офицерите и нормалните безбедносни сили).

Земајќи ја в предвид деталната природа на оваа информација, најдобро е таа да се предаде преку употреба на методи и материјали кои гарантираат постојаност во доставата (н.пр. служба за јавно соопштување, документи за стандардна оперативна процедураѝ, памфлети и посети на заедницата од страна на тренираните активисти).

**Бокс 21: Потешкотии во доставување на комплексни јавни информации**

Пројектот на УНДП Албанија за проблемите со МОЛО започна во Февруари 2002, со цел да ги промовира и помогне во напорите за собирање пору1жје во пет општини. Компонентата на кампањата за јавно информирање за ширење на свеста за МОЛО се фокусираше на точните услови на амнестијата, вклучувајќи ја и завршмата фаза на 4 Август, како и на условите на придружната шема за охрабрување на учесниците, наречена Оружје во напревар за развојѝ. По превземањето на опсежни напори за публицирање на информациите, УНДП овласти изработка на средно-рочно истражување во сите општини во Септември 2002, со цел да се измери ефективноста на програмата за ширење на свеста за МОЛО. Поради опсежниот спектар на активности и медиуми употребени во пројектот за МОЛО, 90% од анкетираните беа информирани за проектот. Сепак, околу 40% од нив не знаеја за натпреварувачката компонента. 87.2% од анкетрираните знаеја за крајниот рок закажан за 4 Август, од кои анкетираните на 40-60 години возраст беа најдобро информирани.. ТВ вести се на највисоко место како извори на информации (52%), селдени од ТВ репортажите (29%), постери (8.2%), усмени информции (8.8%) и јавни собири (1.7%). Севкупно, учесниците под 18 годишна возраст искажаа најмалку интерес за деталите од овој проект.

*Извор: Извештај за првичниот период, САЛЊЦ Проект, УНДП Тирана, Септември 2002.*






## 5.4 Примери на суштествени пораки на програмата за ширење на свеста за МОЛО[35]

**Табела 9: Пораки за самостојна едукација за опасностите од МОЛО**

| ЦЕЛНИ ГРУПИ | ВИДОВИ ПОРАКИ ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОПАСНОСТИТЕ ОФ МОЛО |
|---|---|
| **(а) ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА МОЛО** | |
| **Било која/сите групи** | • Види ги слајдовите и документите за класификација на МОЛО во приложениот ЦД-РОМ. |
| **(б) ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА МОЛО** | |
| **Било која/сите групи** | **Општо влијание**<br>• Насекаде низ ЈИЕ, нелегалната трговија и поседување со МОЛО подразбира: подривање на владеењето на правото; предизвикување секојдневни смртоносни жртви; поттикнување криминал и нестабилност; влошување на тензиите; негирање на сигурноста и мерките за изградба на меѓусебната доверба; како и попречување на развојот.[36]<br>**Физичко влијание**<br>• МОЛО може да убие или заплаши. Секоја минута еден човек гине убеин од пиштол. Можеби вие познавате некои од нив? [37]<br>• Исто таке земете ги предвдид материалите за едукација за опасностите од МОЛО приложени во ЦД Ромот, н.пр. Како Настануваат Поврдите Нанесени од МОЛОй.<br>**Психолошкото влијание**<br>• Да бидеш заплашен од МОЛО значи да си изложен на секојдневна борба. Доколку сте заплашени, ќе биде тешко да ги извршувате вашите секојдневни обврски и заработувате за живот; може да биде секојдневна борба да се биде прифатен од страна на општеството и да се живее нормален живот. Жртвите можат да ја загубат подршката на семејството. Семејствата може да бидат немоќни да ги поденсат емотивните и финансијските потешкотии за гриж за осакатени членови. Повредените може да не бидат способни да се носат со последиците на својата несреќа. Жртвите од МОЛО можат да ја загубат својата само-доверба и гордост и паднат во депресија. Понатаму, носителот на оружје исто така носи товар - на нелегалноста и стравот - со кои тој е принуден да живее, како и со сознанието дека тој и неговото оружје претставуваат опасност за живот. Откога ќе се ослободи од оружјето, тој е слободен да живее поздрав живот.<br>**Локалното влијание**<br>• Зависно од информациите собрани на централно и локално ниво<br>**Друго** (н.пр. економија, степен на криминалот, статистики за собирање и уништување, трговија со оружје). Можни извори:<br>• Анекс Б и Анекс Ф<br>• База на податоци на СЕЕСАЦ за статистиките собирање и уништување на оружјето (http://www.undp.org.yu/salw/reppar2.aspx) and (http://www.undp.org.yu/salw/reppar3.aspx)<br>• Информациите собрани на почетокот на програмскиот циклус и посебно низ сите национални анкети за МОЛО (приложени во http://www.seesac.org/reports/surveys.htm) |

[35] Сега   ните програмски пораки би се развивале врз база на истражувања како на п.р. истражувања за МЛО и проценка на програмските потреби-следните пример-пораки не се наменети за да бидат универзално употребливи

[36] Сопствени главни пораки на ЈИЕКМО што се однесуваат на влијанието на МЛО врз регионот.

[37] Статистика понудена од IANSA, http://www.iansa.org.

| ЦЕЛНИ ГРУПИ | ВИДОВИ ПОРАКИ ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОПАСНОСТИТЕ ОФ МОЛО |
|---|---|
| **ИНФОРМАЦИИ ЗА ОПАСНО ОДБЕСУВАЊЕ** | |
| **Загрозени групи** | • Врз основа на собраните информации |
| **ПОРАКИ ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА МОЛО** | |
| **Општо** | **Оружје**<br>• Сите оружја се дизајнирани со цел да убиваат. Тие потребуваат специална обука за нивна безбедна употреба. Доколку немате добиено таква обука, не треба да се обидувате да ракувате со оружје.<br>• Оружјата од армијски вид се посебно опасни за секого - незаконски е да се поседуваат и тоа поради мошне добри причини.<br>**Муниција и експлозиви**<br>• Сите видови муниција и експлозиви (М & Е) се потенционално смртоносни бидејќи содржат експлозивни материјали и се способни да убијат или ранат во широк дијапозон.<br>• Исто така, тие можат да експлодираат и на најмал допир.<br>• Доколку живеете во регион претходно опфатен од војна, немојте да се движите во познати опасни региони.<br>• Не допирајте и не се доближувајте до М & Е поради никаква причина<br>• Не фрлајте ништо врз М & Е или било кој друг сомнителен објект<br>• Не се обидувајте сами да отстранувате М & Е,<br>• Не се обидувајте да отстранувате М & Е со палење на површината околу нив<br>• Не собирајте М & Е или нивни делови<br>• Иако М&Е не е положн или испукан, тоа секако не значи дека е безбеден<br>• Доколку некој ја преместил М & Е, тоа не значи дека истата е безбедна<br>• Бидете внимателни на знаците за можна опасност и држете се настрана<br>• Секогаш почитувајте ги знаците за предупредување |

| ЦЕЛНИ ГРУПИ | ВИДОВИ ПОРАКИ ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОПАСНОСТИТЕ ОФ МОЛО |
|---|---|
| ИНФОРМАЦИИ ЗА ОПАСНО ОДБЕСУВАЊЕ | |
| **Носители на оружје** | **Општо**<br>• Оружјата, муницјата и експлозивите се секогаш опасни, секогаш се оптоварување и никогаш безбедни за вас и вашето семејство.<br>• Секоја можна придобивка од држењето оружје во голема мерка зависи од тоа дали носителот има поминато обука и поседува јасно сознанија за процедурите за безбедност и складирање. Држење огнено оружје со цел заштита на вашето семејство нема смисла доколку семејството, гостите или заедницата ја става во опасност.<br>• Можно е безбедно да се складира и употребува оружјето наменето за лов и спорт, но не е можно истото да се стори и со експлозивите, ниту пак со армијските оружја и муниција. Таквите видови оружја се обични незаконски, токму од причина што тие никогаш не се безбедни.<br>• Нелегалните оружја, бидедејќи неконтролирани, се најмногу крадени од криминалци и терористи и причинуваат многу повреди кај децата.<br>• Дасе носат и употребуваат може да биде опасно за вас и останатите.<br>• Да се чуваат во вашиот дом значи и да се доведе во опасност вашата безбедност, безбедноста на вашето семејство како и пошироката заедница-правејќи ги небезбедни.<br>• Не ги оставајте оружјата на јавни места и со тоа да ги доведете во опаснот другите а особено децата.<br>• Фрлените оружја секоја година убиваат илјадници невини луѓе, а особено деца.<br>• Секоја идна амнестија на оружје ќе биде ваша единствена можност да се ослободите од оваа опасност.<br>• До тогаш, единствено што можете да направите е да го редуцирате ризикот од овие оружја со тоа што ќе ги чувате на одреден начин, со тоа осигурваќи дека другите, а особено децата нема никогаш да дојдат во контакт со нив.<br>**Безбедно управување за корисниците на оружје** [38]<br>• Кога и да земете оружје во вашите раце, претпоставете дека е наполнето и опасно.<br>• Кога и да управувате со оружје, контролирајте ја насоката на цевката во секое време; никогаш не ја насочувајте кон било кој без оглед дали е полно оружјето или не.<br>• Бидете сигурни за вашата цел, знајте што е, што е во линија со истата или позади. Никогаш не пукајте во нешто кое не сте го идентификувале позитивно.<br>• Не го повлекувајте чкрапалото се додека погледот не ви е на целта, и оружјето закочено се додека не сте спремни за пукање.<br>**Основни безбедносни пораки:**[39]<br>Што е безбедност на оружјето?<br>• Повеќето, но не сите оружја се опремени со механизам за редукција на несакано испукување. Тоа може да биде во форма на лизгач, полуга или копче на страната или на горната страна на оружјето. Безбедноста се смета за висклученаг, кога оружјето е способно за користење доколку се повлече чкрапалото. |

[38] Погледни исто така во документот на ЈИЕКМО: Four Rules of Gun Safety' на ЦД-Ром

[39] Делови од Handling Small Arms, прирачник за Безбендо ракување, Транспорт и Складирање, Bonn International Center for Conversion (BICC).



| ПОРАКИ ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОПАСНОСТИТЕ ОД МОЛО | |
|---|---|
| **Носители на оружје** | • Безбедносната позиција може да биде покажана на следниве различни начини: “Fire” и “Safe” или “F” и “S”; “On” и “Off”; Црните или белите точки покажуваат дека оружјето е безбедно, црвената покажува дека може да се пука. Некои оружја може да користат и црно/бела нула (0) или знак на куршум со линија наместо точка<br>• Оружја со селективен оган може да ја користат и буквата “А” за автоматскио пукање и “Р” за полу-автоматско.<br>Колку е безбедна вбезбедностаг на оружјата?<br>• Никогаш не претпоставувајте дека употребата на безбедносниот механизам ќе спречи случјно пукање. Некои оружја се опасно недоверливи, како на пример некои постари оружја може да испукаат ако се удрени или доколку паднат. Исто така на оружја кои се доста употребувани, безбедноста може да се влоши до точка каде што не може да се спречи испукување.<br>Како може да знам дали оружјето е полно?<br>• Доколку имаш познавање за тоа како се управува со специфичен модел на оружје, секогаш претпоставувај дека е полно и опасно.<br>Дали е оружјето безбедно доколку сум го повлекол чкрапалото и ништо не се случи?<br>• Муницијата не е никогаш 100 % доверлива, посебно доколку е стара и допуштила да биде оштетена од временските околности, или ако е произведена од аматери.Затоа, повлекувањето на чкрапалото не значи дека го активира куршумот. Ова создава опасна ситуација наречена несакано испукување.<br>Дали оружје покриено со реѓа или кал се Уште функционира?<br>• Некои мали опружја, како што се АК-47 се посебно дизајнирани да продолжат да бидат оперативни наспорти лошите временски прилики или рокот на употреба. Секое огнено оружје треба да се третира како да може да опали веднаш. Само оружарите или други експерти можат да оценат дали опружјето е употребливо или не.<br>**Складирање за намалена опасност**[40]<br>• Ќе биде побезбедно за ващдеца И членови на семејството доколку оружјето не го чувате дома. Доколку сте принудени на тоа, (н.пр. оружје за лов И спорт) ве молиме да го оебезбедите следното:<br>Оружје[41]<br>• Ваша одговорност е да ги спречите децата и наовалстените возрасни лица да имаат присптап до оружјата кои вие ги имате складирано.<br>• Секогаш внимателно и потполно испразнете и исчистете го ловечкото оружје доколјку истото го внесувате дома.<br>• Никогаш не го полнете оружјето дома.<br>• Обезбедете се да огненото оружјето кое го чувате дома е складирано на сигурно место и надвор од достап на децата. Запоменте дека децата се по природа љубопитни И ќе бараат насекаде низ куќата И се секогаш во потрага по интересни предмети И можат да се играат со она што ќе го најдат. Затоа, заклучување на оружјето во шкафови или сефови е од голема важност. |

[40] Пораките за складирање со редуциран ризик треба да се испратат до поседува ите на оружје во ситуации каде наме планирана амнестија или собирање оружје. Кога амнестијата им дава можност на поседува ите на МЛО да го предадад оружјето, паметно би било да се прекине привремено овој вид на Едукација, за да не произведе конфузија од пораки.

[41] Делови од Firearms Responsibility in the Home’, Национално СтрелачкоСпортско Здружение, www.nssf.org.





| ПОРАКИ ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОПАСНОСТИТЕ ОД МОЛО | |
|---|---|
| **Носители на оружје** | • Секогаш муницијата чувајте ја оделно од оружјето. Повторно, употребувајте заклучени локации за децата да немаат пристап..<br>• Многу несреќИ се имаат случено кога членовите на семејството имаат позајмено оружје кое потоа го врашаат И складираат наполнето - затоа проверете повторно дали оружјето е испразнето кога е е извадено од складот.<br>• Ваштиот дом е безбеден во онаа мерка во која вие ќе се одлучите да биде таков. Запомнете, не постои такво нешто како безбедноѝ оружје во домот.<br>Муниција и експлозиви.<br>• Секогаш складирајте ја муницијата оделно од оружјето и во заклучени контејнери.<br>• Муницијата и експлозивите се неодминливо нестабилни. Тие можат спонтано да експлодираат тогаш кога ќе станат стари. Доколку имате стара или зарѓана муниција или експлозиви, треба да ги известите властите пред да настане некоја несреќа.<br>• Никогаш не држете воени предмети како гранати или експлозиви во вашиот дом. Доколку сте решиле вашето семејство и вашата заедница постојано да ја доведувате во опасност преку држење на такви предмети, тогаш барем сладиракте ги надвор од домот на сигурни и суви места. |
| **Безбедно предавање** | • Види ја Табелата 10 предадна подолу. Во принцип не постои причина зошто вежбите за безбедно предавање на оружјето да не се предаваат како самостојна едукација за опасностите, иако на останатите информации треба да им се даде приоритет. |
| **Родители** | Погледни ја горната проака за носителите на оружје. Исто така:<br>• Бидете позитивен пример за вашите деца. Децата често се ранувaат при обидите да ги имитираат своите родители.<br>• Запомнете дека децата се по природа љубопитни - не постои такво нешто како безбедно оружје во домот. |
| **Деца** | • Оружјата можат да повредат секого, некои деца се повредија бидејќи тие не научија за опасностите ниту пак за тоа како да се однесуваат со нив.<br>• Оружјето не е за забава. Не треба да се играш со нив.<br>• Не се обидувај да бидеш како возрасните или војниците<br>• Доколку видете пиштол, муниција или експлозиви - застанете, не ги допирајте, тргхни се настрана и кажи им на возрасните<br>• Не барајте оружје за игра, тие се опасни а и местата каде што тие се наоѓаат се исто така опасни.<br>• Никогаш не собирајте стари кушуми или експлозиви бидејќи тие не се играчки И можат да ве повредат<br>• Помогнете им на вашите пријатели со тоа што ќе им кажете никогаш да не го доШпираат оружјето |



**Табела 10: Пораки за ширење на свеста за МОЛО во подршка на собирањето на оружјето**

| ПОРАКИ ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОПАСНОСТИТЕ ОД МОЛО | |
|---|---|
| **Безбедно предавање** [42]<br><br>(Пораки пренесени до оние кои можат да земат активно учество во собирањето на оружјето, вклучувајќи ги и поранешните носители на МОЛО, како и активисти за собирање како што се полицијата и НВО-та) | **Предавање на оружјето**<br>• Никогаш не нишанете во некого, без обзир дали ориужјето е наполнето или не. секогаш треба да претпоставувате дека истото е наполнето се додека не се докаже спротивно.<br>• Иглата за обезбедување на оружјето треба да биде во SAFE позиција<br>• Обезбедете да рамките не се со муниција кога се предаваат за безбедно складирање<br>• Обезбедете да оружјата се празни и без муниција при предавањетѕо<br>• Доколку муницијата е заглавена во оружјето, техничката екипа треба да биде благовремено известена. Оружјето треба содветно да се обележи дека содржи муниција<br>• На личноста задолжено за примање на оружјето истотот треба да се прикаже како празно за тоа да се прифати во безбедно складирање<br>• Никогаш не им дозволувајте на децата да ракуваат со оружје при<br>**Предавањето оружје, муниција или експлозиви**<br>• Сета муниција треба да се употребува со внимание и не смее да се фрли, отвори или удира<br>• Детонаторите треба да се складираат во посебни контејнери, настрана од останатата муниција или експлозиви<br>• Муницијата и есkплозивите треба да се складираат во затворени контејнери<br>• Муницијата и експлозивите НЕ смее да се складираат на иста локација со горива или било кој друг лесно запалив материал<br>• Безбедносите игли на гранитите треба да се обезбедат со леплива лента во позиција SAFE за да се спречи евентуалното откинување<br>• Муницијата најдена надвор не смее да се предаде за собирање. Техничката екипа треба да се информира за локацијата. Тие ќе аранжираат тимот за Остратнување на Експлозивни Материјали да обезбедат да муницјата е безбедна за преместувањеј<br>• Никогаш не им дозволувајте на децата да ракуваат со муниција или експлозиви за време на собирањето на оружјето |
| **Привремено складирање** | • Консултирајте ја безбедносната картичка на СЕЕСАЦ Привремено складирање на муницијата во итни случаи- приложена на ЦД-РОМ |
| **Друго** | • Едукацијата за опасностите од МОЛО која не е специфична за амнестијата и соборањето на оружјето може сепак да се изведе преку употреба на пораките како претходно наведените во Табелата 9. |

[42] Пораките земени од ЈИЕКМО 'Safety Cards', види САСП ЦД-РОМ.





| ПОРАКИ ЗА ПРОПАГИРАЊЕ ЗА МОЛО [43] | |
|---|---|
| **Општо** | • Сите оружја, муниции и експлозиви се опасни.<br>• Тие се дизајнирани за да убиваат<br>• Се тврди дека околу пола миллион луѓе се жртви на МОЛО секоја година. Тоа значИ дека додека збориме, две личности биле убиени од МОЛО: можеби позневате некого од нив?<br>• Се тврид дека во текот на 90титес преку два милиона деца биле убиени од оружје И над 50.000.000 ;уѓе биле заплашувани. Затоа, размили колку навистина ти треба оружје? Дали со тоа себе и луќето околу тебе ги ставаш во поопасна отколку побезбедна ситуација?<br>• Воените оружја во заедницата ја загрозуваат и заедницата и земјата - помогни да тое се промени<br>• Оружјата се опасни, тие убиваат жени, деца и се дестабилизирачки фактор за целата земја<br>• Тие генерираат насилство во семјствата каде жртви обично се жените е децата<br>• Оружјата генерираат и стимулираат цриминал. Стотици луќе биле убиени во вашиот регион; стотици други се ранети или инвалидизирани<br>• Избери мир, стабилност И подобар живот - предај го оружјето<br>• Направи нешто добро за себе и својата земја - врати го оружјето<br>• Имаш право на безбедна средина, средина без оружје<br>• Воените оружја во рацете на цивилите ја загрозуваат вашата заедница и земја - помогни тоа да се промени |
| **Деца** | • Оружјето може да ти ја оземе твојата мајка, татко, брат, сестра - и тоа засекогаш.<br>• Кажи им на родителите колку тоа ви бе растажило.<br>• Заслужуваш подобра иднина без оружје. Барај од родителите да ја изградат твојата иднина. Кажи им на родителите дека сакаш безбеден живот.<br>• Барај од родителите да мислат на тебе и да се откажат од оружјето. |
| **Родители** | • Размисли дали навистина ти треба оружје - наместо заштита, тоа го става твоето семјство во опасност.<br>• Твоите деца заслужуваат подобра иднина - помогни им да ја изградат таа иднина преку така што ќе го предадеш оружјето<br>• Кога ќе видиш оружје, размилси што тоа може да му направи на младото тело на твоето дете. |
| **Жени** | • Оружјето дома можже да го убие твоето дете и твојата надеж за иднината. Разговарај со соседите и твоите пријатели и помогни во ширењето на пораката.<br>• Вие можеш да одиграте голема улога во своето семејство за да ги убедите своите деца, своите браќа, вашите сопрузи да се откажат од оружјето<br>• Спаси животи - кажи не на оружјето<br>• Оружјата се создадени за да одзимаат животи - ти сакаш да градиш животи<br>• Ти имаш дадено живот на детето и ти знаеш најдобро како да го чуваш неговит живот<br>• Разговарај со соседот или пројателот за да ја пренесеш понатаму пораката<br>• Битката за подобар живот се победува без оружје |

[43] Многу од пораките се усвоени од материјали произведени од УНДП Проект за Контрола на МЛО во Албанија, другите се измислени.



| ПОРАКИ ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОПАСНОСТИТЕ ОД МОЛО | |
|---|---|
| **Тинејџери/ млади мажи** | • Пиштолџиите изгледаат кул само во филмовите. Животот не е филм, луѓето навистина гинат од оружје [44]<br>• Сакаш да бидеш некој, да бидш почитуван и забележан. Доколку мислиш дека пиштолот ќе ти го овозможи тоа - грешиш - луќето ќе ти се смеат и ќе ти кажат дека си слаб и дека се криеш позади пиштолот.<br>• Некои сеуште мислат дека е кул да имаш пиштол, но времижата на пиштолџиите е завршено. Погледни околу себе - ние сме во Европа, а Европа нема потреба од луѓе кои имаат сопствено оружје. |
| **Наставници** | • Виа имате витална улога како наставници да ги воспитате младите за толеранција И ненасилство<br>• Воспитувајте ги децата да не се играат со оружја; воспитајте ги да ги учат И другите деца;<br>• Вашата улога е да ги убедувате вашите ученици да го одбиваат оружјето<br>• Учете гид ецата да ги учат своите родители да се откажат од оружјето |
| **Полиција** | • Вашата функција е од суштинска важност за: информирање на луѓето за опасностите оф држење МОЛО дома; да им се каже на децата да не допираат МОЛО, доколку најдат такво, туку да го оставам каде што е И да го пројават во најблиската полициска станица, кај возрасните или валстите<br>• Пораки/обука за безбедно ракување И складирање (консултирај ги безбедносните картичкий (1) и (2)на СЕЕСАЦ |
| **Медиумите** [45] | • Луѓето имаат потреба за точни информации од вас за штетата нанесена од оружјето И за кампањите против оружјата.<br>• Спорадичното И сензационалистичко пишување нема да помогне за да се промени менталитетот на луѓето. |
| **НВОа** | • Ова е најголем предизвик за нашето општество - ни треба вашата помош во ширењето на свеста на луѓето за опасностите оф МОЛО<br>• Помалку оружје ќе ја подобри можноста за допбивање проекти за развој<br>• Малите оружја убиваат - делувај против нив секогаш кога тоа е можно |
| **Локална и централна власт** | • Повеќе безбедност - повеќе инвестиции, повеќе разцвој за земјата без оружје Странските инвестиции нема да дојат се додека вооружени луѓе гоп нарушуваат јавниот ред И продуцираат нестабилност<br>• Нашите граѓани имаат право на безбедна средина без оружја<br>• Да се биде прифатен од Европа И останатиот свет, ние мора прво да озбезбедиме владеење на правото. Помалку криминал И подобар имиџ - оружјето не спречува да го постигнеме тоа<br>• Поради та причина е важно да се информираат заедниците за опасностите од поседување и злоупотреба на оружјата<br>• Кампањите за собирање на опружјето се важни за подобрување на безбедноста во заедницата |

[44] Земени од кампањатоа на Југословенскиот Црвен Крст ‘For Life, Without Weapons’

[45] Медиумите не треба да се гледаат само како пренесува на информации туку исто така како и како целна група за кампањата.

| ПОРАКИ ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ (за МОЛО) | |
|---|---|
| **За севкупната заедница** | • Националната акција за амнестија на оружјето трае до 9 Април 2003 [46]<br>• Може да го легализирате вашето нерегистрирано оружје, или пак го предадете нелегалното оружје д во најблиската полициска станица или воена база се до крајот на нацведениот период.<br>• Нема да бидете гонети за нелегално поседување доколку го пријавите оружјето кое го поседувате за времетраењето на акцијата<br>• Може да озаконите: оружје за спорт, лов и трофејно оружје; пиштоли; револвери; пушки; карабини<br>• Не може да озаконите: автоматски и полу-автоматски оружја, митраљези, нагaнзи мини, експлозиви и рачни гранати, рачни минофрлачи, минофрлачи и муницијата наменета за истите)<br>• За подетални информации контактирајте ја најблиската полициска станица или пак веб-сајтот на МВР<br>• (НБ: Во случаи кога постаојат инциентиви за охрабрување на предавањетио на оружјето (ОРР, ОКР, ОЗИ) потребни се дополнителни пораки за да се информираат личностите и заедниците за тоа како да учествуваат) |
| **Агенти за собирање и скалдирање на МОЛО и безбедносните сили** | • Во додаток на пораките и материјалите за Едукација за опасностите оф МОЛО, луѓето кои земаат активно учество во собирањето на МОЛО треба да примаат информации за тоа како да се оденсуваат земајќи ги в предвид специфичните услови на планот за било каков вид на амнестија или собирање. Брифинзите за прашања и одговори како и документите за Стандарди на оперативна процедурај можат да се употребуваат за да се пенесат пораки како Што треба да се направи доколку за време на рутинска контрола на контролниот пункт наидете на граѓанин кој носи оружјеј |

## 5.5 Развој на суштински пораки

Секоја програма за ширење на свеста за МОЛО ќе избере како цел одредена публика како дел од својата сратегија. Јавноста претставена во погорната табела како И во Оделот 4.1.1 е само една од можните целни групи на програмите за ширење на свеста за. Зависно од околностите и усвоената стратегија, можно е да се идентификуваат и другите.[47]

Откога ќе се идентификуваат клучните проблеми поврзани со МОЛО во заеднциата, ако И главните целни групи за учество во програмата за ширење на свеста, може да се почне со развој на пораки за нивна употреба во склоп на различни активности дизајнирани за да донесат позитивни промени во оденсувањето. Потребно е да се дизајнираат специфични пораки чија ефективност И важност исто така треба да се провери, со цел да се обезбеди да секоја група се има обратено на соодветен начин. Како што е забележано во Оделот 2.6, употребените пораки треба да ги нагласат придобивките И цената на промената во оденсувањето кај одредена група или личност.

Преку комбинирање на пораките за различни групи можно е да се изгради листа на основниј програмски пораки за различен вид групи, и тоа како на национално, така и на локално ниво. На овој начин активистите на програмата ќе обезбедат висок степен на конзистентност при предавањето на пораките преку различен вид на материјали и активности, почнувајќи од дискусии до рок концерти или постери (види го Оделот 5.4 и Оделот 7 за информации за дизајнирањето на активностите и материјалите). Обично наједноставен начин е да се се произведе иницијален комплет на пораки на

[46] Пример земен од Српското Министерство за внатрепни Работи, летоците за јавна информација дистрибуирани во сите домакинства за време на Амнестијата за МЛО во 2003.
[47] За повеке информации види во Improving Communication in Mine Awareness Programmes, оперативен прирачник, Меѓународен Центар за Хуманитарно Деминирање, Женева, Мај 2002



национално ниво кои можат да се дополнат или изменат од страна на активистите ангажирани во заедниците.
Како што програмата се развива или пак околностите се менуваат, некои од суштествените пораки исто така можеби ќе требаат да подлежат на промени. Секаде каде штпо тоа е изводливо, пораките треба да се координираат со останатите учесници со цел да се максимализира влијанието. При изведувањето на инцијативите за микро-разоружување, барем некои од пораките треба да целат кон обезбедување подршка на оперативните цели на таа инцијатива.

Сепак, важно е да се запомни дека пораките како такви не се доволни. Тоа што ќе предизвика промени е комбинацијата од:

- Пораките како такви.
- Средствата и методите употребени за нивно пренесување.
- Процесот на споделување информации со засегнатите заедници како и нивно вклучување (н.пр. преку интерактивнми активности); и
- Обезбедување на соодветни информации, умешности и алтернативи, како и општествено-економски, законски, политички и технички елементи за да се охрабри И промовира безбедното однесување. (види Одел 2.6).

**Бокс 22: Пораки наменето за поранешните борци**

Проанешните борци како група обично се чувствуваат сигурни во употребата на оружјето, муницијата и експлозивите. Нивната обука може да биде неадекватна во тој поглед, но со обзир на тоа што имаат војувано - многу од нив не се чувствуваат несреќно при ракување со МОЛО па дури може да чувствуваат и извесна доза на гордост за својата блискотс со оружјето. Може да се очекува да поранешните борци ќе покажат слава заинтересираност кон понуденета едукацијза за опансотите. Добар начин да се пријде на оваа група е преку разговор за опасностите од оружјето во заедницата, наместо да се разговара само за оружјето како такво или пак да се употребуваат други поранешни борци со цел да се обезбеди пристап до нив. Во некои случаи е можно да се вклучат некои од поранешните борци во програмите за контрола и ширење на свеста за МОЛО И тоа пред се поради нивните знеања за МОЛО (не заборавајте дека членовите на полицијата и војската често практицираат небезбедни пракси И аднесувања окога станува збор за МОЛО. Долготрајното искуство не е гаранција за компетентност!).

**Бокс 23: Дизајнирање на пораки**

При дизајнирањето на пораките на програмата за ширење на свеста за МОЛО многу аспекти што се однесуваат на пораката се исто така важни:

- Дали однесувањата и пораките пренесени преку сликата се безбедни? (Види Одел 2.5)
- Дали сликите пренесуваат порака која ги потпомага целите на програмата?
- Дали пренесуваат порака за безбедно однесување во врска со оружјето, муницијата и експлозивите?
- Дали тие можат да имаат било каква негативна или несакана конотација кај целните групи?
- Дали се соодветни на локални ниво? (Запоменете дека не е доволно да се мисли само за локалната култура, туку за видовите на МОЛО во регионот каде се изведува интервенцијата - не употребувајте слики на неважни оружја)

## 5.6 Избирање на средства за комуникација[48]

Со цел пренесеување на пораките за програмата за МОЛО може да се употребуваат различен вид на медиуми, материјали и активности. Постојат многу точки кои треба да се земат предвид при решавањето кој микс методи да се употреби. Почетната точза донесувње одлуки треба да биде стратегијата и контекстот. Работите кои треба да се земат предвид вклучуваат:

- Вид и број на целни групи.
- Нивното постоечко ниво на знаење / активизам.
- Постоечките средства за комуникација на ниво на земјата и заедницата
- Локалната култура.
- Нвоа на пристао кон различни каналий во засегнатите заедници.
- Ниво на доверба во различни медиуми.
- Дали одреден медиум е соодветен за вашата порака.

### 5.6.1 Интерактивно против еднонасочна комуникација

Корисно е да се прави разлика помеѓу два вида комуникација: интерактивна и еднонасочна комуникација. Било која стратегија за комуникација треба да содржи мешовити методи за да се испрати пораката, да се зацврстат пораките на различни начини во различно време и да се достигне соодветното растојание на групите кои се селектирани како целни. Зборувајќи за ова, искуствата покажуваат дека интерактивната форма на комуникација (активности кои на некој начин се учеснички п.р. тие инволвираат дво-страна размена на информации) и бараат интерперсонална комуникација (комуникација личност на личност) обично се нај ефективни начини за носење на пораките дизајнирани да го сменат однесувањето на луѓето. Сегашните размислувања во развој на комуникацијата и МРЕ областите се дека успешни социјални интервенции се тие кои ги комбинираат медиумските и интерперсоналните канали на комуникација.[49] Додека, употребата на мас-медиуми и мали медиуми ( посебно мас-медиуми) е важна за креванје на свеста за прашањата дури и во почетните дискусии помеѓу тие луѓе кои не се изложени на пораката, социјалното учење и носењето-одлуки вклучува повеше него добивање пораки.[50]

**Табела11: Компарирани интерактивни и едно-насочни методи на комуникација**

| ПРИМЕРИ | ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| **ИНТЕРАКТИВНИ АКТИВНОСТИ И УПОТРЕБА НА МЕДИУМИ** | | |
| • Игри<br>• Натпреварувања<br>• Интерактивни куклени/ театрални претстави<br>• Дискусии/состаноци<br>• Игранје улоги<br>• ТВ/Радио програми (кога партиципација од слушателите е потребна)<br>• Демонстрации/маршеви<br>• Петиции<br>• Работилници за уметност на заедниците | • Кога се носат од луѓе кои можат да добијат почит од целната група, имаат висок кредибилитет<br>• Овозможува да чувствителните теми се диску тираат<br>• Дава моментален фидбек за идеите, пораките и практиките | • Екстремно одземанје време<br>• Интерперсоналните контакти од висок интензитет можат да ја зголемат цената по глава<br>• Допира до само мал број на луѓе<br>• Теренските работници првин мора да се обучат и поддржат<br>• Квалификациите, полот, етницитетот, и други лични карактеристики создаваат граници на тоа кој може да добие респект од целните групи |

[48] Поглавјата што следат, црпат највеке од 'Improving Communication in Mine Awareness Programmes, оперативен прирачник, Меѓународен Центар за Хуманитарно Де-минирање, Женева, Мај 2002

[49] Flay B.R. i Burton D, 'Effective Mass Communication Strategies for Health Campaigns', in C. Atkin and Wallack, L. (eds.), *Mass Communication and Public Health* (1990); i, Hornik R.C. 'Channel Effectiveness in Development Communication Programmes', in Rice, R.E. i Atkin C.K. (eds.) Public Information Campaigns, 2-ро издание, (пп. 309-330), (1989).

[50] Rogers, E.M., Vaughan, P.W., Swalehe, R.M.A., Rao, N., Svenkerud, P. and Sood, S, 'Effects of an Entertainment-Education Radio Soap Operaa on Family Planning Behaviour in Tanzania', *Studies in Family Planning*, 30 (3), 193-211, (1999); and Mitta, R. and Simmons, R. 'Diffusion of the Culture of Contraception: Program Effects on Young Women in Rural Bangladesh', *Studies in Family Planning,* 26 (1), 1-13 (1995).



| ЕДНО-НАСОчНИ КОМУНИКАЦИСКИ АКТИВНОСТИ И УПОТРЕБА НА МЕДИУМИТЕ | | |
|---|---|---|
| • Предавања<br>• Изложби<br>• Куклени/театрални претстави(кога не се следат)<br>• ТВ/Радио спотови и програми | • Кога се носат од луѓе кои можат да добијат почит од целната група, имаат висок кредибилитет<br>• Може да даде информации на голема публика<br>• Може да се бави со специфична тема во длабочина | • Набљудувањето на испораката на информации може да е тешка<br>• Нема моментален фидбек од публиката<br>• Учеството на публиката е ограничена или непостоечка<br>• Интересите на публиката може да се лимитирани<br>• Може да е досадно |

Било кој канал да е избран да ги пренесе пораките, запомнете дека повторувањето е основно, или луѓето би ја промашиле пораката. Дури и тие кои ја добиваат пораката потребно им е засилување на пораката. Исто така запомнете дека треба да го набљудувате приемот на вашиот медиум и пораките, како што се развива програмата и да се прифаќаат според тоа. Долу дадена е листа на медиуми, материјали и активности. Не е исцрпна , но дава идеја за тоа што може да се користи.

**Табела12: Предности и Недостатоци на различни видови комуникацијски активности**

| АКТИВНОСТИ/УПОТРЕБА НА МЕДИУМИ | ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| **Игри** | • Интерактивно<br>• Лесно се пренесува пораката до децата учење при работа<br>• Дозволува повторување на пораките без да се досади публиката ( преку разни игри)<br>• Разноликост<br>• Зацврстување на пораките во заедницата | • По тешко е да се употреби со возрасни<br>• Мал број на луѓе вклучени во исто време<br>• Ако лошо се спроведе, може да даде погрешна порака ( п.р. МЛО се забавни) |
| **Натпреварувања** | • Добар начин за работа со деца<br>• Национална, на висока скала активност што вклучува многу луѓе<br>• Индиректно вклучување други групи покрај целната публика п.р. наставници, власти, родители, медиуми<br>• Зацврстување на пораките во заедницата<br>• Резултатите на натпреварувањето можат да се употребат за други активности( п.р. постер натпревари: победничкиот постер може да се употреби за производство на постер или летоци за кампањата | • Набљудување на пораките и целната публика ( п.р.како тие ги примиле информациите) може да биде тешко |

| АКТИВНОСТИ/УПОТРЕБА НА МЕДИУМИ | ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| **Мобилни претстави и јавни настапи ( п.р. куклени претстави, театар, интерактивен театар)** [51] | • Интерактивно п.р. учество на публиката или смена на улогите помеѓу глумците и публиката<br>• Добар начин да се достигнат разни целни групи, п.р. деца и родители<br>• Добар начин за вклучување на наставниците во активностите<br>• Снимање на активностите и емитување на ТВ може да се организира<br>• Зацврстување на пораките во заедницата<br>• Забава привлекување публика и задржување на нивното внимание<br>• Може да се употреби локалното население<br>• Евтино<br>• Стимулира дискусии<br>• Ги става пораките во локален контекст, традиции и дијалекти | • Следењето троши време и бара соодветна обука<br>• Може да достигне големи групи во исто време но бара мобилни тимови<br>• Може да биде тешко да се добијат консистентни и точни пораки, посебно преку јазичните и културните разделб и |
| **Претстави** | • Добар начин за обраќање на разни групи<br>• Вклучува локални власти и медиуми<br>• Партиципација на целните групи во организирање на претставите<br>• Зацврстување на пораките во заедницата | • Едно-насочна комуникација и партиципација на посетители е ограничена |
| **Драми и играње улоги** | • Добар интерактивен начин за работа со деца<br>• Зацврстување на пораките во заедницата<br>• Може да биде начин за вклучување на наставници<br>• Пренесување на пораките од деца на деца<br>• Вклученост на возрасни | • Мал број на луѓе можат да партиципираат во исто време<br>• Подготовките можат да трошат време |
| **Радио и ТВ** | • Види долу<br>• Интерактивни активности ако луѓто се јават | • Види долу<br>• Едно-насочна комуникациска стратегија |
| **Прикажување филмови (п.р. Bowling for Columbine, или City of God)** | • Голема публика може да биде опфатена | • Едно-насочна комуникација<br>• Фидбекот од луѓето може да биде тежок за организирање<br>• Исти пораки за сите групи |

[51] Види пример од . Augusto Boal's Theater of the Oppressed, www.formaat.org.



| АКТИВНОСТИ/УПОТРЕБА НА МЕДИУМИ | ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| **Предавања, презентации** | • Разни пораки и теми во длабочина може да се третираат<br>• Релативно голема публика може да биде цел<br>• Групите може да се формираат да бидат цел со различни пораки | • Едно-насочна комуникација<br>• Ограничено учество на публиката<br>• Може да биде досадно ако техниките не се соодветни |
| **Курсеви за обука (п.р. професионална обука, обука на наставници идр.)** | • Долгорочна стратегија: членовите на заедниците се обучуваат да ги шират информациите на други членови од заедницата<br>• Нема потреба од мобилни тимови или тимски членови да се враќаат и да дадат информации | • Одземање време во однос на следењето<br>• Мотивацијата на лицата под обука може да биде ниска и активностите нема да бидат имплементирани или следени |
| **Концерти (како начин за искористување на познати личности)** | • Голема публика е опфатена<br>• Медиумски интерес<br>• Вмешаност на локалните власти<br>• Добар начин за пренос на пораките на младината<br>• Употреба на познати личности кои се доверливи во пораките што ги даваат | • Основните пораки пренесени<br>• Фидбекот од публиката тешко се собира набљудување на пораките може да е тешко |
| **Сведочанства на жртви** | • Доверливост на пораките<br>• Сите групи можат да се опфатат<br>• Личните приказни имаат силно влијание | • Пронаоѓање соодветни начини за пренос на пораките без да се схокира публиката<br>• Пази се информациите да не се злоупотребат од медиумите |
| **Говори на/ дискусии со влијателни личности (п.р. религиозни лидери)** | • Доверливост на пораките<br>• Голема група може да се опфати п.р. во случаји на говор на лидерите на заедниците ) | • Само одредени групи се опфатени (п.р. религиозни лидери)<br>• Набљудувањето е тешко |
| **Амбасадори на Добра-Волја** | • Доверливост на пораките<br>• Голема група може да се опфати и да се привлечи<br>• Сите групи можат да се опфатат | • Набљудувањето е тешко |
| **Употреба на славни личности** | • Голема група може да се опфати и привлечи<br>• Сите групи можат да се опфатат | • Набљудувањето е тешко<br>• Бара поддршка од индивидуалц и<br>• Трошоци (п.р. патни ) |
| **Јавни маршеви /демонстрации** | • Голема група може да се опфати<br>• Сите групи можат да бидат цел | • Набљудувањето е тешко |





| АКТИВНОСТИ/УПОТРЕБА НА МЕДИУМИ | ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| **Петиции, пишување писма** | • Голема група може да партиципира<br>• Специфични теми можат да се третираат | • Да се осигураш дека потоа ќе има акција е тешко п.р. примањето на петицијата може да биде потврдена но може да не следи акција |
| **семинари,**<br>**конференции,**<br>**работилници,**<br>**округли маси** | • Преку медиумите информациите можат да се прошират и прашања да се покренуваат<br>• Активности кои ги подвлекуваат прачањата во цивилното општество<br>• Моментален фидбек<br>• Лекциите научени | • Само специфични групи се опфатени<br>• Мала целна публика<br>• Потребното следење не секогаш извршено |
| **Состаноци и дискусии** | • Голема публика ако се емитува<br>• Интерактивно, вмешаност на учесниците<br>• Покренување прашања, теми и начини за подобрување на нештата<br>• Научените лекции можат да се нацртаат<br>• Фидбекот е моментален | • Мала публика освен ако се емитува<br>• Следењето не секогаш извршено |
| **Бдеење** | • Снажен и миролјубив изглед<br>• Релативно по долготрајно во споредба со други настани<br>• Гради солидарност и морал помеѓу учесниците  може да се регрутираат други за оваа цел | • Тешко да се организира и менаджира<br>• Можна потреба од официјална дозвола |
| **Работилници за уметност на заедниците** | • Интерактивно  членовите на заедницата го потпомагаат креативниот процесс<br>• Моментален фидбек<br>• Мешање на групни дискусии и планирање на активностите за проблеми во заедницата кои се идентификувани за време на работилницата, така да дава можности за превземање акција | • Мали бројки<br>• Консистентност на пораките може да биде тешко да се осигура<br>• Резултатите тешко се претпоставуваат |
| **Комуницирање лице в лице** | • Интерактивно<br>• Моментален фидбек<br>• Шанса за регрутирање<br>• Може да биде многу убедувачки и ефективен  во зависност од пораките и персоналот | • Трошење време<br>• Селедењето не секогаш извршено<br>• Успехот зависи од односите помеѓу индивидуалците |
| **Центри за ширење информации** | • Одговорност на заедницата преку вклученост на членови од заедницата<br>• Долгорочна стратегија<br>• Сите групи опфатени | • Следењето и набљудувањето е тешко<br>• Потреби за обука<br>• Адинистративни и менаджерски трошоци |



**Бокс 24: Неколку совети за употреба на мас-медиа каналите за комуникациа**

- Одлучи се за две или три клучни пораки који ги поддржуваат твојите програмски објективи
- Употреби обичен јазик и кратки реченици, одбегнувај кратенки када е можно (употреби изговорливи кратенки ако не може да се одбегнат)
- Понудете специфични, практични совети
- Организирајте ги информациите јасно и логички
- Повторете ги информациите
- Одржувајте постојан контакт со медиумите

## 5.7 Улогата на различни медиуми

Табелата прикажана подолу ја истражува најважната карактеристика на најчесто употребуваните медиуми. Повторно, препорачливо е да се употреби спој на каналий, но најважната лекција научена низ други форми на комуникација е следната - кога се употребуваат самостојно, медиумските операции / кампањи за јавно информирање не се ефективно средство за промена на оденсувањето. Ова посебно е забалежливо во случајот со малите медиуми. Без подршка од други активности, операциите за јавно информирање/медиумски операции обично имаат мало влијание врз целната јавност.

**Бокс 25: Проценката за влијанието на едукацијата за опасностите од нагазните мини на Балканот изведена од страна на МКЦК**

На пример, МКЦК изведе проценка за влијанието на едукацијата за опасностите од нагазните мини на Балканот (Босна и Херцеговина, Хрватска и СРЈ / Косово). Оваа проценка дојде до заклучок дека степенот на покриеност со информации за свеста од опасностите од нагазните мини во овие три земји е на мошне високо ниво. Во последните неколку години речиси сите луѓе, возрасни и деца, во регионите засегнати и незасегнати од мините, биле излож- на различни начини на активности за ширење на свеста за опасностите од нагазните мини. Ове е пред се поради влијанието и достапноста до телевизијските и радио програмите. Проценката покажува дека дека медиумите биле мошне ефективни во покривањето на јавноста со информации за ЕОМ, но не успеале директно да влијаат врз промената на ставот и оденсувањето. Тие промени се предизвикани преку комбинирање на методи и средства, вклучени како дел на програмата за ЕОМ.

Златни правила за активистите кои сметаа на употреба на медиуми за комуникациа:[52]

а) обезбедете да вашата употреба на медиуми има специфична намена;

б) внимателно интергрирајте ги вашите медиумски планови во останатите активнсоти;

в) употребувајте формати на интерактивни медиуми таму каде што тоа е можно (н.пр. радио програми со телефонски јавувања и натрпревари); и

г) запомнете, медиумскте операции треба да играат улога на подршка за останатите програмски активности - делењето само постери и маичнема да го сменат однесувањето на луѓето!

[52] За повеќе информации за употребата на мас-медиумуте, како да се подготви медиа печат, конференции, како да се даваат интервјуа и пишуваат артикли, види во 'Action Against Small Arms, a Resource and Training Handbook', Jim Coe and Henry Smith, International Alert, Oxfam GB, Saferworld 2003.

**Табела 13: Карактеристиките на различни форми на комуникации преку медиуми за масовно информирање**

| МЕДИУМ | ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| **МАСОВНИ МЕДИУМИ** | | |
| **ТВ**<br>(н.пр. документарци, ТВ спотови, дискусии, вести, интервјуа, ток-шоу, сапунски серии, џинглови кои ја најавуваат амнестијата за оружје) | • Достигнуваат до голем број на луѓе<br>• Можат да целат кон специфични фрупи преку специфични програми<br>• Се репризираат<br>• Мо1ат да опфатат групи на неписмени<br>• Можат да ги зајакнат пораките пренесени преку разновидни методи на учество<br>• Мулти-димензионални ефекти<br>• Можат да иницираат отворена дискусија | • Програмите се често скапи за припремање<br>• Не е добро за тренирање на практичните вештини<br>• Луѓето може да немаат доверба во одредени канали кои имаа политичка афилијација<br>• Распоредот и фреквенцијата на емисијата се од клучна важност за упсех и опфаќање на целните групи<br>• Непредвидливо |
| **Радио**<br>(н.пр. вести, интервјуа, драми, телефонски повици, сапунски серии, радио спотови, радио документарна програма, ветси, радио емисии, џинглови кои ја најавуваат амнестијата за оружје) | • Достигнуваат до голем број на луѓе<br>• Можат да целат кон специфични фрупи преку специфични програми<br>• Се репризираат<br>• Мо1ат да опфатат групи на неписмени<br>• Програмите се евтини, бриз и лесно изводливи<br>• Слушањето радио е често групна активност, што ја охрабрува дискусијата за образивните прашања после емисијата. Ова е важна фаза во процесот на промена на односот.<br>• Може да ги зајакне пораките пренесени преку други метаријали и активности | • Не е добро за тренирање на практичните вештини<br>• Распоредот и фреквенцијата на емисијата се од клучна важност за упсех и опфаќање на целните групи<br>• Непредвидливо |
| **Телекомуникации**<br>(н.пр. интернет, мобилни телефони, СМС пораки) | • Допирање до широка јавност низ сиот свет, не само на национално ниво<br>• Можна е возвратна непосредност (н.пр. повратна реакција од други луѓе низ директен разговор)<br>• Жесто евтино<br>• Популарно кај младите<br>• Брзо-растечки сектор | • Тешко изводливо набљудување<br>• Непристапно во одредени држави<br>• Изискува тренинг<br>• Не може да гарантира организирана кампања<br>• Генерално индивидуална употреба |



| МЕДИУМ | ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| **МАСОВНИ МЕДИУМИ** | | |
| **Весници/магазини** (н.пр. новински извештаји, специјални написи, писма до уредникот, реклами) | • Жесто по почитувано од останатите медиуми<br>• Повеќето публикации имаат препознатливи публики.<br>• Специјализираните публикации можат да ги достигнат целните групи, (н.пр. наставниците, поллицијата, фармерите)<br>• Написите можат да пренесат детални информации<br>• Можат да ги зајакнат пораките пренесени преку повеќе методи на учество<br>• Политичката наклонетост може да биуде предност<br>• Брзина во пренесувањето на информацијата | • Достапно само за писмените групи<br>• Политичката наклонетост на одредени весници/неделници може да биде недостаток<br>• Соодветно поставување на вашиот напис или реклама е важна за успехот |

**Бокс 26: Употреба на комерцијални методи за дистрибуција на малите медиуми**

Работејќи заедно со УНДП, националните власти надлежни за МОЛО и останатите НВО-а, Македонската НВО Цивил и партнерската организација Паџ Цхристи започнаа со дистрибуција на пропаганден материјал во подршка на националната програма за ширење на свеста за МОЛО наречена За Подобро Утреј, во подршка на националната амнестија за МОЛО во Ноември 2003. Се постигна договор со меанџерите на бутиците за облека, вклучувајќи фирми како Дизел и Манго, како и со управа на Меѓуградската Автобуска Станица, за дистрибуција на беџеви за сите нивни муештерии. Ова прерасна во потенцијална дистрибуција на преку 14,000 беџеви неделно само во автобуската станица.

*Извор: Е-маил кореспонденција со Цивил, 2 Октомври 2003.*

**Бокс 27: Привлекување на фондови и публицитет преку спонсорство**

Корпоративното спонзорство може да обезбеди фондови вредни за секој вид програма. Во Брцко, Босна и ХерЦеговина, како и во Македонија во2003, имплементирани се шеми за собирање на оружјето, во кои јавноста доби лото ливчиња за возврат на предаденото оружје. Ливчето им овозможуваше на оние кои го предале оружјето да добијат атрактивни награди, а во случајот во Брчко и нова кола. Во обата случаи, ова им овозможи на приватните спонзори да ги зајакнат фондовите на проектот и овозможија можне потребен публиците за самата програма. Спонзорството исто така може да се обезбеди во напорите за ширење на свеста. Од Јули до Септември 2002 Бугарската Анти-АИДС коалиција целеше кон младите преку организирање на јавни настани, вклучувајќи концерти и претстави. Спонсорзтвото беше овозможено од страна на локалниот производител на кондоми Марс Вендингѓ, кои демонстрираа и дистрибуираа кондоми за време на настаните.

*Извор: интернет страница на УНДП Бугарија; СФОР*





**Бокс 28: Забава за Едукација во Перу и Бразил**

Формите на популарни масовни медиуми за забава (н.пр. сапунски серии) често содржат негативни или сензационалистички пораки за МОЛО. Сепак, ункатниот диапазон на достапност и забавна содржина на овој вид на медиумски формат доведе до развој на Забава за Едукацијаӣ. Со години наназад, дури во 1969, Перуанската телевизијска серија Симплементе Мариаӣ имаше непланиран позитивен ефект ког главната личност во серијата - домаќинката по име Марија - ги пресврте часовите по шиење и писменост во вистинска помама помеѓи сиромашните кои ги пратеа часовите на екранот. Од тогаш па наваму, прашањата како ХИВ/АИДС, сексуално образование, семејно планирање и ширење на свеста за МОЛО станаа подрачја на кои интервенциите на Забавата за Едукација успешно се употребуваа низ музика, радио сапунски серии и музички спотови. Во Септември 2003, актерите популарната Бразилска ТВ серија Заљубени Жениӣ оддели цела недела за дискусија за тоа дали да се придружат кон демонстрациите организирани од страна на НГО Вива Рио која повикуваше на забрана на продажбата на оружјето во земјата. Маршот се одрж следната недела и вклучуваше претставување на родители на тинејџерка убиена во Марѕ 2003 од заскитан куршум. По ламсирање на петиција за подршка на забраната емитирана за време на шоуто, нејџините родители успеаја да соберат 40,000 потписе во само 24 часа

**Табела 14: Видови на различни форми на комуникација на малите медиуми**

| **МЕДИУМ** | **ПРЕДНОСТИ** | **НЕДОСТАТОЦИ** |
|---|---|---|
| **МАЛИ МЕДИУМИ** | | |
| • Постери<br>• Маички<br>• Флип-цхартс<br>• Беџеви<br>• Пенкала<br>• Постери<br>• ќибритчиња<br>• Запалки<br>• Знамиња<br>• Кесички за шеќер<br>• Автобуси<br>• Кесички за пуканки во кино<br>• Капчиња<br>• Календари<br>• Бележници<br>• Кесички за шеќер<br>• Детски цртежи<br>• Друго | • Употребливи материјали за подршка за широк спектар на активности и различни видови на меѓу-персонална комуникација<br>• Може да се дизајнираат за да ја зајакнат клучната порака и служат како потсетник на пораката<br>• Може да се достави секаде<br>• Може да биде визуално атрактивна<br>• Употребливо како визуелно помагало во работниците, дискусиите и наставата<br>• Овозможува точна, стандаризирана информација во мобилен и одново употреблив формат | • Обично (но не секогаш!) скапо за производство и дистрибуција<br>• Потребни се специалистички способности за производство и дизајнирање на ефективни примероци (сепак постојат исклучоци)<br>• Краткотрајност<br>• Мора да се адаптираат за секоја етничка група или ситуација<br>• Не треба да се упоребува со групите кои не се навикнати на настава со употреба на пишувани и визуални материјали, дури и ако се писмени |

Совети за малите медиуми: [53]

- Креативноста на локалните дизајнери треба да биде искористена што е можно повеќе.
- Користењето на дизајни од жителите на заедницата може да има позитивно влијание ( на пр. Дете како црта може да се искористи за постер)
- Пораките користени на малите медиуми треба да се поврзани со мас-медиумските кампањи.
- Малите медиуми можат да привлечат мас-медиуми.

[53] Види ги Деветнаесетте Принципи за Дизајнирање на Принтувани Материјали во Communication in Mine Awareness Programmes, Меѓународен Центар за Хуманитарно Де-минирање, Женева, Мај 2002



- Доколку се користат различни јазици во земјата, само еден јазик треба да се пористи по материјал.
- Секоја целна група треба да се досегне со мал медиум вклучувајќи го и нивниот јазик.
- Земете го во предвид и нивото на писменост на целната публика.
- Медиумските производи можат да бидат произведени само за одредена заедница или регион. Не мора да бидат дистрибуирани на национално ниво.

Запомнете дека информациите собери за време на програмата (за време на проценките за потреби, теренски тестови, активности за побезбедна заедница и т.н.) одредуваат како програмските пораки треба да бидат пренесени до целните групи.

Запомнете дека:

а) Типовите на активности кои треба да се имплементираат зависат од целните групи и на пораките кои треба да се пренесат;

б) Пораките пак, треба да бидат дизајнирани да ги подржуваат програмските оперативни цели;

в) Малите медиуми (нивните материјали) се користат како подршка, не како замена, за активности базирани кон заедницата, да пренесат порака и да засилат порака примена преку други средства

г) Малите и мас-медиумите треба да се користат во различни комбинации според ситуацијата и според тоа кој е најефикасен начин да се пренесе информација во даден контекст.
Тие се особено важни за цели за јавно информирање и за едукација за опасностите од МОЛО во време на собирање на оружје (види дел 2.1.3) бидејќи тие дозволуваат целата популација да биде информирана во краток временски период.

д) Локалните мас-медиуми можат да бидат важен сојузник во обидот да се промовираат контролни активности и мерки за МОЛО.
Меѓународните медиуми се исто така важен алат во промоција на такви активности во меѓународната заедница, донатори и влади, како и помеѓу влијателното јавно мнение за ширењето и злоупотребата за МОЛО.

**Бокс 29: Запомнете!**

Во сите случаи е од суштинско значење да не се копираат и пренесатѝ примери на пораки наведени во овој или било кој друг прирачник, без претходно истите да се адаптираат кон специфичниот контекст и заедницата во која работите, базирајќи се врз информациите кои ги имате собрано.

Користејќи ги сите горе опишани информации, би требало да биде возможно да се одберат пораки, материјали и активности кои заедно би помогнале да се постигнат програмските цели. Мошне е пожелно да се размислува однапред во рана фаза за индикаторите и средствата за верификација кои се користат за секоја активност и/или порака, и да се поврзе с заедно за набљудување и евалуациски цели, и да се подготви за теренско тестирање.

## 5.8 Примери на индикатори за надгледување на пораки, активности и материјали [54]

Индикатор е парче доказ кој покажува колку добро (или лошо) ги постигнувате вашите програмски цели. Индикаторите мора да се однесуваат на целите кои сте ги поставиле. Поставувањето на индикаторите за проект или планирани активности значи објаснување што ќе мерите, и одлучување како ќе ја соберете информацијата која е потребна да се направи мерењето. За секој од вашите

[54] Усвоени од ‘Action Against Small Arms’ od Koe i Smit





програмски цели треба да размислувате бар за еден индикатор. Ако ви е тешко да најдете индикатор за вашата цел, тогаш можеби вашата цел не е доволно УМНА,[55] во кој случај мора да ја направите појасна и поспецифична. Можно е да мислите на повеќе од еден индикатор за цел. Но немојте да одите предалеку- произволни цели за индикатори (како што е 30% пад на насилен цриминал) не се од полза.Често насока на промена е доволно ( континуиран пад на насилниот цриминал). За секоја цел важно е да се има во предвид:

а) Кои се важните делови од доказот кои ќе покажат дали овие цели се постигнати или не? (т.е. индикатори); и

б) Како може да ги соберете овие информации- кои се главните извори и техники кои ќе ги користите? (т.е. начин на верификација).

Откако индикаторите ќе се идентификуваат, следната фаза е да се направи простор во програмскиот план за постигнување мерки против тие индикатори. Индикаторите можат да се користат за надгледување на прогресот додека програмата тече и да се оцени успехот и неуспехот по истекот.

**Бокс 30: Учеснички индикатори**

Во проекти кои за цел имаат да влијаат на ставот и однесувањето на целната група, учеството на членот на таа група во дизајн, имплементација, надгледување и евалуација на проектот е најдобар начин да се максимизира влијанието. Со цел да се спроведе учесничко надгледување и евалуација, членовите на целната група треба да бидат вклучени кога се поставуваат индикаторите. Извесно е дека ова ке биде долготраен и тежок процесс, иако придобивќите можат да бидат значителни, тие треба да бидат балансирани наспроти секакакви програмски ограничувања како на пример време и ресурси

**Табела 15: примери на пораки, активности и индикатори на програма за ширење на свеста за МОЛО во заедницата 'А'**

| **Цел 1**: да се помогне процес со кој ризичните групи (тинејџери, деца и возрасни мажи вклучувајќи и поранешни борици) се анализира нивното однесување и се прифаќа побезбедно. | |
|---|---|
| **Сумаризација на планираната стратегија** | • Интерактивни активности да се развиваат со тинејџери (момчиња и девојки) фокусирајќи се на опасноста на поседување на оружје.<br>• Групни разговори со поранешни борци по прашања и опасности на МОЛО.<br>• Интерактивни активности да се развиваат со деца фокусирајќи се на тоа со што е безбедно да се игра.<br>• Обука на учители со цел пораките да бидат пренесени на подолг период.<br>• Подржување на жени и учители во развој на интерактивни активности со деца за опасностите од играње со оружје<br>• Обука за ризик/застапнички пораки да биде координирана со локалните невладини организации<br>• Да бидат направени радио спотови насочени кон децата, тинејџерите и поранешните борци и опасностите од МОЛО.<br>• Да се направат материјали за подршка кои ќе ги рефлектираат идеите и потребите на секоја група.<br>• Материјали кои ќе ја подигнат свесноста и информираат за безбедно однесување да бидат направени и дистрибуирани од жени за подршка на нивните активности |

[55] SMART = Specific, Measurable, Achievable, Realistic, Timetabled. Сите добри објективи се SMART објективи

<table>
<tr><td colspan="2">Цел 1: да се помогне процес со кој ризичните групи (тинејџери, деца и возрасни мажи вклучувајќи и поранешни борици) се анализира нивното однесување и се прифаќа побезбедно.</td></tr>
<tr><td>Пример на суштинска порака [56]</td><td>Тинејџери момчиња<br>• Да се носи оружје не е кул; животот не е филм<br>• Опасно е за тебе и за твојето семејство да го носиш наоколу<br>• Биди пример за децата и не носи оружје<br>• Осигурај се дека децата се свесни за ризиците на носење/играње со оружје<br>Деца<br>• Оружјето не е интересно, тоа може да го убие твојот брат, сестра, татко, мајка<br>• Кажете им на вашите родители и постари браќа дека се плашите од оружјето бидејќи се многу опасни<br>• Кажете им на вашите другарчиња да не ги допираат оружјата и дека играњето со нив може да ги убие нив, тебе или некој во твојата заедница/семејство<br>Мажи<br>• Неконтролирано оружје ја загрозуваат вашата заедница и земја: можете да помогнете да се промени тоа.<br>• Оружјето може ги уништи животите на најмладата генерација<br>• Биди пример на тинејџерите и осигурај се дека знаат за ризиците и да не се искушуваат да поседуваат оружје.<br>Радио спотови за деца, поранешни борци и тинејџери<br>• Истите пораки како оние користени како дел од активностите наменети за тие групи треба да бидат користени во радио спотовите со цел да се засили поракаta испратена до заедниците<br>Поранешни борци<br>• Воените оружја во заедницата ја загрозуваат вашата заедница и цемја: вие можете да помогнете тоа да се промени<br>• Оружјето може ги уништи животите на најмладата генерација<br>• Биди пример на тинејџерите и осигурај се дека знаат за ризиците и да не се искушуваат да поседуваат оружје.</td></tr>
</table>

[56] Поради недостаток на простор, пораките за пример се првенствено пораки од видот за Адвокатура. Се претпоставува дека пораките за Едукација и Јавно информирање исто така ќе бидат пренесени.






**Цел 1**: да се помогне процес со кој ризичните групи (тинејџери, деца и возрасни мажи вклучувајќи и поранешни борици) се анализира нивното однесување и се прифаќа побезбедно.

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА | ИНДИКАТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ | СРЕДСТВА ЗА ВЕРИФИ-КАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Учеснички дискусии со секоја група (возрасни мажи, тинејџери и деца) | • Број на дискусии<br>• Број на присутни | • Доказ дека различните целни групи ( возрасни мажи, тинејџери момчиња и деца) ги разбираат подобро проблемите и опасностите поврзани со МОЛО<br>• Доказ за редукција во спремноста помеѓу различни целни групи да практицираат ризични однесувања<br>• Доказ за промена во однесувањето помеѓу различни целни групи ( на пр. Тоа дете престана да си игра со оружје или тој тинејџер престана да носи оружје)<br>• Доказ за било каков позитивен тренд во бројот на МОЛО поврзани смртни случаи и повреди помеѓу различни целни групи. | • Фокусирајте се на групни дискусии со деца, тинејџери и возрасни мажи<br>• Дискусии и интервјуа со родители• Статистички податоци од болнички/ медицински установи или други секундарни извори (на пр. Полиција, медиуми, прашалници) |
| Припремање квиз натпревари и изложби за тинејџерите . | • Број и видови активности припремени од страна на тинејџерите за децата.<br>• Број на опфатени деца<br>• Препознавање на пораките од страна на децата | | • Дискусии од типот на фокус групи, спроведени со деца и тинејџери.<br>• Дискусии и интервјуа со рдоителите<br>• Статистики од болници, лекарски институции или други споредни извори (н.пр. полиција, медиуми)<br>• Прашалници |
| Обука на активности тинејџери-за-деца со цел тинејџерите да ја пренесат пораката до школските деца | • Број и вид активности припремени од страна на тинејџерите за децата<br>• Број на опфатени деца<br>• Препознавање на пораките од страна на децата | | • Дискусии од типот на фокус групи, спроведени со деца и тинејџери.<br>• Дискусии и интервјуа со рдоителите<br>• Статистики од болници, лекарски институции или други споредни извори (н.пр. полиција, медиуми)<br>• Прашалници |

**Цел 1**: да се помогне процес со кој ризичните групи (тинејџери, деца и возрасни мажи вклучувајќи и поранешни борици) се анализира нивното однесување и се прифаќа побезбедно.

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА | ИНДИКАТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ | СРЕДСТВА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Средби со Министерството за Образование за развој на акционен план за курсеви за обука на наставниците, и вклучување на обуката за МЛО во националната наставна програма | • Број на состаноци со Министерството за Образование<br>• Рангот на вклучените службени лица | • Докази за било какви промени во политиката или праксата на министерствата | • Документи како докази од состаноците<br>• Полицијски изјави, медиумски коментари итн. |
| Развој на курсеви за обука на наставници со клучни, избрани наставници. | • Видови и количество материјали произведени со наставници.<br>• Број на можности за обука за наставниците<br>• Број на обучени наставници | • Евиденција за промени во односот во начинот за настава кај посетителите на курсот<br>• Евиденција за било какви промени во знаењета, ставот и однесувањето кај децата кои поминале обука | • Интервјуа со тренерите на наставниците<br>• Дискусси од видот на фокус групи со децата |
| Во меѓувреме, развој на интерактивни активности во училиштата, н.пр. играње улоги, театарски претстави и игри. | • Број и видови на развиени активности<br>• Број на опфатени деца<br>• Како активностите се прифатени од страна на децате цхилдрен | • Евиденција за било какви промени во знаењета, ставот и однесувањето кај децата | • Интервјуа со тренерите на наставниците<br>• Дискусии од видот на фокус групи со децата |
| Дискусси со наставнивите за изработка на материјали за подршка на активностите поврзани со МОЛО низ учулиштата | • Број на последователни средби со наставници, број на присатни наставници<br>• Број и видови на произведени материјали<br>• Број на опфатени деца<br>• Како активностите се прифатени од страна на децата | • Докази за подобрено разбирање помеѓу жените за проблемите и начините за соочување со истите. | • Интервјуа со тренерите на наставниците<br>• Дискусси од видот на фокус групи со децата |






**Цел 1**: да се помогне процес со кој ризичните групи (тинејџери, деца и возрасни мажи вклучувајќи и поранешни борици) се анализира нивното однесување и се прифаќа побезбедно.

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА | ИНДИКАТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ | СРЕДСТВА ЗА ВЕРИФИ-КАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Развој на театарска претстава која вклучува жени и наставници и цели кон децата | • Број на театарски претстави<br>• Број на опфатени<br>• Како претставата е примена од страна на децата | • Евиденција за било каква промена во знаењето, ставот и однесувањето кај децата | • Дискусси и интервјуа со учесниците во изведбата на шоуто и со луѓето кои го имаат видено истото<br>• Театарско сценарио, извештај за активностите поврзани со изведбата |
| Производство на материјали за подршка за децата кои треба да се дистриобуираат и употребуваат на после театарската претстава | • Број и видови на материјали произведени од страна на жените<br>• Број на опфатени | • Евиденција за било каква промена во знаењето, ставот и однесувањето кај децата | • Статистички извештај за произведените и дистрибуираните материјали<br>• Дискусси од видот на фокус групи со децата |
| Идеите од заедницата се собрани и се дизајнираат, тестираат и продуцираат материјали за подршка за секоја група | • Опсег на вклученоста на заедницата.<br>• Број и вид на произведени материјали<br>• Постигнати бројки<br>• Како се примени материјалите | • Евиденција за било каква промена во знаењето, ставот и однесувањето кај целната јавност | • Набљудување и мониторинг од страна на заедницата<br>• Произведени материјали |
| Средби со здруженијата на ветерани за да се дискутираат проблемите и решенијата, како и да се вклучат во организирање на натпревари и изложби од страна на тинејџерите | • Број на средбу со ветераните<br>• Број и вид активности организирани од страна не ветераните за тинејџерите<br>• Број на опфатени тинејџери<br>• Како тинејџерите ги прифатиле активностите | • Евиденција за било каква промена во знаењето, ставот и однесувањето кај тинејџерите | • Мониторинг од страна на ветераните на нивните активности<br>• Поселдувателни средби со ветерани, жени и наставници<br>• Дискусси од видот на фокус групи со тинејџери |

| **Цел 1**: да се помогне процес со кој ризичните групи (тинејџери, деца и возрасни мажи вклучувајќи и поранешни борици) се анализира нивното однесување и се прифаќа побезбедно. | | | |
|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА** | **ИНДИКАТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ** | **СРЕДСТВА ЗА ВЕРИФИ-КАЦИЈА** |
| Развој на 3 радио спотови кои целат кон децата, тинејџерите и поранешните борци за опасностите од МОЛО | • Број на произведени радио и ТВ спотови/ програми<br>• Број на прикажувања и распоредо<br>• Број на опфатени | • Докази за било каква промена во знаењата, донесувањето и ставовите кај луѓето кои ги имаат чуено/видено пораките | • Медиумски извештаи за прикажаните ТВ и Радио спотови<br>• Прашалници |
| Развој на радио сапунска серија преку собирање на идеи од заедницата | • Бројки од инволвираноста на заедницата во развојот на сапунската серија<br>• Број на прикажувања<br>• Постигнати бројки | | • Медиумски извештаи за прикажаните ТВ и Радио спотови<br>• Прашалници |
| Средби со НВО-ата за усогласување на активностите, пораките и материјалите. | • Број на средби со НВО-а и усогласените планови | • Секоја промена во политиката и праксата на НВО | • Извештај за активностите на останатите организации и изведените активности |

| **Цел 2**: Да се смени сфаќањето на заедницата за МОЛО како средство за заштита или -посебно за мажите и момчињата - како статусен симбол | |
|---|---|
| **Преглед на планираната стратегија** | • План за Побезбедна Заедница вклучувајќи мажи и жени со цел да се најдат алтернативни решенија за поправање на безбедноста во заедницата.; План за Побезбедна Заедница вклучувајќи мажи и жени со цел да се обрне внимание на прашањето на тинејџерите кои ракуваат со оружје; План за Побезбедна Заедница со акцент врза употребата на фокус групите за вклучување на жените во дизајнирање на пораки за деца и мажи<br>• Радио сапунски опери поврзани со активностите во заедницата, како поддршка на активностите на Планот за Побезбедна Заедница<br>• Припрема на материјали за поддршка кои ќе ги рефлектираат идеите и потребите на секоја група.<br>• Координација на Едукацијата за опасностите / пораките за пропагирање со локалните НВО-а.<br>• Развој на наставна програма во содејство со верските водачи.Припрема на материјали за поддршка на нивните активности. |

| **Цел 2**: Да се смени сфаќањето на заедницата за МОЛО како средство за заштита или -посебно за мажите и момчињата - како статусен симбол | |
|---|---|
| **Примери на суштествени пораки** | **Возрасни (мажи, жени)**<br>• Оружјата се опасни и дестабилизирачки за вашата заедница и земја<br>• Тие генерираат насилство во заедниците и го стимулираат криминалот.<br>• Помогнете и на вашата заедница да го направат селото побезбедно; кои се можните решенија?<br>**Жени**<br>• Оружјето чувано дома може да го убие вашето дете или уништат иднината. Оружјето понекогаш се употребува на насилен начин против жените.<br>• Битката за подобар живот се добива без оружје.<br>• Кажете им на вашите деца дека допирањето/играта со оружје може да ги убие и ве направи многу тажни.<br>**Верски водачи**<br>• Вие играте витална улога во ширењето на свеста кај луѓето за опасностите оф МОЛО<br>• Кажете им на мажите и момчињата тинејџери да ги држат оружјата подалеку од децата; бидете пример за најмладите генерации |

| **Цел 2**: Да се смени сфаќањето на заедницата за МОЛО како средство за заштита или -посебно за мажите и момчињата - како статусен симбол | | | |
|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА** | **ИНДИКА-ТОРИ ЗА РЕЗУЛТА-ТИТЕ** | **СРЕДСТВА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА** |
| Разговори со пот-групите (мажи и жени) во заедницата за да се најдат соодветни решенија за намалување на криминалот | • Бројот на разговори со секоја од пот-групите и бројот на учесници.<br>• Видови на идентификувани алтернативни решенија | • Број и видови активности имплементирани од секоја пот-група со цел на намалување на криминалот во заедницата.<br>• Тековниот тренд на бројот на активности поврзани со криминал | • Интервјуа со жени, мажи и верски водачи<br>• Полициски извештаји за криминалните дела<br>• Дискусија со членови на полицијата<br>• Дискусси на фокус групите со мажи и жени |

| **Цел 2**: Да се смени сфаќањето на заедницата за МОЛО како средство за заштита или -посебно за мажите и момчињата - како статусен симбол | | | |
|---|---|---|---|
| Дискусии со жените за видот на пораки и активности кои треба да се пренесат кон мажите. Производство на материјали за подршка.<br><br>Собирајте идеи од жените за видот материјали кои треба да се произведат и вклучете и во дизајнирањето и произведството | • Опсег на учество на жените<br>• Број и вид на произведени материјали и активности<br>• Број на опфатени мажи<br>• Како се гледа на материјалите | • Видови и количесрво материјали имплементирани од секоја суб-група за намалување на криминалот во заедницата.<br>• Тренд во бројот на извршени криминални активности<br>• Тренд во бројот на смртни случи и повреди поврзани со МОЛО | • Статистички извештаји за произведени и дистрибуирани материјали<br>• Интервјуа со жени, мажи и верски водачи<br>• Полициски извештаји за криминалните дела<br>• Дискусија со членови на полицијата<br>• Произведени материјали |
| Средби со релевантни агенции за дискусија за проблемот со МОЛО во заедницата; барање на акција за поправување на ситуацијата | • Број на состаноци со други агенции за проблемите и усогласенуот план за акција | • Било која промениа во политиките и праксите на другите агенции | • Извештаји за активностите од други агенции |
| Разговори со верските водачо и развој на наставна програма.. Курс за обука за верските водачи, усогласување и производство на материјалите за подршка. | • Број на верски водачи обучњни и вклучени во активностите и материјалите ;<br>• Видови и број на активности и материјали | • Докази за изменет однос помеѓу верските водачи, на начин на кој тие се осврнуваат кон проблемот со МОЛО<br>• Докази за било кој вид промена во знаењето, односот и ставот внатре во пошироката заедница | • Статистички извештаји за произведените и дистрибуираните материјали.<br>• Мониторинг од страна на верските водачи<br>• Интервјуа со жените, мажите и верските водачи |






| **Цел 3**: Да се подржи амнестијата преку шорење на свеста за опасностите од МОЛО и да се охрабри предавањето на оружјето | |
|---|---|
| **Преглед на планираната сратегија** | • Пораки за пропагирање треба да се дистрибуираат низ целата земја за да се информираат луѓето за аменстијата и да се охрабрат до го предадат оружјето<br>• Развој на активности за пропагирање за да се подигне свеста помеѓу луѓето за опасностите од МОЛО; пораки за охрабрување на заедниците да ги предадат оружјата<br>• Да се произведат ТВ спотови, факусирајши се врз амнестијата и предавање на оружјето<br>• Да се произведат материјали за подршка, одразувајќи ги идеите и потребите на секоја од групите |
| **Примери на суштински пораки** | **Возрасни (мажи или жени)**<br>• Оружјата се опасни и допринесуваат кон дестабилизацијата на вашата заедница и земја.<br>• Тие генерираат насилство во заедниците и го стимулираат криминалот.<br>• Изберете го мирот и стабилноста и охрабрете ја вашата заедница да го предаде оружјето.<br>**Жени**<br>• Оружјето чувано дома може да го загрози вашиот живот у вашата безбедност. Тие можат да го убијат вашето дете и понекогаш се употребуваат против жените на насилен начин.<br>• Охрабрете го вашиот сопруг, момчињата тинејџери и другите членови на заедницата да го предадат оружјето.<br>**Средства за јавно информирање**<br>• Радио и ТВ спотови: xxx луѓе се убиени од огнено оружје во нашата земја во текот на оваа година.Можеби некој од нив бил близок до вас, некој кого сте познавале?<br>• Оружјето ќе продолжи да убива доколку ништо не се превземе во врска со нив. Ве молиме, заштитете се себеси и вашето семејство и охрабрете ја заедницата да го предаде оружјето, за еден побезбеден живот.<br>• Владата ќе се погрижи за вашата безбедност и сигурност. Помогнете и на владата за таа да ви помогне вам. |

| **Цел 3**: Да се подржи амнестијата преку шорење на свеста за опасностите од МОЛО и да се охрабри предавањето на оружјето | | | |
|---|---|---|---|
| **ДЕТАЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ, МАТЕРИАЛИТЕ И УПОТРЕБА НА МЕДИУМИ** | **ИНДИКАТОРИ ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА** | **ИНДИКАТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ** | **СРЕДСТВА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА** |
| Средби со НВО за да се постњисогласност за Активностите, пораките и материјали | • Број на средби со НВО-а и усогласен план за акција | • Секоја промена во праксата или политиката на НВО | • Извештаји за активностите од други НВО и планоци за акција |



| **Цел 3**: Да се подржи амнестијата преку шорење на свеста за опасностите од МОЛО и да се охрабри предавањето на оружјето | | | |
|---|---|---|---|
| **ДЕТАЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ, МАТЕРИАЛИТЕ И УПОТРЕБА НА МЕДИУМИ** | **ИНДИКАТОРИ ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА** | **ИНДИКАТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ** | **СРЕДСТВА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА** |
| Дискусии со мажите за да се најдат соодветни решенија за ракувањето со оружје од страна на момчиња. Средби со мажите кои имаат волонтирано за извршување на активностите кои целат кон момчињата тинејџери | • Број на средби со мажи и усогласени решенија;<br>• Број и видови активности развиени од страна на мажите за работа со тинејџерите,<br>• Бројот на опфатени тинејџери.<br>• Како тинејџерите гледаат на активностите | • Доказ за било која промена во знаењата, ставот или однесувањето од страна на тинејџерите.<br>• Степен на учество во амнестијата. | • Фокус групи со мажи<br>• Интревјуа со тинејџери<br>• Документарни докази за степенот на учество во амнестијата |
| План за Побезбедна Заедница со жени со цел нивно инволвирање во дистрибуција на информациии кон нивните деца тинејџери и мажи | • Видови и опсег на активности имплементирани од страна на жените со нивните мажи и машки деца.<br>• Опсег на дистрибуирани информации | • Доказ за било која промена во знаењата, ставот или однесувањето од страна на тинејџерите.<br>• Степен на учество во амнестијата. | • Дискусии и интервјуа со жени, мажи и тинејџери<br>• Документарни докази за степенот на учество во амнестијата |
| Средби со локалните медиуми и изработка на радио спотови. На централно ниво се изработува ТВ спот за амнестијата | • Распоред за емитирање на радио и ТВ спотови како и за постигнатите бројки | • Доказ за било која промена во знаењата, ставот или однесувањето од страна ;уѓето кои ги имаат видено/чуено сптовите<br>• Степен на учество во амнестијата. | • Медиумски извештаји<br>• Документарни докази за степенот на учество во амнестијата |

# 6 Теренско испитување

Пораките, активностите, материалите[57] и работата со медиумите за теренското испитување се чекор од есенцијална важност бидејќи им овозможуваат на активистите на програмот да проверат дали пораките, активностите и материалте се соодветни за контекстот и битни за целната публика. Сите материали и активности мораат да се проверат на теренот и потоа соодветно подобрат, зависно од резултатите на теренскоти испитување. Различни методи можат да се употребат за теренско испитување на пораките,[58] материалите[59] и активностите и истите треба да се одвиваат од страна на активистите вклучени во имплементирање на активностите за ширење на свеста за МОЛО.:

- Прашалници.
- Набљудување.
- Семинари со целни групи.
- Дискусии во група.
- Тркалезни маси.
- Предавања за целните групи доколку прирачникот за тренирање треба да се подложи на теренско испитување.

Клучни аспекти за теренско испитување вклучуваат:[60]

## Пораки и материјали:

- Дали пораките се коректни од технички и културен аспект?
- Дали материалот е атрактивен?
- Дали стилот, распоредот и типот на материали е привлечен и интересен?
- Дали илустрациите и сликите с јасни и коректно разбрани?
- Дали луѓето се поврзуваат со сликите и илустрациите?
- Дали луѓето можат да ги читаат и разберат напишаните пораки?
- Дали напишаните пораки се точни?
- Дали се чувствителни од аспект на културата?
- Дали луѓето ја разбираат врската помеѓу сликите и зборовите?
- Која е важноста на пораките за секојдневнуиот живот на луѓето?
- Дали луѓето имаат било какви сугестии за промена?
- Дали постојат било какви проблеми во допирањето до чувствителните групи (н.пр. како да се допре до жените во по-традиционалните / рурални региони?)

---

[57] Види го Прегледот и пред-тестирањето на комуникациските материјали, Communication in Mine Awareness Programmes, Меѓународен Центар за Хуманитарно Де-минирање, Женева, Мај 2002

[58] За повеке информации види при-тест пораки и материјали Communication in Mine Awareness Programmes, Меѓународен Центар за Хуманитарно Де-минирање, Женева, Мај 2002

[59] За повеке информации види го Прегледот и пред- тестирањето на комуникациските материјали, Communication in Mine Awareness Programmes, Меѓународен Центар за Хуманитарно Де-минирање, Женева, Мај 2002

[60] Дел од Мегународните насоки за мини и неексплодирани средства, Едукација за Свесност UNICEF



**Бокс 31: Теренско испитување во Албанија.**

Програма за едукација за опасноста од мини/УЦО се имплементира во Албанија, непосредно по почетокот на прелевањето на конфликтот од Косово. Прелиминарните интервјуа со жените и мажите од сите возрасти се одвиваа со цел да се соберат идеи за тоа како да се дизајнираат памфлетите. Нацрт на памфлетот е потоа изработен и покажан на луѓето во бегалските кампви со цел тие да ја оценат нејзината соодветност. Луѓето претходно ја поцртаа потребата да се покажат опасните средства кои можат да се сретнат на северот од земјата (тнр. Кластер муниција) како и во кратки црти да се опишаат наведените опасности. За време на испитувањето на теренот луѓето искажаа потреба за илустрација на опасноста на многу појасен начин преку додавање на знак преку сликата со кластер-муниција. Активистите на програмата ги направија неопходните промени пред завршната изработка на памфлетите.

## Активности:

- Дали активностите се од важност за секоја целна група?
- Дали се тие чувствителни кон култуните аспекти?
- Дали активностите се интерактивни и интересни за луѓето?
- Дали луѓето имаат било каква сугестија за промени?

## Листа на прашања за теренско испитување на материалите и медиумите:[61]

- Студирај ги сите расположиви и релевантни материјали и информации.
- Припреми прашалници, материјали за тестирање, формулари за оценка итн.
- Обучувај ги активистите.
- Претстави ги материјалите до целните групи.
- Оцени ги одговорите.
- Анализирај и дебатирај за наодите.
- Направи корекции, дополнувања и други неопходни промени.
- Тестирај го изменетот материјал на терен.
- Направи ги сите потребни промени.
- Повторни ги последните два чекори, дококу е потребно

[61] Базирано на Мегународните насоки за мини и неексплодирани средства, Едукација за Свесност UNICEF

# 7 Активности за имплементирање

Еднаш кога вработените ќе биде обучени и активностите и материјалите дефинирани, можно е да се започне програмата. Треба да се подвлече дека во тек на имплементацијата на програмата, многу значајно е да се надгледуваат активностите сходно со целите препишани за време на планирањето.(види секција 3,3 ; 3,5 и 8).

## 7.1 План за побезбедна заедница, ревизија

Како што беше забележано претходно, дистрибуирањето на материјалите и/или предавања не се доволни да се сменат однесувањата. Исто така е многу битно да се вовлечат цели заедници во целиот процес. План за побезбедна заедница, метода може да се примени во двата случаи: може да се употреби во самоодржувачкт едукација за опасностите од МОЛО и микро-разоружувањето, интервенции за да се вовлечат заедниците во идентификацијата на проблемите и решенијата на опасностите од МОЛО. Побезбеден план за заедници почнува со еднодневна посета на планираните населениа (пр. село или дел од град). Се одржува состанок со претседателот на општината или месната заедница за да се објасни целта на посетата и целите, и да се бара подршка за работа во населеното место. Состаноците потоа се организираат со различни групи на заедниците. и информациите од заедниците се собираат со помош на дискусии за тоа што точно е проблемот со МОЛО, какво влијание има во дневиот живот на луѓето и во тек на нивните сезонски активности, кои се нивните потреби и кои се решенијата идентифицирани од страна на групите како одговор на нивните потреби. Еднаш откако довербата е постигната (потебни се неколку посети) учесниците од заедниците подготвуваат профил на нивната заедница, гледано од перспектива на МОЛО.

Содржината типично би содржала, но не би била ограничена на:

а) мапа, која покажува кој дел од заедницата е вклучена со нелегалната трговија со МОЛО;

б) кои клучни групи се вклучени;

в) причините и зачестени појави на смрт и повреди;

г) знаењата на луѓето, ставовите и нивните однесувања;

д) социјалната функција на оружјето, и правилата внатре во заедниците за употреба на оружјето;

ѓ) профилот на жртвите , профилот на корисниците.

Во основи на профилите , дискусиите се одржани да развијат посигурен план на заедниците. Фокусот е насочен кон менувањето на однесувањето, откривајки ги опасните однесувања, негативните ефекти и пронаоѓање на алтернативите. Специфичните целни групи понатака се идентификуваат во однос на потребите на заедниците. (потребите се идентификуваат во тек на разговорите) и програмата за МОЛО понатаму се реализира со секоја група соодветно со нивните потреби. Од заедницата се бара да избере доброволец кој ке биде подготвуван(трениран) да иницира и/или ги спроведе активностите поврзани со МОЛО. Овој доброволец ке биде претставник за МОЛО на заедницата и ке продолжи со развивање и надгледување на побезбедното планирање на заедницата и активностите поврзани со МОЛО сходно со специфичните потреби на заедницата. Доброволецот треба да е искусен, признаен од заедницата и да е целосно поверен. Повеке од еден доброволец може да се назначи ако динамичноста на заедницата има потреба од тоа. Доброволецот и заедницата ке бидат подржани од доследната организација во исполнувањето на пронајдените решенија. Исто така ке биде битно да се организираат, и да се пратат иницијативите произлезени од заедниците во тек на редовните состаноци со доброволците/селскитепретставници.



**Бокс 32: Интегрирање со останатите активности и учесници**

Запоменете, за да работи Побезбеден План за Заедници, повеке организации треба да соработуваат, да ги задоволат потребите и барањата на дадена заедница. Референца секција 2.6.

**Диаграм 5: Побезбеден План за Заедници како дел на програмскиот циклус**




**Бокс 33: Работејќи кон програмата Побезбеден План за Заедници во Македонија**

Во Македонија во подготовките на националната амнестија за МОЛО во Ноември 2003 година, активисти од невладини организации водеа активни дискусии во заедниците во поранешните конфликтните подрачја во неколкуте месеци што претходеа. Цитирајќи ја невладината организација (НВО) Пакс Кристи/Цивил селаните беа релативно отворени и заинтересирани да дискутираат за проблемите и потребите вклучувајќи нелегална трговија со МОЛО, што беше спротивно на очекувањата. Двојната стратегија на отварање на дискусии прашувајќи ги заедниците за нивните проблеми наместо нивно учење и едуцирање, и соединување на прашањата поврзани со МОЛО кон по генерализираните дискусии за економските безбедносните и политичките прашања се покажа доста успешно. Во овој случај, постоењето на национален мировен договор (Охридскиот Рамковен Договор) се покажа како изготвен фокус за дискусии. Дебати се покренаа со претходно консултирање со општинските претседатели(градоначалници), по што суледија срeќавање со нив со цел на градење на взаемна доверба и објаснување на плановите и стремежите на НВО-та. Градонацалниците именуваа луѓе за контакти кои понатаму ги договараа состаноците и водеа евиденција за учество. За време на дискусиите претсавниците на НВО-та имаа успех во ширење на информации во врска со амнестијата за МОЛО и во потикнување на дискусии за и против разоружувањето. Исто така, консултирајќи се со националните претставници за МОЛО, ЕУФОР, безбедносните сили и останатите НВО-и, кои работеа на прашаата за враќање на довербата и градењето на мирот, Пакс Кристи/Цивил активностите и работни планови можеа подобро да се координираат. УНДП во Македонија сега се надева својата работа да ја основа на работата на организацијата Пакс Кристи/Цивил и на нејзе сличните организации, а исто така да работи со претставниците на националната програма за МОЛО и локалното население за развивање на План за побезбедни Заедници во тек на 2004 година.

*Извор: Интервју со Кристина Нацева, Пакс Кристи, 29 Септември 2003.*

## 7.2 Активности за деца

Работење со деца генерално е многу полесно отколку работење со возрасни: Децата се обично мотивирани и покажуваат интерес во учење и во спроведување на нови активности. Како и да е, за да децата да бидат во можност да учат и да ги сфатат пораките за МОЛО, од големо значење е тие да учествуваат во активностите. Потребата од интерактивните методи како што се натпреварувањето, разни квизови, театар на кукли, цртање и разни игри е есенцијално за пренесување на пораката за совет и нформација меѓу нив.

Како и со сите останати целни групи, пораките и материјалите за децата мораат да бидат специфични на нивните потреби и околности. Употребувајќи материјали и активности кои им овозможуваат на децата да ги истражуваат концепциите помеѓу МОЛО и останатите прашања им овозможува на децата да го совладаат јадрото на пораката подобро. Честопати се покажува успешно употребата на добро познат локален лик со помош на тетарска претстава, цртан стрип, постер или слични материјали во училиштата. Некои од активности кои можат да се превземат со децата се:

- Традиционални медии пример: театар, кажување на приказни, песни и танцување.
- Презентации: Предавања,драма,песни, аудио-визуелни и графички материјали.
- Училишни натпревари,квиз на знаења
- Претстави, театар со кукли.
- Дискусии: Деца со деца или деца со возрасни.
- Игри, играње на улоги, цртање.
- Безбедни места за играње да се создадат услови за играње со или во околина на МОЛО.
- Употреба на материјали: цртан стрип, постер, лепенки,
- Употреба на медии: Спотови, програми.
- Славни личности, активисти за мир.

Соодветно на мислењата и нивото на знење меѓу децата како дадена целна група, различни пораки можат да се елаборираат за момчињата и девојчињата. Како и да е, во 5-та секција се објаснети пораките пренесени до децата мора да го содржат зборот: Не допирај. Тие што ја спроведуваат програмата мораат исто така да одлучат да ги употребат децата како вектор за пренесување на пораката до нивните подредени или до возрасните со помош на активностите као што се активностите наречени едукација дете-дете.

**Бокс 34: Точки кои треба да се запомнат кога се работи со деца.**

1. За да се пренесе пораката Не Допирај до децата, важно е во тек на нивното едуцирање за опасностите од допир со оружје или муницијада тие да не се доведат во контакт со оружје, муниција или експлозивни материјали. Лажни МОЛО, вклучувајќи мини не треба исто така да се допираат. Многу подобро е кога се употребуваат модели за демострација да се прикажуваат во прозирни пластични кутии.

2. Запомнете да постапите по редослед со сите чекори за предострожност кога се работи со деца. Тие лесно се плашат од премногу негативни информации и можат да се преплашат ако акцентот е ставен премногу на опасностите кои им се во непосредна близина. Правете редовни паузи, мешајте позитивни информации со негативни, и обрнете внимание да не се преоптоваруваат со информации и да не се преплашат.

3. Најважното учење до сите деца е нивниот домашен живот а не тој во школото. Затоа од големо значење е да не се остават родителите као целна група во втор план, туку пораките до родителите да се како потврдување на тоа шо е учено во училиште.



## 7.3 Активноости за возрасните

Работењето со возрасни е често по инспиративно, но во исто време и потешко отколку со деца. Ова е многу точно посебно со групи на возрасни кои носеле оружје, како и со борци кои во многу случаи мислат дека знаат повеќе за прашања поврзани со МОЛО и за процедурите врзани со нив. Стекнувањето доверба и респект од возрасните, слабото познавање на проблемите и на локалните услови, а во замена за стекнување кредибилитет може честопати да тече споро. Добар тренинг и припрема (како и со децата) е мошне потребно. Во многу случаи квалификациите, полот, возраста или националната припадност на припадниците на дадена НВО ке биде круцијален фактор и треба да се земе во обѕир при нивното вработување.

Како и да е, многу теми кои се аплицираат на децата исто така се апликативни и кај возрасните. На пример, развивање на интерактивни активности е многу добар начин за нивно вклучување. Ставање на прв план на родители и останати возрасни (посебно жртви на МОЛО) е многу важно затоа што тие можат да послужат како патоказ за останатите родители и деца. Возрасните исто така можат да бидат ангажирани во информирање и едуцирање на тинејџери и деца организирајќи разни активности. Листа на активности кои се пожелни за возрасни целни групи се:

- Дискусии во групи
- Состаноци, тркалезни маси.
- Мапирање на заедници.
- Традиционални медиуми (пр. Театар, раскажување на приказни, песни и танцување).
- Презентации(пр. предавања,драма,песни,аудио-визуелни, и графички материјали).
- Фокусни групи.
- Спорт и културни настани.
- Изложба и останати настани во заедницата.
- Продукција и/или употреба на материјали и медии(пр. продукција на документарци вклучувајќи и вистинки искуства).
- Учество во локални телевизијски и радио програми, весници во врска со прашањата поврзани со МОЛО.
- Организација и пратење на активности на останатите целни групи пр. подготвување на жени за мажи или за деца; екс борци организираат средби со тинејџери.
- Употреба на активисти за мир; познати личности од регионот, интернационални ѕвезди итн.
- Употреба на јавни сервиси пр. пораки во вид на пропаганден материал лепени на автобуси или други средства за јавен превоз.

# 8 Набљудување, оценувачки активности и материјали

Овој дел на САСП се концентрира на круцијални материи на набљудување и оценување на пограмата за шиење на свеста за МОЛО. Ги дефинира главните цели на МОЛО програмата за набљудување и оценка (Н&О) како:

> ***"Да дефинира дали овие групи вклучени во пограмата за шиење на свеста за МОЛО, како резултат на интервенција, ја променила свесноста, ставот и однесувањето кон МОЛО, во однос на програмските целиг"***

Наблудувањето и оценката се форми на прибирање на информации. Тие вклучуваат слични техники, кои можат да се сумаризираат како да вклучуваат четири методи:

а) прашалници и анкети;
б) интервуа и групни разговори;
в) техники на учесниците;
г) анализа на докази од секундарни извори.[62]

(Н&О) е интрален дел од програмскиот циклус. Како што е опишано во делот 3, особено важно е да се основа (Н&О) системи за време на фазата за планирање за било која програма. Корисна дистинкција помеѓу набљудување и оценка може да биде направена како следново:

**Табела 16: Разликување на набљудување од оценка**

| | ШТО ВКЛУЧУВА | КОГА СЕ СЛУЧУВА ВО ПРОГРАМСКИОТ ЦИКЛУС |
|---|---|---|
| **Набљудување** | Процесот на следење кон постигнување на целите со цел идентификација, што функционира а што не, дозволува степен на адаптибилност во стратегијата и тактиката. | |
| **Оценка** | Поструктуиран и формален процес на преглед на постигнувањата со цел да се донесе заклучок за минатата ефективност и да се научи од искуството за да се подобри идната пракса | На одредено време - за проекти кои траат повеќе од 18 месеци, ова нормално би вклучувало преглед на половина термин како и оценка спроведена на крајот на проектот. |

## 8.1 Развоен и интегриран пристап.

Било кој (Н&О) би требало да биде развиен во релација со целите поставени во рамките на програмата. Наспроти секоја цел, мора да се идентификуваат клучни мерки на прогрес кон постигнување на целите (индикатори) како и извори на информации (средства на верификација) кои можат да бидат користени да направат проценка. (види табела 15 во делот 5.8 за примери како индикаторите можат да бидат поврзани со пораките, активностите и материјалите).

Н&О системите, индикаторите и средствата за верификација треба да бидат основани во исто време кога и програмските цели се поставени (т.е на почетокот пограмата за шиење на свеста за МОЛО). Само тогаш ке биде возможно прибирање на потребните податоци.

Предностите на така интегрираниот пристап се:

а) ако Н&О системите се вметнати во старт, основните податоци можат да се соберат, правејќи да биде многу полесно пратењето на прогресот и мерење што може да се промени како резултат на соодветни интервенции. Доколку националното испитување за МОЛО е спроведено, некои податоци веќе ќе бидат достапни на програмски активисти за целите на Н&О;[63]

б) собирање информации за времетраење на програмата обезбедува можност за континуирано учење и за тестирање на логиката и ефективноста на одделен пристап на континуирана основа;

в) било каков проблем и слабост во програмата кој бил поставен може да биде обзнаен и ќе може да се посочи. Програмата може да биде адаптирана според наодите и различен приод може да се примени каде што е соодветно;

г) оценката може да помогне во учење од грешките како и идентификација на примерите за добра практика и привлекување на внимание на успешните иницијативи кои би можеле да се реплицираат насекаде;

д) со прибирањето, анализата и интерпретацијата на информациите, може да се постигне подобро разбирање на оперативната средина, кога се планирани посреднички активности, извештаи на оценка можат да бидат начин на привлекување внимание на определен проблем или ситуација ( на пример со промоција на наодите од други невладини организации кои оперираат во таа област)

**Бокс 35: Набљудување на “За подобро утре” програмата во Македонија**

МЛО програмата ”За подобро утре” водена од УНДП Македониа, користеше комбинација од мас-медиа техники, работа на ниво на локална самоуправа и дијалог на владина ниво бо подршка на бројевима 45 дена собирање на МЛО бо Ноември-Декември. Видео и радио спотови, реклами во весници, флајери, беџеви, постери, концерти, каравани и маршеви се сите користени да пренесат програмска порака. На локално ниво 123 локални комисии се основани во кооперациа со 7 невладини организации чијии што вработени започнаа со активности и дискусиони грипи за да започнат со работа кон побезбедни планови на локалната заедница. Беа основани голем број на различнии набљудувачки системи. Структурата на националната комисиа се погрижи за регуларен тек на информациитее до одговорните за програмата додека Македонската информативна агенција помагаше со медиа мониторингот и Галуп спроведе три месечна јавна анкета.

*Извор: Преписка со Ален Лапон, УНДП САЦИМ Офицер за јавна свесност*

## 8.2 Нивоа на евалуација

Како што е горе наведено Н&О системите треба да бидат развиени во однос на целите поставини во програмата. Ова може да вклучи различни нивоа земајќи ја во предвид програмата:

**Табела 17: Нивоа на евалуација**

| НИВОА НА ЕВАЛУАЦИЈА | ЦЕЛ | ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАШАЊА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРОУЧАТ |
|---|---|---|
| **Активности** | Да се процени нивото до која програмата е организирана и користените ресурси со оптимум ефикасност | • Дали промовираните пораки се вистинските?<br>• Дали промовираните пораки ги досегаат вистинските луѓе? |

[63] Кога и да постои национално МЛО истражување, активностите за МЛО свест ке дадат пристап до многу информации кои се однесуваат на дистрибуцијата, ефектите и социалните перцепции за МЛО. Затоа што истражувањето ке се направи пред било која национална акција за микро-разоружување, ке даде некои основни податоци.





| НИВОА НА ЕВАЛУАЦИЈА | ЦЕЛ | ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАШАЊА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРОУЧАТ |
|---|---|---|
| **Резултати** | Да се идентификуваат промените во знаење, ставовите и практиката кои можат да бидат разумно припишани на програмата помеѓу различните целни групи. | • Дали има некои знаци дека знаењето, ставовите и уверувањата се менуваат?<br>• Дали има некои знаци на менување во пракса или во однесувањето? |
| **Влијание** | Да се истражи како одредената програма на интервенција ја има направено актуелна и одржлива разликата во животите на специфичните групи на луѓе, на пример во подобрено ниво на физичката безбедност | • Какво е влијнието на интервенцијата, во рамки на промените на безбедносната ситуација, намалување на губитоци, и т.н. |

Често, различните програмски цели ќе бидат во опсег на сите три нивоа, но со повеќето средно-трајни програми, има смисла да се фокусира најмногу напор на тоа каков резултат ке се постигне.

## 8.3 Собирање, анализирање и делење на наоди: учеснички пристап

а) доколку повратната информација на ефективноста на програмата дојде примарно од погодената заедница, витално е да тие развојни пограми за шиење на свеста за МОЛО да ги вклучуваат претставниците од тие заедници за дизајнирање на Н&О рамка. Каде што Н&О не се развиени во соработка со погодените локални заедници како дел од поширок тековен процес, веројатно е дека квалитетот на собраните информации ке биде слаб;

б) во собирањето и анализата на информациите, тие кои ја донесуваат програмата ќе треба да ги слушаат внимателно перспективите на останатите и да бидат подготвени да ги интерпретираат информациите објективно, дури ако собраните податоци и информаци не кореспондираат со нивните гледишта и искуства;

в) Н&О има важна улога во зајакнувањето на партнерството помеѓу спроведувачката организација и локалните заедници, и помеѓу спроведувачката организација и другите агенции и институции, активни во релевантните заедници. Клучната функција на евалуација треба да осигура дека сите овие различни актери имаат шанса да ги искажат своите мислења и проценки на активностите на спроведувачката заедница и нивните последици;

г) Н&О не само околу прибирање на информации и анализи; исто така е круцијално и околу распределбата на информации. Затоа треба да бидат на место уште од самиот почеток, не само да бидат во можност да учат од наодите интерно, туку и да комуницираат резултати со другите кои би профитирале од примањето на информации. Овој принцип се применува како во МОЛО така и во националниот САЛЊ власти, кои треба да ја набљудуваат и оценуваат иницијативата за микро-разоружувањето кои што тие ја координираат, и да ги направат резултатите јавни како што се бара со националните анкетни резултати за МОЛО;

д) проценката е клучниот начин на засилување на одговорноста на вложувачот, вклучувајќи намерни корисници, донатори и партнерски организации.



## 8.4 Едноставна рамка за набљудување и оценка: одбирање средства на верификација

Клучниот принцип на проценка е дека Н&О систмите да бидат што поедноставни. Само важните работи треба да бидат мерени,(не само работите што се лесни за мерење), да помогнат да се изгради тело на доказ чиј што особен програм би придонел да се промени индивидуалното знаење, ставот и однесувањето и во зависност од програмската стратегија, промени во институционалната стратегија и пракса.

Исто така е мошне неверојатно да било која единечна алатка за оценка сама по себе ќе ја обезбеди потребната информација или во изолација ке биде без наклонетост. Во речиси сите случаеви, мешавина на квалитативни и квантитативни информации ќе бидат потребни.

**Табела 18: споредба на квалитативни и квантитативни информации**

| ТИП НА ИНФОРМАЦИЈА | ПРИМЕР НА ТЕХНИКА | КОГА Е КОРИСТЕНА | КОМЕНТАР |
|---|---|---|---|
| **Квалитативно** | Интервјуа и работилници, обзервации | Да се користат ставовите, уверувањата, чувствата и однесувањата. | Добиените информации даваат длабоко разбирање на ситуацијата, но е субјективна и треба да се интерпретира внимателно. |
| **Квантитативно** | Прашалници и анкети | Да се измерат мислењата или други податоци статистички. | Кога се спроведува коректно може да се соберат информации од голем број, но често дава површна слика на реалната ситуација. |

Обична рамка за идентификување на потенцијалните извори на информации е дадена по долу (исто така види ги Анекс В до Ѓ):

**Табела 19. Потенцијални извори на информации за верификација.**

| НАЧИН НА ВЕРИФИКАЦИЈА | КОГА СЕ КОРИСТИ | ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ |
|---|---|---|
| **Прашалници и анкети** | Овие можат да бидат употребени за собирање на статистички податоци во врска со особеностите на знаење, ставови, практика и однесување на целните групи (како во КАП анкетата, пример опфатен во анекс Ц). | Бара голем број на теренски работници и специјалисти надзорници. Трошоците можат да бидат многу високи ако се потребни робусни статистички податоци, но доколку е доволно индикативен доказ, трошоците се редуцирани. |
| **Интервју и дискусии на фокусни групи** | Вакви техники се најдобро применети во истражување на подлабоки целни групи, на нивното разбирање и чувства за проблемите , решенијата и направениот прогрес како и за бариерите до понатамошни напредувања. | Бара вклучување на професионалци, кои се способни во интерпретација на реакции и анализирање на резултати. Трошоците имаат тенденција да бидат помеѓу високи и средни, поради временско интензивната природа на пристапот |





| НАЧИН НА ВЕРИФИКАЦИЈА | КОГА СЕ КОРИСТИ | ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ |
|---|---|---|
| **Учеснички техники**<br>**Овие би вклучувале на пример**<br>• Вежби на подреденост и добитност<br>• Слики и мапи како стартна точка да се стимулираат разговорите во заедниците<br>• Орална историја | Развојот и имплементацијата на планот за побезбедна заедница зависи од учеството на заедницата; во оваа ситуација посебно, ќе биде важно да се користи учесничка техника во помошта да се процени колку е добар проектот и степенот на кои целите се поставени. | Вешти учесници се потребни да земат учество и да охрабрат учество во заедницата. Трошоците имаат тенденција да бидат помеѓу средни и високи поради временско интензивната природа на пристапот |
| **Анализа на доказите од секундарни извори**<br>Овие извори вклучуваат како на пример:<br>• статистика на загуби и други важни записи<br>• Академски студии<br>• Извештаи од други агенции<br>• Анализи за тоа како работи од SALW се монтираат од медиумите, и како се менува, доколку, со тек на време | Информациите собрани од погодената заедница може да биде додадена од опсег на други информации и податоци достапни од други извори кои можат да обезбедат важна позадина и контекст | Зависи од користените извори и нивната пристапност |

## 8.5 Компаративна снажност и слабост на различни оценувачки методи

Како што табелата доле го означува[64], различните пристапи сумаризирани горе имаат различна снажност и слабост. Да се помогне во правењето на проценка да биде што поинформативна и што покорисна, нормално е важно да се стави опсег на различни средства за верификација. Оценката за балансот помеѓу различните техники можат да бидат направени според релативната важност на различни проценителни критериуми објаснети подолу (на пример кога учеството е ценето, поголема нагласеност на квалитативните техники кога се бараат едноставни бројки, фокусираност на анкети и прашалници) како и да е, во сите случаеви, најдобар пристап е да се вклучи микс од квалитативни и квантитативни техники..

**Табела 20: Снажност и слабост на различни проценителни методи.**

| МЕТОД КРИТЕРИУМ [65] | ПРАШАЛНИЦИ | ИНТЕРВЈУА И ФОКУСНИ ГРУПИ | УЧЕСНИЧКИ ТЕХНИКИ |
|---|---|---|---|
| Покриеност | Висока | Средна | Средна |
| Претставителност | Висока | Средна | Средна |
| Олеснување на прибирање на податоци и синтеза | Висока | Средна | Средна /Ниска |
| Способност за прифаќање на квалитативни информации | Ниска | Висока | Висока |
| Способност за прифаќање на каузални процеси | Ниска | Висока | Висока |

[64] Усвоено од www.microfinancegateway.org/ impact/method/tool1_2_1.doc

[65] Оваа табела не прави референции за тоа како секундарните извори ги исполнуваат критериумите, затоа што во секоја кутија одговорот ке зависи од изворот



| МЕТОД КРИТЕРИУМ [65] | ПРАШАЛНИЦИ | ИНТЕРВЈУА И ФОКУСНИ ГРУПИ | УЧЕСНИЧКИ ТЕХНИКИ |
|---|---|---|---|
| Способност за разбирање на комплексни процеси. | Ниска | Средна | Средна |
| Способност за прифаќање на различност на перцепција и да се извлечат мислењата и позициите на жените и на непривилигираните групи | Ниска | Средна / Висока | Средна / Висока |
| Способност за прифаќање на неочекувани и негативни влијанија | Висока | Висока | Висока |
| Способност да се идентификуваат и артикулираат почуствуваните потреби | Ниска | Висока | Висока |
| Степен на охрабрено учество | Ниска | Висока | Многу висока |
| Возможност на засилена одговорност на целните корисници | Ниска | Висока | Висока |
| Потенцијал за придонес за градење на капацитетот на вложувачот | Ниска | Висока | Многу висока |





# Прилог А
## (Информативен)
## Изрази и дефиниции

### А. 1.1
**пропагирање**
поддршка на јавноста, препорака или позитивен публицитет со цел отстранување, или барем намалување на заканата од МОЛО, и намалување на влијанието на МОЛО.

### А.1.2
**вклучување на заедницата**
во контекст на МОЛО овој израз се однесува на: процес дизајниран да ги постави потребите и приоритетите на погодените заедници во средиштето на планирањето, имплементирањето и набљудувањето на контролата на МОЛО и други сектори.

Забелешка: Вклучувањето на заедницата се базира на размената на информации и ги вклучува заедниците во донесувањето одлуки со цел поставување приоритети за контрола на МОЛО. Вака контролата на МОЛО цели да биде инклузивна, фокусирана на заедницата и обезбедува максимално вклучувањље на сите делови на заедницата. Ваквото вклучување подразбира заедничко планирање, имплементирање, набљудување и оценување на проектите.

Забелешка: Вклучувањето на заедницата истотака функционира со заедниците за да се развијат специфични привремени стратегии за безбедност промовирајќи го менувањето на однесувањето на поединците и заедниците. Ова е дизајнирано за да се намали влијанието на МОЛО кај поединците и заедниците се додека времето како закана се отстрани.

Забелшка: Ова ќе биде еден од поважните стратешки принципи на микро-разоружувањето.

### А.1.3
**оценување**
процес кој се обидува да определи колку што е можно посистематски и објективно и колку што е можно заслугата, релевантноста и вредноста и влијанието на една интервенција.

### А.1.4
**мирко-разоружување**
набљудување, собирање, контрола и завршно складирање на малото оружје, соодветната муниција и експлозиви и лесно оружје од војниците а истотака често и од цивилното население. Ова вклучува развој на соодветни програми за управување со оружјето.

### А.1.5
**набљудување**
Во контекст на микро-разоружувањето, овој израз се однесува на: овластено посматрање, од страна на квалификуван персонал, на местата, активностите или процесите без да преземат некаква одговорност за тоа што се посматра. Ова обично се спроведува со цел да се провери конформитетот (соодевствувањето) помеѓу обврските, процедурите или стандрдните практики и многу често вклучува елементи на евидентирање и известување, и можно преусмерување на активностите.

### А.1.6
**национални авторитети (власти)**
во контекст на МОЛО, изразот се однесува на владиниот(те) сектор(и), организација(и) или институција(и) во земја која е задолжена со регулирање, управување и координирање на активности за МОЛО.



### A.1.7
**информирање на јавноста**

Информација што е пуштена во оптек или објавена со првенствена цел целосно информирање на јавноста за точните услови на интервенцијата за МОЛО, и на тој начин да се придобие разбирање и поддршка.

Забелешка: Во контекст на интервенцијата за МОЛО, целта на информирањето на јавноста е да таа биде целосно известена за точните услови на таа интервенција.

Забелешка: Информирањето на јавноста е пристап за масовна мобилизација што испорачува информации за проблемот на МОЛО.

Забелшка: Во итни ситуации, поради временско ограничување и недостаток на точни податоци ова е најпркатично средство за соопштување сигурни информации. Во други ситуации, информирањето на јавноста може да ги подобри врските со заедницата /вклучување на заедницата.

### A.1.8
**фаза на сензибилизирање**

Период на секоја програма за подигање на свеста за МОЛО интегрирана со план за собирање и регистрирање на оружје, и се одвива пред самиот почеток на амнестијата или кампањата за регистрирање. Намерата на фазата за сензибилизирање е да ја всензитираг јавноста за потребата да се предаде или да се регистрира оружјето.

### A.1.9
**МОЛО**

сите конвенционални смртоносни муниции што можат да се носат од страна на поединци или во мало возило, што истотака не изискуваат поголема логистика или капацитет за одржување (дефиниција на СЕЕСАЦ)

Забелешка: Не постои усогласена дефиниција за МОЛО. Вообичаена алтернатива на дефиницијата на СЕЕСАЦ е онаа од извештајот на ОН од Панелот на експерти од 1977 година кој за МОЛО го смета оружјето што има калибар помал од 100мм, и како мало оружје го дефинира оружјето што е дизјанирано за лична употреба, а како лесно оружје го дефинира тоа што е дизајнирано за употреба на неколку лица што служат како чета (екипа). Затоа во мало оружје се вклучени револверите, автоматските пиштоли, пушките, карабините, ЦУБ МАЦХИНЕ ГУНС, АССАУЛТ РИФЛЕС, ЛИГХТ МАЦХИНЕ-ГУНС. Во лесно оружје се вклучени сите погоре споменати како и тешките митралези, фрлачи на граната, подвижни противавионски топови, подвижни противтенковски топови, бестрзајни пушки, подвижни лансери за противтенковски ракети и ракетни системи, подвижни противавионски ракетни сиотеми и минофрлачи со калибар помал од 100мм. Муницијата и експлозивите што се употребуваат за малото и лесно оружје истотака спаѓа под терминот МОЛО и тука се вклучени шаржери за мало оружје, гранати и проектили за лесно роужје, против-пешадиски, и противтенковски рачни гранати, нагазни мини, експлозиви и мобилни контејнери со проектили, или гранати за противавионски и противтенковски системи со едно полнење.

### A.1.10
**МОЛО пропагирање**

програма на активности со цел потегнување на проблеми и прашања поврзани со МОЛО пред јавното мнение, власта, медиумите, владата и нејзините институции за да се постигнат промени како на институционално и/или индивидуално ниво.

Забелешка: Ваквите видови активности вклучуваат и кампањи за нагласување проблемите и прашањата со МОЛО со цел охрабрување на луѓето да го предадат оружјето. Ова вогалвно се изведува како поддршка на програмите за собирање на оружје.

### A.1.11
**(програми за) Подигање на свеста за МОЛО**





програма на активности преземени со крајна цел минимизирање, и каде е возможно и елиминирање, на негативните последици од несоодветната контрола на МОЛО преку преземање соодветна комбинација на кампањи за Намалување на ризикот на МОЛО, пропагирање за МОЛО и кампањи за инфрормирање на јавноста што функционираат заедно во соработка со програмите за социјални активности за менување на навиките и помош за пронаоѓање на соодветни алтернативни решенија низ еден подолг период.

Забелешка: Каде и да постои национална иницијатива за контрола на МОЛО, нејзините оперативните цели ќе го диктираат соодветниот тип на активности за подигање на свеста за МОЛО.

Забелешка: Подигање на свеста за МОЛО е пристап за масивно мобилизирање со кој се објавуваат информации за заканите од МОЛО, прашања за МОЛО и решенија. Може да биде во форма на формална и неформална едукација, а може да се употребат и техники на мас медиите.

### А.1.12
**Едукација за ризикот од МОЛО**

процес што го промовира прифаќањето на побезбедни навики од ризичните групи и од страна на носители на МОЛО преку информирање на луѓето за опасностите и заканите од МОЛО и нивна едукација за алтернативите, побезбедни навики.

Забелешка: Едукацијата за намалување на ризикот од МОЛО може да се имплементира како самостална активност, во контекст на тоа кога не се изведува некоја активност за собирање оружје. Доколку се започне со некоја амнестија од поголем обем, мора да се преземат активности за едуакција за ризикот за да се обезбеди сигурност на сите вклучени учесници. Овие активности ќе им овозможат ефикасно вклопување на другите компоненти на кампањата за да се подигне свеста за МОЛО, преку употреба на мрежите, системите и методите како дел од програмата за едукација за ризикот и преку прилагодување на содржината на правилен начин.

Забелешка: Едукацијата за намалување на ризикот од МОЛО е неопходна (битна) за контрола на МОЛО.

### А.1.13
**анкета (Анкета за МОЛО)**

систематски и логичен процес за да се определи природата и опсегот на пролифериција (производство) на МОЛО и нејзиното влијание во регионот, државата или заедницата со цел обезбедување точни податоци и информации за безбедна, ефикасна и успешна интервенција од страна на определена организација.

### А.1.14
**Анкета за распределба на малото оружје (АРМО)**

компонента на анкетата за МОЛО што ги собира податоците за типот, количината, поседувањето, распределбата и движењето на МОЛО во државата или регионот, заедно со анализа на расположивите домашни ресурси за да се одговори на проблемот.

### А.1.15
**Анкета за влијанието на малото оружје  (АВМО)**

компонента на анкетата за МОЛО што собира податоци за влијанието на СЛАЃ на заедниците и социјалниот и економски развој.

### А.1.16
**Анкета за перцепција на малото оружје (АПМО)**

компонента на анкетата за МОЛО што собира квалитативни и квантитативни информации, преку фокусни групи, интервјуа, и анкети на семејства за односот на локалната заедница кон МОЛО и можните интервенции.

### А.1.17
**Неексплодирани средства (НЕС)**

Ексползивни средства што се припремани, фузирани, вооружени или поинаку припремани за употреба или се употребени. Може да биле испалени, паднале, биле лансирани или се исфрлени како проектили



но сепак останале неексплодирани било поради неисправност или поради дизјнирањето или поради некоја друга причина (ИМАС речник)

## A.1.18
**Оружјето во трка за развој (OTP)**
директна врска помеѓу доброволното предавање на малото и лесно оружје преку натпреварување на заедниците како размена на договорен развој на инфраструктура од мала степен од страна на легалните власти, некоја меѓународна организација или НВО.

## A.1.19
**Оружје во размена за развој (OPP)**
директна врска помеѓу доброволното предавање на малото и лесно оружје од страна на заедницата, како целина, во размена на обезбедување на одржлива инфраструктура од страна на легалните власти, некоја меѓународна организација или НВО.

## A.1.20
**Оружје во размена за иницијативи (ОРИ)**
директна врска помеѓу доброволното предавање на малото и лесно оружје од страна на поединци во размена на обезбедување на соодветни материјали од страна на легалните власти, некоја меѓународна организација или НВО.





# Прилог Б
## (Информативен)
## Влијание и последици од МОЛО

Повеќе од илјада компании се вклучени во производство на мало и лесно оружје а најмалку 98 земји имаат капацитет да произведат мало оружје и муниција. Една често цитирана оценка за бројот на МОЛО (и легално и нелегално) што кружи низ целиот свет го дава бројот од 600 милиони парчиња, а бројот на луѓето убиени од овој вид оружје на е 500.000 годишно, од кои 200.000 во вмирните земјиг.[66] Ваквите статистики се многу тешки за составување и по природа се несигурни. Сепак, околу важноста и природата на проблемот нема дилеми; има неколку стотици милиони МОЛО што циркулира низ светот, и има важна улога во конфликтите, насилството и несигурноста. Освен при предизикување смрт, огненото оружје се употребува за ранување, осакатување, тероризирање и разместување на повеќе милиони луѓе. Иако хуманата, социјалната и економската цена од производството и злоупотребата на МОЛО е тешко да се процени прецизно, влијанието  и последиците можат, генерално, да се опишат на следниов начин :

**1. Поткопување на развојниот процес на определена земја, регион или заедница**

- Средствата што се трошат за безбедност и/или оружје не може да се употребат за развој ;
- Странските инвестиции, распределбата на средствата од страна на владата се условени;
- Се обесхрабрува туризмот;
- Транспортниот систем и пристап до основните потреби, земјоделското и индустриското производство се пореметуваат; и
- Хуманистарните и агенциите за развој мора да го ограничат делокругот на нивното делување поради безбедносни причини.

**2. Потхранување на насилството, несигурноста и нестабилноста преку**

- Зголемување на насилството т.е. вооружени грабежи, агресија, убиства, повреди, заплашувања, киднапирања, зголемување на тензиите помеѓу заедниците; охрабрување на решавање на проблемите со насилни наместо со мирни средства;
- Зголемување на шверцот и разбојништвото;
- Зголемување на ризикот од тероризам; и
- Олеснување на трговијата со дрога, што не може да функционира без огромна распространување на МОЛО. На пример трговијата со суров и преработен хероин преку Пакистанско-Авганистанската граница е тесно поврзана со противзаконската трговија со МОЛО.

**Бокс Б.1: Разбојништвото во Никарагва**

Споредено со останатите земји на Централна Америка излезени од конфликт, Никарагва има претрпено и сеуште трпи во голема степен од актиностите на организирани и полу-организирани вооружени групи и рурални банди вклучени во акции на обичен криминал, разбојништво, киднапирање, заплашување и погранични акции во локалната политика.

*Извор:  Влијанието на злоупотребата на малото оружје во Централна Америка, Анкета за малото оружје, октомври 2002*

---

[66] Годишен зборник на Истражувањето на Контрола на Мали Оружја, 2002. Погледниво "Хуманитаризмот под Закана: The Humanitarian Impact of SALW"



**3. Придонесувајќи во кршењето на Човековите права и Меѓународното Хуманитарно право (МХП)**

- Недискриминативен напад на цивилното население за време на конфликтите претставува озбилно прекршување на МХП. Основните принципи на МХП се грижат за одбрана на тие што не војуваат и забрануваат недискриминативна употреба на било какво оружје (Женевска Конвенција 1949 и Протоколи од 1977).[67]
- Расположивоста на малото оружје преставува закана за човеквите права како правото за живот, слобода, и безбедност на лицата (член 3, Декларација на ОН за Човековите Права).

**Бокс Б.2: Човековите Права во Колумбија**

Во Колумбија огненото оружје допринесе за зголемување на кршењето на човековите права преку насилни исчезнувања (309 случаи во текот на првите 9 месеци на 199) и земање под заложништво (2946 пријавени случаи во 1999)

*Извор: Хуманитаризмот под закана: Хуманитарното влијание на МОЛО, Специјален Извештај, Анкета за мало оружје, јули 2001)*

**4. Предизвикување физички оштетувања на индивидуи и имоти, како и психолошки ефекти**

- Прерани умирања, повреди и инвалидитети оштетуваат цели семејства, производствените капацитети на поединци и заедниците, и претставуваат дополнителен товар за Здравствениот систем (во сите фази: прва помош, хирургија, медицинска грижа и рехабилитација). Затоа насилството станува голем општествен здравствен проблем.
- Психолошките ефекти врз возрасните и децата кои биле сведоци или кои биле вклучени во насилни акти; во одреден контекст. МОЛО го олеснува експлоатирањето на децата и војниците.
- Самоубиства: постои корелација помеѓу поседувањето огнено оружје и намерни убиства со огнено оружје во индустријализираните земји. Самоповредувања со огнено оружје често се вршат поради импулсивно однесување или како резултат на лични конфликти.
- Физичка опасност поради присуство на нестабилна миниција и експлозиви.

**Бокс Б.3: Нестабилна муниција**

Во 2000, во Ел Салвадор, експлодира воен магацин. Експлозијата рани 40 лица и предизвика оштетување на 725 куќи во три населби. Слични настани се многу чести низ целиот свет и се случуваат скоро секоја година и тоа во значителна степен.

*Извор: Влијанието на злоупотребата на малото оружје во Централна Америка, Анкета за малото оружје, октомври 2002*

**5. Предизикување на движење на населението**

- Во определни ситуации, расположивоста на оружјето и подоцнежното насилство има секондарно влијание како што е насилното иселување на луѓето (во земјата и вон земјата). Во Колумбија на пример, постои силна поврзаност помеѓу инцидентите на масакрите со огнено оружје или вполитички убистваг и насилното разместување.[68]

**6. Поткопување на легалната трговија со оружје**

- Нето резултатот на противзаконското производство и дистрибуција на оружје е негативно

[67] Види исто така “Достапноста на Оружјето и Ситуацијата на цивилите во вооружен конфликт” (Arms Availability and the Situation of Civilians in Armed Conflict), ICRC

[68] Humanitarianism Under Threat: The Humanitarian Impact of SALW, специјален извештај, Истражување за Мали Оружја, Јули 2001.

за легалниот бизнис со оружје бидејќи поевтиното оружје во црниот пазар ја поткопува побарувачката во легалните пазари. Проценките за бројот на нелегалното МОЛО во Пакистан се движат до околу 18 милиони. На пример, илегалните изработувачи во племенската Северозазпадна Погранична област на вДарра Адам Кхелг преземаат голем дел на пазарот предизвикувајќи им големи загуби на големите приватни локлани индустрии.[69]

**7. предизвкувајќи повеќекратен ефект во заедниците и помеѓу земјите**

- Поединци/заедници набавуваат повеќе оружје за самоодбрана. На пример, во многу делови на ЈИЕ, поединци на влошувањето на безбедноста одговориле со набавка на оружје или со вработуање приватни компании за обезбедување.[70]
- Расположивоста на МОЛО придонесува на една вкултура на оружјег и поттикнува култура на насилство создавајќи повеќекратни ефекти внатре во општеството. Во Централна Америка на пример, МОЛО во голем дел е проширено од Ел Салвадор, Гватемала и Никарагва, земји претходно зафатени со конфликти, во претходно мирните земји на Коста Рика, Хондурас, Мексико и Панама.[71]

[69] Допишување со Захид Хусеин, Фондација за Трајни Ресурси, Исламабад, Август 2003.

[70] Дискусии со ЈИЕКМО, Јули 2003.

[71] Влијанието на Злоупотребата на Малите Оружја во Централна америка, истражување за Мали Оружја, Октомври 2002.



# Прилог В
## (Информативен)
## ЗСП Прашалници, објансувања и упатства

ЗСП[72] прашалникот опишан подолу е пример на можна алатка за собирање информации во различни фази во текот на програмите за подигање на свеста за МОЛО. Наменет е како пример и не би трбало да се употребува без никакви промени за да се прилагоди за целите на определена програма и во контекст на културата во која ќе се спроведува. Во сите случаи, прашалниците би требало претходно да тестираат со цел да се осигура дека е планиран така да внимава за културните очекувања и историјата на заедниците.

| |
|---|
| Името на анкетарот ____________ Организација _____________________<br>Место ________ Датум___/___/_____ Време на почеток______ време на заврш______ |

| |
|---|
| *Претставете се лично, организацијата и целта на прашалникот. Објаснете дека одговорите се тајни* |

**1. Споредено со периодот од пред една година, како мислите дека степенот на безбедноста во вашат заедница е променет ?**

☐ Степените на безбедност се подобрени
☐ Степените на безбедност останале исти
☐ Степените на безбедност се влошиле
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**2. Дали верувате дека поседувањето оружје ве прави посигурни или помалку сигурни?**

**Како поединец**

☐ Посигурен
☐ Помалку сигурен
☐ Нема разлика
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Како семејство**

☐ Посигурно
☐ Помалку сигурно
☐ Нема разлика
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Како заедница**

☐ Посигурна
☐ Помалку сигурна
☐ Нема разлика
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**3. Дали мислите дека присуството на оружје во заедницата има општо влијание врз економскиот развој и животниот стандард на вашата заедница?**

☐ Ги зголемува развојните перспективи и општиот животен стандард
☐ Нема влијание
☐ Ги намалува развојните перспективи и општиот животен стандард
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**4. Дали сте слушнале дека проблемот на поседување оружје е покренат во текот на последната година на некој од следниве начини ?**

☐ Дискусии во заедницата
☐ Спомнато од пријатели или соседи
☐ Покренато од религиозни водачи

[72] Знаење, ставови, вежби



- ☐ Покренато од НВО или Хуманитарни арганизации што делуваат во регионот
- ☐ Преку медиумите
- ☐ Други (наведете) ______________________________________

**5. Кои пораки за оружје (или за мало и лесно оржје) сте слушнале, ако воопшто сте слушнале? (опис без поттикнување)**

_______________________________________________________

**6. На што се однесуваа тие пораки:**

- ☐ Опасностите од оружјето
- ☐ Ефектите што оружјето може да ги има врз развојот на заедницата
- ☐ Потребите за безбедно однесување при ракување со оружје
- ☐ Придобивки од шемите за собирање оружје
- ☐ Почетниот датум и датумот на завршување на националната амнестија за МОЛО.

**7. Која, доколку има некоја, специфична порака сте ја слушнале ? (од предложената листа)[73]**

| | | ДА | НЕ | НЕ СУМ СИГУРЕН |
|---|---|---|---|---|
| А | „Секое оружје, муниција и експлозив е опасно. Тие се дизјнирани да убиваат" | ☐ | ☐ | ☐ |
| Б | „Не оставајте го оружјето во јавни места и на тој начин ќе ги ставите другите во опасност, особено децата" | ☐ | ☐ | ☐ |
| В | „Оружјето не е за забава. Не смеете да си играте со неа" | ☐ | ☐ | ☐ |
| Г | „Кога и да земете оружје, претпоставете дека е полно и дека е опасно" | ☐ | ☐ | ☐ |
| Д | „Вашите деца градат подобра иднина- помогнете им да ја изградат предавајќи го оружјето" | ☐ | ☐ | ☐ |
| Ѓ | „Некои сеуште мислат дека е многу кул да се има револвер, меѓутоа времето на револверашите е минато" | ☐ | ☐ | ☐ |
| Е | „Оружјето дома може да го убие вашето дете и вашата надеж за иднина. Зборувајте со вашите соседи и пријатели и раширете ја оваа порака" | ☐ | ☐ | ☐ |
| Ж | „Помеѓу 1 март и 30 септември ќе има национална амнестија за тие што ќе го предадат нелегалното оружје, муниција и експлозиви" | ☐ | ☐ | ☐ |
| З | „За да добиете купон и да учествувате во извлекувањето на националната лотарија за МОЛО, мора да предадете најмалку едно нелегално оружје" | ☐ | ☐ | ☐ |

**8. Како би го опишале бројот на оружје во вашата заедница?**

- ☐ Виртуелно секој поседува оружје
- ☐ Многу поединци поседуваат оружје
- ☐ Неколкумина поседуваат оружје
- ☐ Тешко е дека има некое оружје
- ☐ Нема оружје
- ☐ Не знам
- ☐ Нема одговор

[73] А-Д се примери на пораки на Едукација за МЛО опасности, Е-Ф се пораки од видот на Адвокатура кои би го подржале собирањето на оружјето, додека пораките Г-Х можат да се вклучат во компонентата на МЛО јавно Информирање за интервенцијата за микро-разоружавање.

**9. Кој поседува оружје во вашата заедница?**

☐ Мажи и жени подееднако, и млади и стари
☐ Сите мажи
☐ Само постари мажи
☐ Само помладите мажи
☐ Жените може да поседуваат оружје кога нема мажи

**10. Споредено со периодот пред една година, дали мислите дека бројот на оружјето кај вашите соседи се променил?**

☐ Бројот е намален
☐ Бројот е зголемен
☐ Бројот останал скоро ист
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**11. Доколку има соопштение за амнестија со која ќе и се овозможи на јавноста да го предаде нелегалното оружје без казнување, дали мислите дека таквата иницијативе би била:**

☐ Веројатно многу успешна
☐ Веројатно би имала некаков успех
☐ Веројатно би била неуспешна
☐ Зависи (на пример од состојбата, времето и типот на шемата за собирање)
☐ Не знам
☐ Нема одговор

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пол на испитаникот** | **☐ М** | **☐ Ж** | | | | |
| **Старост на испитаникот** | **☐13-19** | **☐20-29** | **☐30-39** | **☐40-49** | **☐50-59** | **☐60+** |
| **Етничка припадност на испитаникот** | (Обично нема да биде потребно да се праша за етничката припадност на испитаникот поради јазикот или местото. Сепак ова е важна варијабила што треба да се запише за време на имплементацијата на анкетата) | | | | | |
| **Место** | (Запишете го местото каде се изведува анкетата - име на градот или селото и општината) | | | | | |

*Прашалникот сега е завршен. Заблагодарете на испитаникот/чката за времето и продолжете.*



# Забелешки и објаснувања за примерокот на ЗСП прашалникот

Прашалникот е базиран врз примерокот на една програма со следниве цели и за промовирање на следните пораки на таргет (фокусни) публика како што е опишано подолу.

| Цел | Примарна публика | Клучна порака[74] |
|---|---|---|
| Да се олесни процес со којшто ризичните групи (на пример тинејџери и деца од школска возраст) на заедницата се поттикнуваат да го анализираат нивното однесување, да ги идентификуваат факторите што влијаат врз нивното однесување; и да усвојат безбедни однесувања околу МОЛО | Популацијата на заедницата, особено високо ризичните групи (децата и тинејџерите) | • Оружјето не е за забава. Не смеете да си играте со неа. Држете се понастрана од оружјето. Тоа е опасно за вашиот живот<br>• Некои сеуште мислат дека е многу кул да се има револвер, меѓутоа времето на револверашите е минато<br>• Да се биде без револвер е кул, тоа ја покажува вашата самодоверба<br>• Не можете да бидете кул, а истовремено да имате оружје |
| Да се олесни одговорот за алтернативите на вкултурата на насилствотог | Популацијата на заедницата | • Секое оружјето муниција и експлозив е опасно. Тие се дизајнирани да убиваат.<br>• Не зимајте никакво оружје. Доколку веќе имате не употребувајте го<br>• Не оставајте го оружјето во јавни места и на тој начин ќе ги ставите другите во опасност, особено децата |
| Да се поттикнат другите организации да го препознаат проблемот на МОЛО при планирањето на нивните актвности. | Организации за Развој и хуманитарни организации | • Секое оружје убива. Делувајте против оружјето. Тоа е најголемиот предизвик за нашето општество. Ни треба Вашата помош<br>• Покажете ја вашата љубов кон вашето семејство и земја со здружување во борбата против илегалното оружје- приклучете се веднаш |
| Да се зголеми свеста за проблемот на МОЛО во селото А и да се зголеми знаењето за мерки на сигурност при користење/ држење оружје. | Носители на оружје | • Секогаш при земање оружје, претпоставете дека е наполнето и опасно. Никогаш не допирајте го чкрапецот<br>• Држете го вашето оружје подалеку од вашите деца- држете го заклучено и ненаполнето. |

[74] Прашањата формулирани во прашалникот се базирани врз претпоставка да пораките подвлечени во оваа колона се тие кои се промовираат како дел од програмата за Свесност во пример - Заедницата ‘А’ (види табелите 7, 8 и 15).

| Цел | Примарна публика | Клучна порака[74] |
|---|---|---|
| Да се зголеми свеста за опасноста од поседување на оружје за целото општество . | Жени | • Оружјето дома може да го убие вашето дете, вашиот сопруг и вашата иднина. |
| За подржување на лидерите на заедниците во нивните обиди за зголемување на свеста кај луѓето за опасноста на МОЛО. | Религиозни лидери | • Лидерите на цивилните општества имаат одговорност да ги исполнат задачите. И вие би требало да имате свој удел во кампањата за собирање на оружјето<br>• Секоја религија асоцира на љубов и мир- помогнете и на вашето заедница да го остави оружјето |
| Да обезбедат точни и нови информации за јавноста со во кои се вклучени термините на националната интервенција за микро-разоружување | Целата заедница | • Помеѓу 1 март и 30 септември ќе има национална амнестија за тие што ќе го предадат нелегалното оружје, муниција и експлозивиг<br>• За да добиете купон и да учествувате во извлекувањето на националната лотарија за МОЛО, мора да предадете најмалку едно нелегално оружјег |

Секоја поединечна програма за подигање на свеста за МОЛО ќе има свои специфични цели според коишто ќе треба да се мери напредокот, ќе се насочи кон различна специфична публика и ќе оперира во рамките на посебен, единствен склоп на околности. Сепак, за да се одреди ефикасноста и успешноста на било која стратегија за подигање на свеста за МОЛО, основните прашања најверојатно ќе бидат исти во сите околности. Тие се:

**Активности**

1. Дали пораките што се промовираат се вистинските?
2. Дали пораките што се промовираат пристигнуваат до вистинските луѓе?

**Резултати**

3. Дали има некакви знаци дека знаењето, пристапот и верувањата се менуваат?
4. Дали има некакви знаци за менување на праксата и однесувањето?

**Влијание**

5. Какво е влијанието на интервенцијата во однос на менувањето на безбедносната состојба, на малувањето на жртвите и др.?



Брз база на потребата да се испитаат петте основни прашања, табелата подолу објаснува зошто се употребени прашањата во прашалникот, дадени како пример притоа обележувајќи со ѕвездичка посебна област на испитувањето за која секоја од прашањата е дизајнирана да го истражува. Табелата покажува дека, земено во целина, миксот на поставените прашања дава информации преку цел низ на области што треба да се разгледаат во рамките на процесот на набљудување и оценување.

| | **АКТИВНОСТИ** | | **РЕЗУЛТАТИ** | | **ВЛИЈАНИЕ** |
|---|---|---|---|---|---|
| | Дали пораките што се промовираат се вистинските? | Дали пораките што се промовираат пристигнуваат до вистинските луѓе? | Дали има некакви знаци дека знаењето, пристапот и верувањата се менуваат? | Дали има некакви знаци за менување на праксата и однесувањето? | Кое е влијанието на интервенцијата во однос на менувањето на безбедносната состојба, на малувањето на жртвите и др.? |
| 1. Споредено со периодот од пред една година, како мислите дека степенот на безбедноста во вашата заедница е променет ? | | | | ◆ | ◆ |
| 2.Дали верувате дека поседувањето оружје ве прави посигурни или помалку сигурни? | | | ◆ | | |
| 3. Дали мислите дека присуството на оружје во заедницата има општо влијание врз економскиот развој и животниот стандард на вашата заедница? | | | ◆ | | |
| 4. Дали сте слушнале дека проблемот на поседување оружје е покренат во текот на последната година на некој од следниве начини ? | | ◆ | | | |
| 5. Кои пораки за оружје (за мало или лесно оржје) сте слушнале, ако воопшто сте слушнале? | ◆ | ◆ | | | |
| 6. На што се однесуваа тие пораки: | ◆ | ◆ | | | |
| 7.Која, доколку има некоја, специфична порака сте ја слушнале ? (од предложената листа)[73] | ◆ | ◆ | | | |
| 8. Како би го опишале бројот на оружје во вашата заедница? | | | | ◆ | |
| 9. Кој поседува оружје во вашата заедница? | | | | ◆ | ◆ |

| | АКТИВНОСТИ | | РЕЗУЛТАТИ | | ВЛИЈАНИЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. Споредено со периодот пред една година, дали мислите дека бројот на оружјето кај вашите соседи се променил? | | | | ◆ | ◆ |
| 11. Доколку има соопштение за амнестија со која ќе и се овозможи на јавноста да го предаде нелегалното оружје без казнување, дали мислите дека таквата иницијативе би била: | | ◆ | ◆ | ◆ | |

**Кога да се употребуваат прашалници**

- При работењето со локалните заедници ниедно собирање информации не треба да се прошири изолирано бидејќи информацијата што ќе произлезе ќе биде од низок квалитет. Треба да се развијат техники како дел од пошироко замислен пристап во директна брска со заедницата и претставниците на заедницата.
- Прашалници може да се употребуваат во во сите фази на собирањето информации, од физибилити студијата до фазата на набљудување и оценување. Како и со сите техники за собирање информации и податоци, повторени вежби во разни фази на програмскиот циклус може да помогнат да се има увид зо тоа како се проценува дека нештата се променети во текот на интервенцијата.
- Ниедна техника самостојно нема да ги пружи сите податоци и неопходни информации со цел да се донесат заклучоци (поткрепени со иформации) за соодветноста на дизајнираната програма за подигање на свеста за МОЛО или за нејзин прогрес кон постигнувањето на целите. Секоја техника за собирање информации треба да се употребува заедно со други техники (и квантитативни и квалитативни).

**Упатства за употреба на прашалници**[75]

Кратки упатства за собирање информации и податоци со помош на оваа техника се опишани подолу; поделени се на три фази: дизајнирање, собирање и анализа.

**1. Фаза на дизајнирање**

- Врз база на целите и показателите на вашиот проект одлучете за собирање на каков вид информации треба да биде дизајниран прашалникот.
- Дизајнирајте ги прашањата инкорпорирајќи ги следните упатсва при формирањето на прашањата.

[75] Многу тешко е да се дизајнира статистички валиден прашалник (види рамка долу). Алтернативниот приод (употребен тука) е да се потрудиме да ги направиме наодите статистички точни и потоа бараме трендови кои можат да ги потврдат наодите од други извори.



| СОВЕТ | ОБЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| 1. Осигурете се дека вкупниот микс на прашања го покрива целиот опсег на области за кои сакате да соберете информации | Исто како во прашалникот-примерок поставете прашања што ќе ви помогнат да ги одговорите следните прашања:<br>• Дали пораките што се промовираат се вистинските?<br>• Дали пораките што се промовираат пристигнуваат до вистинските луѓе?<br>• Дали има некакви знаци дека знаењето, пристапот и верувањата се менуваат?<br>• Дали има некакви знаци за менување на праксата и однесувањето?<br>• Кое е влијанието на интервенцијата во однос на менувањето на безбедносната состојба, на малувањето на жртвите и др.? |
| 2. Употребете прашалници за сите целни групи | Дури и кога програмата вклучува различни стратегии за различни групи, со различни клучни пораки најдобро е да се направи еден прашалник што може да се употреби за секого . Во фазата на анализа прашањата може да се поделат според целната публика, а резултатите да се споредат и да се видат разликите |
| 3. Направете го прашалникот колку што е можно пократок | Доколку прашалникот е предолг луѓето нема да имаат желба да одговорат. При една улична анкета на пример се што е над 5-10 мин. е веројатно предолго. Во домаќинства 45 мин. е веројатно максимално |
| 4. Поставувајте воглавно взатворениг прашања, а не вотворениг | Иако вотворенитег прашања (каде анкетираните се поканувaат да одговорат на начин на кој тие ќе го одберат) им дозволуваат на луѓето да се изразат, тие попрво и полесно одговараат на затворени прашања(тие со ДА/НЕ или со повеќекратен избор на одговори).<br>За анализа и категоризација на отворените прашања е потребна и специјалистичка обука |
| 5. Пазете на БИАС при истражувањето | Елиминирајте било какво наведување или насочени прашања и одбегнувајте јазик којшто има пресудувачка содржина |
| 6. Бидете колку што е можно по одредени при составувањето на прашањата | Наместо да прашате вДали е подобрена состојбатаг парашајте вДали вашата лична безбедносна состојба е подобрена споредено со таа од пред една годинаг (или некој друг определен временски период) |
| 7. Прашањата треба да бидат едноставни и никогаш да немаат повеќе од еден предмет | На пример на прашањето вДали мислите дека носителите на оружје го сфаќаат МОЛО поозбилно и би имале поголема желба да присуствуваат на шема за собирање оружје сега одколку пред една година |
| 8. Размислете за вметнување на вконтролниг прашања | Во дадениот пример, прашањето 7 вклучува вконтролнаг порака што всушност не била употребена за време на програма. Вметнувајќи го ова во прашалникот може да ви помогне да заклучите колкава е веродостојноста на одговорите. Декларираното распознавање на ова прашање од страна на луѓето може да се спореди со декларираното распознавање на пораките што всушност се употребени. Ние само можеме да кажеме со сигурност дека клучните пораки стигнале до целната публика доколку степенот на распознавање од страна на анкетираните е повисок за пораките што биле употребени во текот на прогарамата одколку за тие што не биле употребени |





| СОВЕТ | ОБЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| 9. Одбегнувајте прашања за кои се сомневате дека луѓето може да не одговорат искрено (исправно) | Дури и во анонимни анкети, анкетираните имаат тенденција да дадат одговори за кои што тие веруваат дека се вопштествено пожелниг. Бидете свесни за тоа дека во некои чувствителни области тие едноставно може да ви го кажат тоа што тие мислат дека вие би сакале да го слушнете, или тоа што нивната заедница би очекувала од нив да кажат |
| 10. Одбегнувајте конструирање на прашања базирани врз претпоставка дека истите нема да наидат на подршка | На пример, прашањето вДали верувате дека постојат валидни алтернативи на преовладувачката култура на насилство впретпоставува дека културата на насилство веќе постои. Ваквиот вид претпоставка може да не е широко рапространет кај анкетираните |
| 11. Одбегнувајте ги прашањата кои не се јасни | На пример, било кој одговор на прашањето вдали иницијативата за собирање на оружјето ги оживеало вашите очекувањаг ќе биде безначајно освен ако степенот на личните очекувања на анкетираниот само од себе е експлицитен |

- Идентификувајте го примерокот - тоа се луѓето што ќе одговорат на вашите прашања. Групата што ќе ја одберете треба да биде колку е можно потипична (претставник) за целната популација на вашата севкупна програма за подигање на свеста
- Одлучете за големината на примерокот (генерално, колку поголем е примерокот резултатите се поточни)
- Одберете ја група-примерок, ова може да се направи со:
    - Систематско собирање на примерокот: тука единиците на примерокот се бираат во редовни интервали (на пр. пристапување кон домаќинствата на секои десет дена)
    - Собирање на квоти: каде секој анкетар добива квота на одреден тип луѓе, дефинирана според некоја каратеристика како возраста, етничката припадност или полот да се анкетираат ( на пр. машки на 21 год.)

**2. Собирање податоци**

- Пилот анкета за да се дознае дали прашањата се фокусирани и дали се разбрани (сфатени) од страна на анкетираните на начин како што е намерено. Главните проблеми што треба да се тестираат го вклучуваат следното: дали анкетираните може да го разберат употребениот јазик, кохерентноста, културната компатибилност (согласност) со анкетираните кои се целна група и, времето потребно за анкетата. Направете било какви потребени промени.
- Осигурете се дека анкетарите може да зборуваат со целните групи- на пр. жени со жени; постари мажи со постари мажи итн.
- Обучете ги анкетарите да ги поставуваат прашањата правилно и на конзистентен начин.
- Можеби треба да го подготвите теренот кај целната група преку воспоставување односи во заедницата пред да се изведе анкетата. Друга можност е да теренскиот персонал најде лица за анкетирање кои сакаат да разговарат со нив извесно време пред започнување на анкетата со цел да се виспитаг нивната мотивација.
- Во почетокот објаснете им на анкетираните дека нивниот идентит ќе биден чуван во тајност и дека вежбата е дизајнирана за да им помогне нив и на заедницата.
- Спроведете ја анкетата



### 3. Фаза на анализа

- Освен ако ангажирате некоја компанија за истражување на пазарот, податоците собрани од некој прашалник малку веројатно ќе имаат некакво статистичко значење (погледете табелата подолу). Резултатите од самостално спроведена анкета сепак, може да се интерпретираат како индикативни за мислењето на целните групи.
- Податоците треба да се анализираат на начин што ќе биде прилагоден на програмската стратегија и се однесува на програмските цели. На пример, можеби сакате да знаете колкав е процентот на целнтата популација што знае одредени работи за МОЛО. Или, колкав процент од нив вели дека се однесувале на одреден анчин (на пр. безбедно ракување со оружје). Алтернативно, може да сакате да видите дали постојат интересни релации помеѓу различни варијабили (на пр. возраста и пристапот кон поседување на оружје). Погледнете ги забелешките подолу за крос-табеларните резултати за различни прашања.
- Повторувањето на прашалникот одвреме-навреме (во интервали) ви дозволува да ги пронајдете промените во тек на време. Доколку некој тренд е приметлив-доколку другите податоци го поткрепуваат ова- во тој случај може да е разумно да се заклучи дека вашата програма има постигнато одредени резултати.

## Анализирање на резултатите од прашалникот: пример на крос-табеларни заклучоци

Во текот на фазата на имплентација на една програма, кон различни групи ќе бидат насочени различни пораки. Во анкети, интервјуата и дискусиите што следуваат, примероци на луѓе од тие целни групи треба да се прашаат:

а) Дали слушнале за главните пораки, и

б) Доколку, откако ги слушнале пораките, знаењето, пристапот и однесувањето на тие луѓе е променето

Во примерот на прашалникот што е цитиран погоре, преку споредување на одговорите на прашањата 2 и 7 ќе се открие оваа релација. Претпоставувајќи дека резултатите на следните прашања биле следниве:

| **Која, доколку сте чуле некоја, од овие пораки сте ја чуле: вОружјето дома може да ги убие вашите деца и вашата надеж за иднина. Разговарајте со соседите и пријателите и помогнете оваа порака да се рашири.г** | | |
|---|---|---|
| Да | 173 | 55% |
| Не | 103 | 33% |
| Не сум сигурен | 38 | 12% |
| Вкупно | 314 | 100% |





И резултатите од П2б биле следниве:

| **Дали верувате дека поседувањето оружје ве прави побезбедни или памалку безбедни како семејство?** | **ВКУПНО** | **%** |
|---|---|---|
| ☐ Побезбедни | 88 | 28% |
| ☐ Помалку безбедни | 96 | 31% |
| ☐ Нема разлика | 67 | 21% |
| ☐ Не знам | 28 | 9% |
| ☐ Нема одговор | 35 | 11% |
| ВКУПНО | 314 | 100% |

Крос-табеларната анализа на овие два комплета резултати би го дало следново:

| **вОружјето дома може да ги убие вашите деца и вашата надеж за иднина. Разговарајте со соседите и пријателите и помогнете оваа порака да се рашири.г** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дали верувате дека поседувањето оружје ве прави побезбедни или памалку безбедни како семејство?** | **Тие што ја слушнале пораката** | **%** | **Тие што не ја слушнале пораката** | **%** | **Тие што не се сигурни дека ја слушнале оваа порака** | **%** |
| ☐ Побезбедни | 34 | 20% | 44 | 43% | 10 | 26% |
| ☐ Помалку безбедни | 78 | 45% | 9 | 9% | 9 | 24% |
| ☐ Нема разлика | 26 | 15% | 33 | 32% | 8 | 21% |
| ☐ Не знам | 12 | 7% | 10 | 10% | 6 | 16% |
| ☐ Нема одговор | 23 | 13% | 7 | 7% | 5 | 13% |
| Вкупно | 173 | 100% | 103 | 100% | 38 | 100% |

Ваквите резултати би покажале дека:

- 45% од тие што ја слушнале поракта за тоа дека оружјето со тоа што е дома е опасно, сега мислеле дека чувањето оружје дома ги направило нивните семејства помалку безбедни. Ова се споредува со само 9% од тие што не мислат исто.
- Слично, само 20% од тие што ја слушнале пораката сега се чувствувале дека поседувањето оружје ги направило нивните семејства побезбедни, додека 44% од тие што не ја слушнале пораката веруваат во ова.

Затоа би било разумно да се заклучи дека:

- Поракта била широко слушната (од 55% од примерокот)
- Експонирањето на пораката силно влијаело на пристапот на анкетираните - особено ги натерало да бидат поспремни да мислат дека поседувањето оружје ја намалува безбедноста на нивното семејство.



## Кориатење на помош од специјалисти за да се обезбедат значајни податоци [76]

Како што истакнавме погоре многу е тешко да се произведе статистички значаен податок[77] без подршка од професионална компанија за истражување на пазарот. Сепак, сите национални Анкети за МОЛО треба да се изведат во партнерство со организации што се способни да постигнат статистичка вредност. Главните тешкотии се следниве:

- Идентификација на примерокот: Организации што не можат да обезбедат последна (најмодерна) рамка за одредување на примерокот (тоа е, точен опис на демографскиот состав на целната популација, можеби обезбедена од веродостоен избирачки список, ќе го сметаат ова за исклучително тешко. Откако рамката за одредување на примерокот ќе биде воспоставена, потребна е софистицирано разбирање на техниките за одредување примероци (со цел да се одбере група-примерок што е претставник на целината). Имплементирањето на анкетата со истите параметри изискува и специјалистички способности.[78]
- Дизајнирање на прашањата: елиминирање на БИАС и осигурување дека прашањата се поставени на начин со кој ќе се извлечат целосни одговори може да биде потешко одошто изгледа од прв поглед, особено кога прашувате за ставови и намери.
- Анализирање на податоците: во оваа фаза би било неопходно да се употребат вештините на некој што има познавања околу сатистиката за да ги разбере концептите какви што се стандардна девијација и стандардна грешка.

Во случаи кога персоналот на програмата нема капацитет да собере статистички важни информации ќе биде неопходно ангажирање на професионална компанија за истражување на пазарот за да се обезбеди постигнување на целосна статистичка валидност. Ова е прифатлив ввтор најдобарг пристап, под услов во извештајот на истражувањето јасно да се истакне дека резултатите од анкетата немаат целосна статистичка валидност.

## Прашања-примероци за анкети и прашалници

Едно предложено мени на видови прашања за коишто има потреба персналот на програмата за подигање на свеста за МОЛО е опишан подолу. Како и со прашалникот-примерок, тие се базирани врз следните основни прашња:

**Активности**

- Дали пораките што се промовираат се вистинските?
- Дали порокаите што се промовираат пристигнуваат до вистинските луѓе (т.е. целните групи)?

**Резултати**

- Дали има некакви знаци дека знаењето, пристапот и верувањата се менуваат?
- Дали има некакви знаци за менување на праксата и однесувањето?

**Влијание**

- Кое е влијанието на интервенцијата во однос на менувањето на безбедносната состојба, на малувањето на жртвите и др.?

Вистинската природа на прашањата што ќе се поставуваат ќе се разликува согласно целите на програмата, и може да варира помеѓу иницијативи за Едукација за ризикот и промовирачки активности, иако е веројатно дека во голема степен прашањата ќе се преклопуваат. Врз основа на ова мени, Програм менаџерите може да подготват потребни материјали за подготвување на прашалници и анкети.

Секоја ситуација е различна. Прецизните прашања поставени во анкетите и при анкетирањето треба да се фокусираат во собирање докази што го одредуваат нивото до кое специфичните програмски цели се постигнати.

[76] За по детални објанувања за спроведување социјално истражување преку анкети, види, за пример ‘Social Survey Methods’ од Пол Николс (91) Oxfam Publishing.
[77] Статистичка значајност е поврзана со тоа дали разликите во информациите значат нешто стварно спротивно од тоа да се бидде обичен резултата на варијанти на шанса.
[78] За целосно запознавање со техниките на семолирање види: http://www.stat.lsu.edu/faculty/moser/exst7012/intro.pdf





# Мени на прашања за дизјанери на прашалници

## Прашања што се однесуваат на активностите

(ПОВТОРЕТЕ ЈА ПОРАКАТА ШТО СЕ ПРОМОВИРА)

**Дали мислите дека оваа порака е релевантна на вашата состојба**

☐ Силно се согласувам
☐ Се согласувам
☐ Ниту се согласувам/ниту не се согласувам/ не знам
☐ Не се согласувам
☐ Силно не се согласувам
☐ Нема одговор

(ПОВТОРЕТЕ ЈА ПОРАКАТА ШТО СЕ ПРОМОВИРА)

**Дали мислите дека оваа порака има кредибилитет со оглед на вашата состојба**

☐ Силно се согласувам
☐ Се согласувам
☐ Ниту се согласувам/ниту не се согласувам/ не знам
☐ Не се согласувам
☐ Силно не се согласувам
☐ Нема одговор

НБ: Таму каде пораката е развиена зедно со самата заедница, и согласно програмските цели, (вклучувајќи ги и оние на било каква национална интервенција за микро-разоружување), горенаведените прашања веројатно нема да бидат потребни

**Дали сте слушнале дека прашањето на поседување и употреба на оружје било потегнато во текот на минатата година на еден од следниве начини?**

☐ Дискусии во заедницата
☐ Спомнато од пријатели или соседи
☐ Покренато од религиозни лидери
☐ Покренато од хуманитарни организации што делуваат во областа
☐ Преку медиумите
☐ Друго (наведете) ______________________________________________________________

**Кавки пораки за оружјето (мало или лесно оружје) се слушнале, доколку сте слушнале некоја?**
(ненаведен опис)

**Што од подолу изнесеното се однесуваше на тие пораки?**

☐ Опасност од оружјето
☐ Ефектите што оружјето може да ги има врз развојот на заедницата
☐ Потребата за безбедно однесување при ракувањето со оружје
☐ Придобивките од шемите за собирање оружје
☐ Датумите на започнување и завршување на нациналната амнестија за МОЛО
☐ Други (наведете)



**Која од посебна порака сте ја слушнале, доколку сте слушнале некоја?**

☐ Порака А
☐ Порака Б
☐ Други (наведете) ________________________________________

(ПОВТОРЕТЕ ЈА ПОРАКАТА ШТО СЕ ПРОМОВИРА)

**Колку пати според вашето сеќавање сте ја слушнале оваа порака?**

☐ Ниеднаш
☐ Еднаш или двапати
☐ Неколку пати
☐ Многу пати

## Прашања поврзани со влијанието

**Дали верувате дека поседувањето оружје ве прави побезбедни или помалку безбедни како поединец?**

☐ Побезбеден
☐ Помалку безбеден
☐ Нема разлика
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Дали верувате дека поседувањето оружје го прави побезбедно или помалку безбедно вашето семејство?**

☐ Побезбедно
☐ Помалку безбедно
☐ Нема разлика
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Дали верувате дека поседувањето оружје ве прави побезбедни или помалку безбедни вас како заедница?**

☐ Побезбедни
☐ Помалку безбедни
☐ Нема разлика
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Дали мислите дека присуството на оружје во некоја заедница има значително влијание врз економскиот развој и животниот стандард на таа заедница?**

☐ Ги зголемува развојните перспективи и севкупниот животен стандард
☐ Нема никакво влијание
☐ Ги намалува развојните перспективи и севкупниот животен стандард
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Дали мислите дека контролата на МОЛО е проблем што ја загрижува вашата заедница?**

☐ Силно се согласувам





☐ Се согласувам
☐ Ниту се согласувам/ниту не се согласувам/ не знам
☐ Не се согласувам
☐ Силно не се согласувам
☐ Нема одговор

**Дали чувствувате дека е помалку легитимно да се поседува илегално, посебно оружје од воен стил, муницијa и експлозиви (спротивно на легално оружје)**

☐ Целосно се сложувам
☐ Се сложувам
☐ Ниту се сложувам ниту не се сложувам / не знам
☐ Не се сложувам
☐ Целосно не се сложувам
☐ Не е дадем одговор

**Дали сте запонаени дека постојат начини за намалување на ризикот при ракување и складирање на МОЛО**

☐ Да
☐ Не
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Како би го опишале степенот на разбирање, во склоп на вашата заедница, за важноста на усвојувањето на најдобрите искуства во ракувањето и складирањето оружје, муниција и експлозиви?**

☐ Многу висок
☐ Висок
☐ Среден
☐ Низок
☐ Многу низок

**Како би го опишале степенот на разбирање, во склоп на вашата заедница, за важноста на безбедноста на оружјето?**

☐ Многу висок
☐ Висок
☐ Среден
☐ Низок
☐ Многу низок

**Како би го опишале степенот на свеста, во склоп на вашата заедница, за најдобрата пракса за безбедноста на оружјето?**

☐ Многу висок
☐ Висок
☐ Среден
☐ Низок
☐ Многу низок

**На кои елементи од најдобрата практика за безбедно ракување со оружје се сеќавате вие лично?**

(Не е наведен одговор)



**Дали можете да се сетите на некоја од неопходните мерки што треба да се преземаат при предавањето оружје?**

(Не е наведен одговор)

**Споредено со периодот од пред една година, дали верувате дека носителите на оружје ги применуваат мерките за безбедно ракување?**

☐ Почесто
☐ Поретко
☐ Скоро исто
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Дали верувате дека, во целина, степенот на ризично однесување**

☐ Во пораст
☐ Опаѓа
☐ Останува ист
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Дали верувате дека националните/локалните власти го сфаќаат проблемот со МОЛО поозбилно споредено со периодот пред 1година?**

☐ Да
☐ Не
☐ Не знам
☐ Нема одговор

## Прашања поврзани со влијанието

**Како би го опишале бројот на оружје во вашата заедница?**

☐ Виртуелно секој поседува оружје
☐ Многумина поседуваат оружје
☐ Неколкумина поседуваат оружје
☐ Тешко да има некое оружје
☐ Нема оружје
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Кој ги поседува оружјата во твојата заедница?**

☐ Мажи и жени како, млади и стари
☐ Сите мажи
☐ Само постари мажи
☐ Само помлади мажи

**Споредено со периодот од пред една година, што мислите како е променет бројот на оружје во вашето соседство?**

☐ Бројот на оружјето е намален
☐ Бројот на оружјето е зголемен
☐ Бројот на оружјето останал скоро ист
☐ Не знам
☐ Нема одговор





**Просечно, колку често слушате истрели од оружје во вашето соседство?**

☐ Неколку пати дневно
☐ Неколку пати неделно
☐ Еднаш неделно
☐ Еднаш месечно
☐ Помалку од еднаш месечно
☐ Никогаш
☐ Нема одговор

**Во споредба со минатата година, што мислите како е променето нивото на безебедност во вашата заедница?**

☐ Нивото на безбедност е подобрено
☐ Нивото на безбедност останало исто
☐ Нивото на безбедност е намелено
☐ Не знам
☐ Нема одговор

**Во споредба со минатата година, како мислите дека нивото на вашата лична безебедност е променето?**

☐ Нивото на мојата лична безбедност е подобрена
☐ Нивото на мојата лична безбедност останала иста
☐ Нивото на мојата лична безбедност е намалена
☐ Не знам
☐ Нема одговор







# Прилог Д
# (Информативен)
# Користење интервјуа и фокусни групи, примероци и упатства[79]

## Кога да се користат интервјуа и фокусни групи

- При работењето со локални заедници, точно е за сите методи за собирање информации дека, ако се развиени во изолација, квалитетот на собраната информација ќе биде од низок квалитет. Треба да бидат развиени техники како дел од поширок пристап изведен заедно со заедницата и претставниците на заедницата.
- Интервјуа и фокусни групи може да се употребат во секоја фаза од собирањето на информациите, од физибилити студијата до фазата на набљудување и оценување. Како и со сите техники за собирањето информации и податоци, повторените вежби во разни фази на програмскиот циклус може да помогнат да се има увид во тоа како се проценува промената на нештата во текот на интервенцијата.
- Ниедна техника во изолација нема да ги пружи сите податоци и информации неопходни за да се донесат заклучоци (поткрепени со иформации) за соодветноста на дизајнираната програма за подигање на свеста за МОЛО или за нејзин прогрес кон постигнувањето на целите. Секоја техника за собирање информации треба да се употребува заедно со други техники (и квантитативни и квалитативни).

## Упатства за користење интервјуа и фокусни групи

Кратки упатства за собирање информации и податоци со помош на оваа техника се опишани подолу; поделени се на три фази: дизајнирање, собирање и анализа.

### 1. Фаза на дизајнирање

- Врз база на целите и показателите на вашиот проект одлучете за тоа какви информации сакате да соберете. Во сите случаи треба да се осигурате да соберете информации за информаторот што сигурно ќе биде значајно од статистичка гледна точка (т.е. возраста, полот, местото, етничката припадност).
- Договорете се кој ќе биде интервјуиран, или кој би требало да учествува во фоуксните групи.
  - Интервјуата и дискусиите може да се изведат поединечно или во мали групи (идеално е од 4-8 лица).
  - Доколку имате расположиви ресурси, често е подобро да се постави различен број друпни дискусии, секоја од нив составена од хомогени групи што се разликуваат една од друга (на пр. група жени да се интервјуира посебно од група мажи).
- Дизајнирајте комплет на широк спектар прашања што ќе ви помогнат да ги фокусирате дискусиите на области од поголем интерес.

### 2. Фаза на собирање информации

- Регрутирајте учесници од идентификуваните целни групи.
- Регрутирајте (неутрален) запишувач на податоците или на интервјуата/фокусните групи.

[79] Погледнете во “Прирачникот за Употреба на Фокус Групи” за Меѓународната Нутритициона Фондација за Развој на Земји, на ППМО ЦД-Ром, за по опширни совети.



- Обезбедете, од тие што се вклучени, дозвола за објавување /употреба на резултатите.
- Одржете интервјуа/ фокус групи- помошникот треба да побара да се водат отворени дискусии, отворени прашања, користејќи листа-за-проверка како упатство.

## 3. Фаза на анализа

Собирањето информации на овој начин помага за подлабоко разбирање на ситуацијата. Но, треба да биде интерпретира многу внимателно. Еден од систематските начини да се анализираат податоците

- Прикажување на секоја главна забелешка направена во секое интервју или дискусија.
- Забележете ги забелешките што се направени најчесто, или аргументите кои се најмногу употребени за или против некоја тема.
- Идентификувајте било каква промена помеѓу севкупните коментари на различните групи( како што се мажи и жени, млади или стари).
- Дадете приоритет на информациите од кои произлегува прикажувањето, вклучувајќи директни квоти кои ги засилуваат забелешките што вие ги заокружиле.





# Прилог Е
(Информативен)
## Пример техники за учевствување (скалеста вежба) и упатства за користење

Скалестата вежбаг е само еден пример на алатката за учествување. Тоа може да се направи индивидуално и потоа да се дискутира во група, или проблемите може да се дебатираат од групата додека не се постигне консензус. Откако ќе биде дадена оценката, тоа може да помогне за формирање на пошироки дискусии имајќи ги во предвид факторите што имале влијание за било каква промена, и во иднина треба да се направат промени на сегашниот пристап.

| ИНДИКАТОР | ПРЕД ПОТОА | ВЛИАНИЈЕ НА ПРОЈЕКТОТ | ДРУГИ ФАКТОРИ | КОМЕНТИРАЊЕ НА ПРОМЕНАТА |
|---|---|---|---|---|
| **Познавање на заедницата за опасноста на неконтролираните МОЛО** | ✸<br>✸ | ++++ | | Кадешто МОЛО била еднаш пропуштена тема, развивањето и имплементирањето на План за побезбедна заедница ја донесе пред вниманието на разна публика. Посебно, жените биле гласни при кажувањето на нивните сопрузи вoружјето дома може да го убие нашето детег. Ако настанала таква промена на однесувањето би била очигледна разликата на нивоата на извештаи за инциденти поради држење на МОЛО дома пред и после програмата на интервенцијата.[80] |
| **Големина на освојувањето на безбедностото однесување** | | ++ | ++ | Намален е бројот несреќи поради инциденти со пукања. Подршка од локалните медиуми за кампањата за едукација на јавноста била истотака значајна |
| **Пролиферирање на неконтролираната СЛАЊ низ заедницата** | | ++ | -- | Иако проектот промовирал јасни пораки за поседувањето оружје, зголеменоиот број расположиво оружје од соседните држави значи дека, ако значи нешто, состојбата е влошена |
| **Се вкупното ниво на безбедност во заедница** | | ++ | | И покрај тоа што повеќе оружје е сега во оптек, фактот дека бројот на МОЛО е зголемен е подигнат во дневниот ред во политичка смисла и сега се зима многу поозбилно од страна на заедницата и локалните власти и значи дека перцепцијата е дека личната и безбедноста на заедницата е намалена [81] |

Клуч: Секоја пушка - од дното кон врвот - го покажува степенот на подобрувањето на состојбата

+ = позитивна подршка
- = негативни фактори

[80] Види ги коментите во "кога да се употреби" поглавјето за потребатаза вкрстени-референтни наоди.

[81] Овој заклучок претставува наод од оваа вежба: информациите собрани од други извори (како статистики за нивоата и трендовите на поседување мали оружја) можат или да ги зацврстат или да бидат контрадикторни овие наоди. Повторно, ова ја зацврстува потребата за вкрстени-референтни наоди и ги подвлекува потребите за внимателно интерпретирање на информациите.

## Кога да се употребат техники за учествување

Оценување на учеството вклучува употреба на едноставни и лесно разбирливи алатки што помагаат да се истражи перцепцијата, приоритетите и односите во определена заедница. Постои широк низ на можни методи за учествување што може да се употребат, и неколку од тие методи се опишани накратко во продолжение.[82] Сите овие методи им овозмужуваат на луѓето да ја анализираат нивната состојба, наместо да се анализира за нив (од надворешни специјалисти кои ги собираат и анализираат податоците). Ваква вавто-дијагнозаг и оцозможува на заедницата сама да идентификува што е впогрешног и што е вправилног.

- При работењето со локалните заедници, ниедна метода за што е собирање информации не треба да се употреби изолирано бидејќи собраната информација ќе биде од низок квалитет. Сепак, сите опишани техники, особено методи за учество треба да бидат употребени само како дел од подолготраен пристап чија цел е да се оформи програма во партнерство со заедниците. Доколку се употребуваат како една споредна алтка за разбирање на тоа како функционира заедницата, тие сигурно нема да бидат успешни, но како дел од поширок пристап тие може да помогнат за поголемо учество на заедницата во програмата како целина. Затоа е од витално значение да секаков сличен пристап биде изведен во соработка со заедницата и претствниците на заедницата.
- Употребата на техники за учество ќе резултира со значителни податоци само ако одлуките за тоа кои техники да се употребат, како и кога да се употребат се донесени од самата заедница и не се наметнати од надвор.
- Пристапот за учествување може да се употреби во сите фази на собирањето инфорамции од физибилити студијата па до фазите на набљудување и оценување. Како и со техниките за собирање информации и податоци, повторените вежби во разни фази на програмскиот циклус може да дадат корисен увид во тоа како се сфаќаат промените на работите во текот на интервенцијата.
- Ниедна техника изолирана нема да ги пружи сите неопходни податоци и информации за да се донесат заклучоци (поткрепени со информации) за соодветноста на дизајнираната програма за подигање на свеста за МОЛО или за нејзин прогрес кон постигнувањето на целите. Секоја техника за собирање информации треба да се употреби заедно со други техники (и квантитативни и квалитативни).

## Упатства за употреба на техниките за учество

Кратки упатства за собирање информации и податоци со помош на оваа техника се опишани подолу; поделени се на три фази: дизајнирање, собирање и анализа.

### 1. Фаза на дизајнирање

- За разлика од прашалниците и групите за дискусии, групата сама од себе треба да ги добие целите на програмата и да да ги употреби за формулирање изјава или прашање околу која може да биде базирана вежбата. Групата потоа ја идентификува информацијата којашто вежбата има за цел да ја собере и показателите.
- Одберете алатки - повторно, ова треба да биде одлука донесена од групата за најдобрите техники што треба да се употребат. Некои од опциите го вклучуваат следново:

### 2. Фаза за собирање информации

Постои одреден број методи што можат успешно да се употребат со цел да се осигура максимално учество на заедницата. Некои од нив се опишани подолу:

[82] За повеќе детали за учесничките техники види Анекс Д на IFAD's Monitoring and Evaluation прирачник достапен на www.ifad.org/evaluation/guide/index.htm






| ПРИМЕР ЗА ПРИСТАП | КОМЕНТАРИ |
|---|---|
| **Диаграми**<br>**Распоред**<br>**Слики**<br>**Мапи** | Индивидуално, во парови или во мали групи членови на заедницата може да предложат нетекстуални предлози за да ги изразат своите чувства, мислења и верувања на начини што се видливи и лесно разбирливи од другите:<br>• Мапите може да откријат како разни групи ја гледаат една иста област (на пр. каде е безбедно да се оди, а каде не е, или каде МОЛО е видлива во заедницата)<br>• Распоредот може да покаже делови на настани од различни перспективи (на пр. секојдневни активности, или како работите се сменети особено во заендицата во текот на неколку години)<br>• Сликите им овозможуваат нс луѓето да одговорат на одредени состојби или да откријат визија зза иднината |
| **Рангриање и резултати** | Пример на рангирање на вежба прикажана визуелно е скалестата вежба 0видете ја вежбата погоре) |
| **Играње улоги** | При играњето улоги групата изведува сцени со кои ги открива перцепциите, работите и проблемите на групата во однос на главната изјава или прашање околу којашто е организирана вежбата. Може да биде возможно да се истражуваат разни перспективи преку оваа техника доколку разни подгрупи се поканети да ги претстават своите перспективи |

**3. Фаза за анализа**

- Анализа на наодите треба да се изведе преку дискусија на групата
- Повторените вежви во разни фази на програмскиот циклус може да откријат како работите се сфаќаат дека се смениле во тек на време. Ова треба да се договори претходно со заедницата.






# Прилог Ф
(Информативен)
# Употреба на секондарни извори, примери иупатства

## 1. Фаза на дизајнирање

- Одлучете каква информација ви е потребна врз база на програмските цели и индикатори
- Идентификувајте ги можните извори
- Разгледајте ги предностите и неподгодностите на секој од нив, земајќи ја впредвид веродостојноста и можноста за пристап.

## 2. Извори што треба да се земат впредвид:

| | |
|---|---|
| **Болнички лекарски податоци** | • Пробајте СВЕТСКА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА, за повеќе информации и помош-(http://www.who.int/violence_injuri_prevention/)<br>• Или меѓународни физичари за превенција од нуклеарна војна (http://www.ippnw.org/_)<br>• Министерствата за зрдавство |
| **Владини министерства** | • Министерство за одбрана Албанија (http://www.mod.gov.al/index_angl.htm)<br>• взбогум на оружјетог страница на Хрватското МВР за подигање на свеста за МОЛО (http://www.mup.hr/vijesti/komporuz.letak.html)<br>• министерство за информации, Македонија (http://www.sinf.gov.mk/)<br>• Канцеларија на Високиот Претставник БиХ (http://www.ohr.int/)<br>• Министерство за внатрешни<br>• Министерство за Правда<br>• Министерство Социјална грижа |
| **Извештаи на ОН** | • Видете одел за Разуружување при ОН - (http://disarmament.un .org) |
| **Извештаи од истражувања на НВО** | • Освен локалните НВО има и многу меѓународни НВО што подготвуваат извештаи за мало оружје вклучувајчи:<br>• Сафењорлд (http://www.saferworld.org.uk)<br>• Интернатионал алерт хттп://њњњ.интернатионал-алерт.орг)<br>• Оџфам ГБ (хттп://њњњ.оџфам.орг.ук)<br>• Амнестс Интернатионал (http://www.amnesty.org)<br>• Хуман Ригхтс њатцх (http://www.hrw.org/arms/)<br>• Бонн Интернационал Центре форм Цонверсион- (http://www.bicc.de/)<br>• Во други може да се пристапи преку ИАНСА веб страницата (http://www.iansa.org) |
| **Владини или меѓународни комисии за итражување** | • Обидете се во оделот за разоружување на ОН за извештај на ОН http://www.disarmament.un.org/) |
| **Извештај на новините** | • Многу новини овозможуваат (национални регионални или интернационални) веб страници, во кои што има кратки стории поврзани со лесното оружје<br>• Добра точка за почеток е архивата на ИАНСА каде што има веб страница со новости (http://www.iansa.org/news/index.htm)<br>• Извештаи на институтот за војна о мир (http://www.iwpr.net)<br>• Сите други се достапни во локалните или националните весници |
| **Академско истражување и специално истражување** | • Американска научна федерација (http://www.fas.org/)<br>• Интернационални физичари за спречуавање нуклеарна војна (http://www.ippnw.org/)<br>• Информативната група Јанеес (http://www.janes.com)<br>• Норвешката иницијатива за трансвер на лесно оружје (НИТЛО ) (http://www.nisat.org)<br>• Анкетата за лесно оружје (http://www.smallsyrvey.org/)<br>• Истражувањето на Мировниот институт на Стокхолм (ИМИС) (http://www.sipri.org/) |
| **Податоци за поседување обнени оружје** | • Полицијата и други власти |

| | |
|---|---|
| **Интернет мрежи / сајтови** | • Нишанете алтернативна мрежа за информации (http://www.aimpress.ch/index.htm)<br>• Асоцијација на независни електронски медии (http://www.anem.org.yu/aenemnews/indexEn.jsp.)<br>• Балканска мрежа за човечки права (http://www.balkan-rights.net)<br>• Балкански веб страници за човечки права (http://www.greekhelsinki.gr/bhr/english/index.html)<br>• Босфорус.орг (http://www.bosporus.org/)<br>• Каталог на Молдовската НВО (http://www.ngo. md/index_eng.html)<br>• Пројект за цивилна едукација (http://www.cep.org.hu/countries/see/index.html)<br>• ИНЦОРЕ Служба за податоци за конфликти (http://www.incore.ulst.ac.uk/cds/)<br>• СЕЕ Европа.нет (http://www.seeeurope. net/en/)<br>• Веб страници со информации за оружје пр. Цејн<br>• Веб страница на инвесторите<br>• Културална библиотека за секоја држава |
| **Агенции за вести и онлајн магазини** | • Б92 (http://www.b92.net)<br>• Балкански магазин за врски (http://www.//balkanfire.hypermart.net/index.html)<br>• Центар за мир во Балканот (http://www.balkanpeace.org/)<br>• Центар за јужно источни студирања на Европа (http://www.csees.net/)<br>• Центар за вести и информации на Македонија (http://www.makedonija.com/)<br>• Македонска прес агенција (http://www.mpa.gr/?page=english)<br>• Медиа Центар во Белград (http://www.yumediacenter.com/english/Mlinkovi/mlinke.htm)<br>• Реалност Македонија (http://www.realitymacedonia.org.mk/web/firstpage.asp) |
| **Центри за Мини** | • Мине Ацтион Центре БиХ (http:.bhmac.org/)<br>• Мине Ацтион Центре на Хрватска(http:://hcr.hr/index.php?link=aktualnosti&lang=hr)<br>• УНМИК Мине Ацтион Центре(http:://welcome.to/macckosovo/) |
| **Специјализирани изданија** | • Јанес (http:;// janes.com/) |
| **Културни библиотеки** | • |
| **Вебстрани на инвститори** | • |
| **Интернет машини за истржување** | • Гоогле, Лѕцос, Ѕахоо,Хотбот напр. (http:;// google.com) |
| **Меѓунардони организации и проекти** | • Проект на УНДП за МОЛО Албанија(http://www.undp.org.al/MOLOc/)<br>• Проект на УНДП за МОЛО Косово(http://www.ks.undp.org/Project.ISAC/isac.htm)<br>• Проект на УНДП за МОЛО Македонија(http://www.smallarms.org.mk/)<br>• Проект на СФРО Жетва(http://www.nato.int/sfor/opharvest/harvest.htm)<br>• Дата на податовци на СЕЕСАЦ содржи ифромации за бројот на собраното и уништено МОЛО во ЈИЕ и во други поголеми проекти(http://www.undp.org.yu/MOLO/reppar1.aspx), (http://www.undp.org.yu/MOLO/reppar2.aspx)<br>• Страниците на Анкети на СЕЕСАЦ за МОЛО овозможуваат пристап до националните Анкети за МОЛО што се изведени во државите на ЈИЕ и регионите (http://www.seesac.org/reports/surveys.htm) |

## 3. Собирање на нформации

- Останете фокусирани на главните точки за кои се обидувате да најдете информација, запознајте се со релевантното тело на докази.
- Идентификувајте ги посебните теми и идеи.
- При контактирањето со организащите обидете се да ја најдете личноста кој е стварно надлежна за таа проблематика.

## 4. Анализа

- Забележете ги податоците поврзани со главните теми.
- Обидете се да ги потврдите информациите со вкрстено-проверување
- Разни организации може да имаат разни верување или агенди што тие би саклае да ги промовираат - доколку се сомневате во заклучоците, погледете ги податоците врз кои се базираат тие заклучоци.
- Претставете резиме на наодите, поткрепени со податоци таму каде што е тоа соодветно, секогаш цитирајќи го изворот на информациите.






# Прилог Г
(Информативен)
# Пример за план за работа на Програмата за едукација за намалување на ризикот од МОЛО

Планот подолу покажува како една фиктивна НВО вАрмс Фрее Њитхоут Бордерсг може да иницира и да изведе самостална програма за едукација за ризикот од МОЛО во една земја, погодена од конфликт, со пет реиони.

**1. Анкетната фаза**

- НВО вАрмс Фрее Њитхоут Бордерсг (АФЊБ) изведува брза студија на земјата, резгледувајќи ги расположивите информации за проблемите со МОЛО и заклучува дека програма за едукација за ризиците од МОЛО може да биде и пожелна и изведлива во петте региони.
- АФЊБ идентификува НВО како локален партнер со познавање на регионите зафатени со конфликтот и се вработуваат пет членови на персоналот
- Развиен е општ проект предлог. Тој вклучува:
  - Оценување на потребите во пет региони
  - Анализа и планирање, вклучувајќи и курс за обука на 15 лица
  - Проценет буџет за развивање на активностите со деца во училиштата, за подршка на иницијативи на тинејџерите и работа со мажи и жени во пет села на секој од петте региони (вкупно 25 села)

**2. Оцена на потребите**

- Еден специјалист од АФЊБ организира еднодневни-дводневни работилници за обука за петте членови на персоналот за тоа како да го направат оценувањето на потребите.
- Да се селектираат селата који ќе бидат покријени во секој регион
- Секој член оди во секој регион и поминува една недела интервјуирајќи ги афектираните заедници, локалните власти, организациите и клучните асоцијации. Основните проценки на МЛО знаењата, ставовите и вежбите се спроведени на примерок од популацијата во секоја целна заедница употребувајки КАР прашалници.
- АФЊБ специјалистите се среќаваат на централном ниво со разни Министерства и организации.
- АФЊБ специјалистот подготвува подетална стратегија за донаторите и курсот за обука на персоналот.
- Едно-неделен курс за обука ќе се организира за истите пет члена на персоналот што ќе ги имплементираат активностите на терен. Други заинтересирани организации како и персонал од заинтересираните министерства се поканети да ја следат обуката (на пр. Министерството за Образование доколку активностите ќе се имплементираат со деца)
- За време на курсот, за секоја од петте области, се дискутира прецизна стратегија и се договара согласно наодите на проценките за потребите.
- За време на обуката, се развива планпрограм, се идентификуваат целните групи, се одредуваат пораките за соодветните целни групи, и се идентификуваат селата што ќе бигат цел на програмата. Планот за Побезбедна Заедница се објаснува и се дискутира, вклучувајќи ја и фазата за собирање информации.
- Се развива попрецизна стратегија (на пр. активности што ќе се имплементираат со секоја заинтересирана целна група, а се развиваат и материјали за подршка). Се подготвува проект предлог и се праќа кај донаторите.

- АФБЊ ги определува намерите, целите и показателите заради набљудување и оценување
- Наодите на оценка на потребите се праќаат во форма на извештај кај центрланите и регионалните власти
- Се бара званично овластување од властите за да се работи во избраните села

**3. Анализирање и Планирање**

- Едно-дневна средба со стафот који спровел дискусии за проценка на потребите однаодите и за стратегијата да се имплементира
- АФЊБ специјалистот подготвува подетална стратегија за донаторите и курсот за обука на персоналот.
- Едно-неделен курс за обука ќе се организира за истите пет члена на персоналот што ќе ги имплементираат активностите на терен. Други заинтересирани организации како и персонал од заинтересираните министерсва се поканети да ја следат обуката (на пр. Министерството за Образованије доколку активностите ќе се имплементираат со деца).
- За време на курсот, за секоја од петте области, се дискутира прецизна стратегија и се договара согласно наодите на проценките за потребите.
- За време на обуката, се развива планпрограм, се идентификуваат целните групи, се одредуваат пораките за со одветните целни групи, и се идентификуваат селата што ке бигат цел на програмата. Планот за Побезбедна Заедница се објаснува и се дискутира, вклучувајќи ја и фазата за собирање информации.
- Се развива по прецизна стратегија (на пр. активности што ке се имплементираат со секоја заинтересирана целна група, а се развиваат и материјали за подршка). Се подготвува проект предлог и се праќа кај донаторите.
- АФБЊ ги определува на мерите, целите, и показателите заради набљудување и оценување.
- На одите на оценка на потребите се праќаат во форма на извештај кај центрланите и регионалните власти.
- Се бара званично овластување од властите за да се работи во избраните села.

**4. Дизајнирање и активности за тестирање на теренот и материјали**

- Се обезбедува дополнителна обука за персоналот за активности за деца (на пр. активности од-дете-до-дете, игри, квизови и натпреварувања)
- Се изведуваат практични вежби во три села (три лица за село) вклучувајќи го и Планот за Побезбедна Заедница (се изведуваат активности за деца и возрасни)
- Се бира локална уметничка која ќе помогне во дизајнирањето на материјалите и договорен е состанок со неа за да се дискутира произодството на материјалите за секоја целна група
- Уметничката го подготвува предлогот за материјалите
- Еднодневна обука за члeновите на персоналот за теренско тестирање на материјалите и за дискутирање на активностите имплементирани за време на практичните вежби
- Организирање на теренско тестирање во пет села (еден човек во едно село) со заинтересираните целни групи
- Повратни информации за теренското тестирање се даваат на уметничката која ги врши модификациите
- Теренско тестирање на вториот предлог за материјалите. Повратна информација и вршење на неопходните промени
- Се произведуваат материјалите






## 5. Активности за имплементирање

- Тимот е обучен, планпрограмата, активностите и материјалите се готови
- Членовите на персоналоте започнуваат со работа во одбраните села, имплементирајќи го Планот за Побезбедна Заедница
- Во секоја од одбраните села, тие повторно ги посетуваат реководителите на селата (кои претходно се консултирани во текот на собирањето на информации) за да ја разгледаат програмата План за Побезбедна Заедница и да бараат овластуање да ја имплементираат програмата.
- Во текот на неколку последователни состаноци се прават планови за состанок со клучните групи
- Се одржуваат состаноци и со секоја група се дискутираат проблемите и погледите во врска со МОЛО
- За време на ссотаноците, се водат дискусии и за видот на решенијата што ќе се применат за да се намали ризикот за луѓето во заедницата
- Се идентификува доброволец, од заедницата, кој ќе ја следи оваа проблематика
- Откако ќе се идентификуваат дест доброволци АМЊБ организира  курсеви за обука на доборволците
- Членовите на персоналот на АФЊБ редовно соработуваат со ново наименуваните доброволци и ги подржуваат нивните иницијативи кога е тоа неопходно. Се обезбедуваат материјали и обука согалсно потребите
- Се организираат месечни состаноци со доброволците за да се прати работата, се дискутираат потенцијалните проблеми и се обезбедува подршка
- Се обезбедува повратна ифнормација до останатите организации и властите на соодветен начин, во текот на координативните состаноци
- Активностите и материјалите се набљудуваат и се оценуваат.






















**SEESAC**

South Eastern Europe Clearinghouse for the
Control of Small Arms and Light Weapons

Janka Veselinovića 13, 11 000 Belgrade, Serbia and Montenegro
Tel. (+381) (11) 244 2902 / Fax. (+381) (11) 245 4351
URL: www.seesac.org / Email: info@seesac.org